# Собрание
# на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на осмиот пратенички состав
## на Собранието на Република Македонија
## 10.05.2014 - 17.10.2016

# 1. ВОВЕД

*Почитувани,*

*Пред вас се наоѓа Мандатниот извештај за активностите на Собранието на Република Македонија кој го опфаќа периодот од 10 мај 2014 година до 17 октомври 2016 година. Со тоа се заокружува мандатен период на динамични и турбулентни политички случувања во Република Македонија кои беа пренесени во активностите на Собранието. Би сакал да потенцирам дека и покрај актуелните случувања, основните функции на Собранието, законодавната и надзорната улога беа успешно извршувани.*

*Пратениците на Собранието на Република Македонија донесоа одлука за распуштање на Собранието на седница одржана на 17 октомври 2016 година.*

*Во својот мандат овој собраниски состав оствари значајни активности. Пратениците работеа на донесување на законски решенија кои се однесуваат на постојните и стратешки цели и определби на Република Македонија. Меѓу другото беа разгледувани и донесени законски решенија кои произлегуваа од политичките случувања кои беа актуелни во изминатиот период.*

*Во Извештајот е користена стандардната методологија која прегледно ви ја претставува целокупната активност на Собранието. За време на осмиот парламентарен состав истакната улога имаше и оддржувањето на јавните расправи како начин на подобрување на законските решенија преку вклучување на граѓанскиот сектор и експертската јавност.*

*Би сакал да истакнам дека продолжи успешната соработка на веќе започнатите проекти со амбасади на странски држави и организации, како што е соработката со Швајцарската Амбасада и Националниот демократски институт.*

*Во овој мандат беше задржан интензитетот на дипломатските средби и официјални посети на странски делегации. Како претседател на Собранието цврсто се залагам и верувам дека парламентарната дипломатија е од суштинско значење во градењето на мостови за соработка меѓу различни земји.*

*Би сакал да истакнам дека успешната приказна на Парламентарното собрание на Процесот за соработка на земјите од Југоисточна Европа продолжи и во овој мандат со одржувањето на редовни состаноци и присуствувањето на пратеници од Собранието на Република Македонија на сите настани.*

*Како значаен настан кој го одбележа овој мандат би го споменал претседателството на Република Македонија со Централноевропската иницијатива од кое произлезе одржувањето на Парламентарната димензија во Собранието на Република Македонија.*

*Секако како најголем настан од меѓународен карактер кој го одбележа овој мандат е успешната организација на 15тата Есенска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ која се одржа во Скопје и е воедно најголемиот парламентарен настан кој било кога се случил во Македонија.*

*Почитувани,*

*Оваа публикација е збир на статистички податоци и сметам дека е значаен документ за работата на еден парламентарен состав која може да ја користат идните пратеници или секој кој има потреба за истражувачки цели.*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Македонија***

***Трајко Вељаноски***

СОДРЖИНА

**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **5**
2.1. Изборни резултати 6
2.2. Пратеници 10
2.2.1. Промени во пратенички состав 22
2.3. Промени во структура на пратеници 23
2.3.1. Етничка структура на пратеници по пратенички групи 23
2.3.2. Полова структура на пратеници по пратенички групи 23
2.3.3. Старосна структура на пратеници по пратенички групи 23
2.3.4. Образовна структура на пратеници по пратенички групи 23
**3. Пленарни седници** **24**
3.1. Седници 25
3.1.1. Работни седници 27
3.1.2. Седници на пратенички прашања 28
3.1.3. Други седници 29
3.2 Закони 30
3.2.1 Закони според постапка на донесувањето 36
3.2.2 Закони според предлагачи 37
3.2.3 Недонесени, неприфатливи и повлечени закони 38
3.3. Одлуки 39
3.4. Други акти 40
3.5. Амандмани 41
3.6. Пратенички прашања 43
**4. Работни тела** **45**
4.1. Состав на работните тела 46
4.2. Нагласена улога на работните тела во постапката за донесување на законите 47
4.3. Доминанатна улога на јавните расправи 48
4.4. Комисиска дебата за уставни измени 49
**5.Совети** **51**
5.1. Национален совет за евроинтеграции 52
5.2. Буџетски совет 70
5.3. Совет на Собраниски канал 78
**6. Претседател и потпретседатели** **80**
6.1. Претседател 81
6.2. Потпретседатели 99
**7. Меѓународна соработка** **106**
7.1. Мултилатерална соработка 107
7.2. Билатерална соработка 116
**8. Буџет и инвестиции** **117**
8.1. Буџет 118
8.2. Инвестиции 121
**9. Јавност во работата** **122**
9.1. Собраниски ТВ канал 123
9.2. Електронска комуникација 125
9.3. Средства за јавно информирање 131
**10. Служба на Собранието на Република Македонија** **135**
10.1. Внатрешна организација 136
10.2. Одделение за човекови ресурси 140
10.3. Одделение за внатрешна ревизија 151
10.4. Парламентарен институт 153
**11. Прилози** **165**
Прилог 1 Одржани седници 166
Прилог 2 Донесени акти 172
Прилог 3 Недонесени и повлечени акти 240
Прилог 4 Меѓународни активности 248

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1. ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Осмите предвремени парламентарни избори во Република Македонија, се одржаа на 27 април 2014 година по самораспуштањето на седмиот парламентарен состав на 5 март 2014 година. Гласањето се одвиваше во девет изборни единици по пропорционалниот модел.

Во деветте изборни единици, односно на **3012** избирачки места, од вкупно евидентираните **1 780 128** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го оствариjа **1 118 944** избирачи, односно **62,85%.**

Според утврдените листи на кандидати за пратеници во изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предложени и утврдени **69** листи со вкупно **1 380** кандидати за избор на пратеници, а во изборни единици 7, 8 и 9 се предложени и утвредени **13** листи со вкупно **260** кандидати за избор на пратеници.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати за пратеници со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **297 686** избирачи во избирачкиот список на **522** избирачки места гласале **194 164** избирачи односно **65,22%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **8** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **7** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1,** Демократска унија за интеграција - **3** и Коалиција ГРОМ - **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати за пратеници со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **306 067** избирачи во избирачкиот список на **381** избирачки места гласале **184 176** избирачи односно **60,18%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **10** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **5** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1** и Демократска унија за интеграција - **4** пратенички места.

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **280 890** избирачи во избирачкиот список на **682** избирачки места гласале **198 863** избирачи односно **70,80%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко

земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **13** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **7** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **9** листи на кандидати со вкупно **180** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **280 810** избирачи во избирачкиот список на **599** избирачки места гласале **205 398** избирачи односно **73,14%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **12** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **8** пратенички места.

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за пратеници со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **286 435** избирачи во избирачкиот список на **569** избирачки места гласале **173 402** избирачи односно **61,24%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **11** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **6** пратенички места и Демократска унија за интеграција - **3** пратенички места.

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **304 458** избирачи во избирачкиот список на **516** избирачки места гласале **151 300** избирачи односно **49,69%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од

Македонија освои **4** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **1** пратеничко место, Демократската Партија на Албанците - **5,** Демократска унија за интеграција - **9** и Национална демократска преродба - НДП **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 7**

Во Седмата изборна единица се утврдени **5** листи на кандидати за пратеници со вкупно **100** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **18 911** избирачи во избирачкиот список на **27** избирачки места гласале **8 814** избирачи односно 45,55**%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 8**

Во Осмата изборна единица се утврдени **5** листи на кандидати за пратеници со вкупно **100** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **3 337** избирачи во избирачкиот список на **5** избирачки места гласале **1 845** избирачи односно **55,29%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 9**

Во Деветата изборна единица се утврдени **3** листи со вкупно **60** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **1 534** избирачи во избирачкиот список на **3** избирачки места гласале **982** избирачи односно 64,02**%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **1** пратеничко место.




| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | |
| 1. | КОАЛИЦИЈА ВМРО-ДПМНЕ | 8 | 10 | 13 | 12 | 11 | 4 | 1 | 1 | 1 | 61 |
| 2. | КОАЛИЦИЈА СДСМ | 7 | 5 | 7 | 8 | 6 | 1 | - | - | - | 34 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ) | 3 | 4 | - | - | 3 | 9 | - | - | - | 19 |
| 4. | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА) | 1 | 1 | - | - | - | 5 | - | - | - | 7 |
| 5. | НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА (НДП) | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | 1 |
| 6. | ГРОМ | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| ВКУПНО: | | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *1* | *1* | *1* | 123 |

## 2.2. ПРАТЕНИЦИ

***Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија со новиот парламентарен состав, се одржа на 10 мај 2014 година. На седницата, како најстар пратеник претседаваше Стојан Миланов од Социјалистичката партија на Македонија.***

***За претседател на Собранието беше избран Трајко Вељаноски од ВМРО-ДПМНЕ, на седницата на Собранието, одржана на 2 јули 2014 година за потпретседатели на Собранието на Република Македонија се избрани Антонијо Милошоски од ВМРО-ДПМНЕ, Рафиз Аљити од Демократската унија за интеграција, додека третиот потпретседател Рената Дескоска од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија беше избрана на седницата оддржана на 4 септември 2015 година..***

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Аврамоски Момчило | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 3. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 4. | Адили Зулфи | независен | **од 09.11.2015 од ДУИ во независен** |
| 5. | Алији Газменд | ДПА | |
| 6. | Алити Нора | ДУИ | |
| 7. | Алити Рафис | ДУИ | |
| 8. | Алиу Имер | ДПА | |
| 9. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 10. | Акимовски Сашо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 11. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 12. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 13. | Богоев Стефан | СДСМ | |
| 14. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | 16.12.2015, избрана за член на ДИК, заменета со Хаџиевска Мирјана |
| 15. | Буралиева Љубица | независен | **од 17.06.2014 од СДСМ во независен** |
| 16. | Василевски Сашо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 17. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Георгијев Ален | СДСМ | |
| 19. | Гошев Славе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Груби Артан | ДУИ | |
| 21. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за премиер, заменет со Чибишев Андон |
| 22. | Грчева Солза | независен | **од 17.06.2014 од СДСМ во независен** |
| 23. | Дамчевска Илиевска Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Дарлишта Шкодране | ДУИ | 02.07.2014 - оставка, заменета со Азизи Калтрина |
| 25. | Даскаловски Марјан | СДСМ | |
| 26. | Дескоска Рената | СДСМ | |
| 27. | Деспотовски Благоја | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Димитров Емил | ВМРО-ДПМНЕ | 18.01.2016 - избран за премиер, заменет со Христовска Милка |
| 29. | Димков Трајчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Димова Лидија | СДСМ | |
| 31. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 32. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 33. | Ѓоргиева Милева | СДСМ | |
| 34. | Ѓорѓиевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Ибраими Орхан | ДПА | |
| 38. | Ибрахим Енес | ПДТ | |
| 39. | Иванов Иван | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 40. | Илиоски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 41. | Имероски Фатмир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 42. | Исмаили Реџаил | ДУИ | |
| 43. | Исмајлоска Нола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 44. | Јанкуловска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избрана за министер, заменета со Ангелова Марија |
| 45. | Јосифовски Љубомир | СДСМ | |
| 46. | Камчев Ѓоко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 47. | Канчевска Милевска Елизабета | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избрана за министер, заменета со Јакимовска Светлана |
| 48. | Карапетрова Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Китев Бетиане | СДСМ | |
| 50. | Ковачевски Васко | СДСМ | |
| 51. | Колевски Марјанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 52. | Кузмановска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 53. | Кукоски Дуфе | СДСМ | |
| 54. | Куновска Софија | СДСМ | |
| 55. | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 56. | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Лика Хазби | ДУИ | |
| 58. | Локвенец Хари | СДСМ | |
| 59. | Манаскова Магдалена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 60. | Манчев Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 61. | Мерко Рамиз | ДУИ | |
| 62. | Мехмети Нуредини Вјолца | ДУИ | |
| 63. | Мехмети Деваја Ермира | ДУИ | |
| 64. | Миланов Стојан | СПМ | |
| 65. | Милевски Горан | СДСМ | |
| 66. | Милошоски Антонијо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 67. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 68. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 69. | Митовска Слаѓана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 70. | Митревски Јован | СДСМ | |
| 71. | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 72. | Мукоски Крсто | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 73. | Најденовска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 74. | Настевска Биљана | СДСМ | |
| 75. | Наумовски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 76. | Николиќ Љубиша | ССМ | |
| 77. | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| 78. | Николоски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 79. | Орцев Панче | СДСМ | |
| 80. | Османи Руфи | НДП | 26.05.2014 - оставка, заменет со Емини Асани Мирсада |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **81.** | Пауновски Стојко | СДСМ | |
| **82.** | Пемова Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **83.** | Пепиќ Авдија | СДА | |
| **84.** | Пишев Васил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **85.** | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| **86.** | Попоски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Билали Алим |
| **87.** | Поцков Сашо | СДСМ | |
| **88.** | Рангелова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **89.** | Рустеми Ејуп | ДУИ | |
| **90.** | Саздов Павле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **91.** | Саздовски Чедомир | ГРОМ | |
| **92.** | Салиу Селвије | ДУИ | |
| **93.** | Секуловска Сузана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **94.** | Силјановска Јулијана | СДСМ | |
| **95.** | Синани Јамин | ДУИ | |
| **96.** | Софијанова Аспазија | ВМРО-ДПМНЕ | 23.06.2014 - оставка, заменета со Дамчевска Јасминка |
| **97.** | Спасов Диме | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Данев Драган |
| **98.** | Ставревски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Бојаџиева Благородна |
| **99.** | Стевананџија Димитар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **100.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **101.** | Стојановски Благоја | СДСМ | |
| **102.** | Стојкоски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **103.** | Стојчевска Мира | СДСМ | |
| **104.** | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| **105.** | Талевска Соња | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **106.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **107.** | Тодоров Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Коџобашиев Ѓорѓи |
| **108.** | Топузовска Каревска Роза | ЛДП | |
| **109.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **110.** | Тренов Ромео | ВМРО-ДПМНЕ | 29.10.2015, избран за директор, Заменет со Ефтимов Дајанчо |
| **111.** | Тунтев Томислав | СДСМ | |
| **112.** | Узеири Ферати Мерал | ДПА | |
| **113.** | Фазлиу Беким | ДПА | |
| **114.** | Фејзула Ернад | ДПА | |
| **115.** | Хадри Шпреса | ДУИ | |
| **116.** | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| **117.** | Ципушева Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **118.** | Цуклев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **119.** | Џафери Муса | ДУИ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Ибраими Муса |
| **120.** | Џафери Талат | ДУИ | |
| **121.** | Џемаили Мирван | ДУИ | |
| **122.** | Шахпаска Јагода | СДСМ | |
| **123.** | Шилегов Петре | СДСМ | |
| **124.** | Емини Асани Мирсада | ДУИ | 23.06.2014, наместо Османи Руфи, **од 31.07.2014 од НДП преминува во ДУИ** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **125.** | Чибишев Андон | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Груевски Никола |
| **126.** | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Канчевска Милевска Елизабета |
| **127.** | Дамчевска Јасминка | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Софијанова Аспазија |
| **128.** | Данев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Спасов Диме |
| **129.** | Ангелова Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Јанкуловска Гордана |
| **130.** | Коџобашиев Ѓорѓи | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Тодоров Никола |
| **131.** | Бојаџиева Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Ставревски Зоран |
| **132.** | Билали Алим | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014,<br>наместо Попоски Никола |
| **133.** | Ибраими Муса | ДУИ | 02.07.2014,<br>наместо Џафери Муса |
| **134.** | Азизи Калтрина | ДУИ | 10.07.2014,<br>наместо Дарлишта Шкодране |
| **135.** | Ефтимов Дајанчо | ВМРО-ДПМНЕ | 02.11.2015,<br>наместо Тренов Ромео |
| **136.** | Хаџиевска Мирјана | ВМРО-ДПМНЕ | 30.12.2015,<br>наместо Бонева Силвана |
| **137.** | Христовска Милка | ВМРО-ДПМНЕ | 27.01.2016,<br>наместо Димитриев Емил |

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Александар Николоски


Александар Стојковски


Ане Лашкоска


Антонијо Милошоски


Влатко Ѓорчев


Благица Ласовска


Благоја Деспотовски


Васил Пишев


Васко Наумовски


Весна Дамчевска-Илиевска


Весна Пемова


Даниела Рангелова


Димитар Стеванаџија


Драган Цуклев


Ѓоко Камчев


Зоран Ѓорѓиевски


Зоран Илиоски


Иван Иванов


Илија Димовски


Крсто Мукоски


Лилјана Затуровска


Лилјана Кузмановска


Марјанчо Колевски


Магдалена Манаскова


Момчило Аврамоски

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Нада Ципушева


Никола Мицевски


Нола Исмајлоска


Олга Најденовска


Павле Саздов


Ристо Манчев


Дајанчо Ефтимов


Сашо Аќимоски


Сашо Василевски


Светлана Карапетрова


Мирјана Хаџиевска


Славе Гошев


Слаѓана Митовска


Сузана Секуловска


Соња Талевска


Трајко Вељаноски


Трајчо Димков


Фатмир Имероски


Светлана Јакимовска


Андон Чибишев


Јасминка Дамчевска


Марија Ангелова


Ѓорѓи Коџобашиев


Благородна Бојаџиева


Алим Билали

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Драган Данев


Милка Христова

## Пратеници на кои им престанал мандатот


Силвана Бонева


Ромео Тренов


Емил Димитриев

## Социјалистичка партија на Македонија


Владанка Авировиќ


Љупчо Димовски


Стојан Миланов

## Демократска партија на Турците во Македонија-ДПТМ


Кенан Хасипи

## Демократски сојуз



Павле Трајанов

## Демократска обнова на Македонија-ДОМ



Лилјана Поповска

## Демократска партија на Србите во Македонија



Иван Стоилковиќ

## Граѓанска опција за Македонија



Чедомир Саздовски

## Демократски сили на Ромите



Амди Бајрам

## Странка за демократска акција на Македонија



Авдија Пепиќ

## Независни пратеници



Љубица Буралиева



Зулфи Адили



Солза Грчева

# Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Али Ахмети


Артан Груби


Вјолца Мехмети- Нуредини


Ејуп Рустеми


Рамиз Мерко


Јамин Синани


Мирван Џемаиљи


Нора Алити


Рафис Аљити


Хазби Лика


Селвије Салиу


Џеват Адеми


Шпреса Хадри


Реџаиљ Исмаили


Мирсада Емини Асани


Талат Џафери


Ермира Мехмети-Деваја


Муса Ибраими


Каљтрина Азизи

## Демократска партија на Албанците (ДПА)



Мендух Тачи



Газменд Алији



Орхан Ибраими



Имер Алиу



Мерал Узеири Ферати



Ернард Фејзула



Беким Фазлиу

## Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Ален Георгиев


Бетијане Китев


Билјана Настеска


Благоја Стојановски


Горан Сугаревски


Хари Локвенец


Јагода Шахпаска


Јован Митрески


Јулијана Силјановска


Лидија Димова


Љубиша Николиќ


Маријан Даскаловски


Маријанчо Николов


Миле Андонов


Милева Ѓоргиева


Мира Стојчевска


Панце Орцев


Петре Шилегов


Рената Дескоска


Сашо Поцков


Софија Куновска


Стефан Богоев


Томислав Тунтев


Васко Ковачевски


Стојко Пауновски

## Либерално-демократска партија


Роза Топузова-Каревска


Горан Милевски


Дуфе Кукоски

## Нова социјалдемократска партија (НСДП)


Горан Мисовски


Љубомир Јосифовски


Соња  Мираковска

## Партија за движење на Турците


Енес Ибрахим

## 2.2.1.Промени во пратеничкиот состав 2014-2016

| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 10.05.2014 | 17.10.2016 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 52 | 52 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 3 |
| 3. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 6. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 7. | СРМ | Сојуз на Ромите на Македонија | 1 | 1 |
| 8. | СДАМ | Странка на демократска акција на Македонија | 1 | 1 |
| 9. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 19 | 19 |
| 10. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 27 | 25 |
| 11. | НСДП | Нова социјал-демократска партија | 3 | 3 |
| 12. | ЛДП | Либерално демократска партија | 3 | 3 |
| 13. | ПДТ | Партија за движење на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 14. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 7 | 7 |
| 15. | ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија | 1 | 1 |
| 16. | НДП | Национална демократска преродба | 1 | - |
| 17. | НП | Независни пратеници | - | 3 |
| | | ВКУПНО: | 123 | 123 |

## 2.3. Промени во структурата на пратеничкиот состав

### 2.3.1. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **2014** | **90** | 74 | **27** | 22 | **2** | 1,6 | **1** | 0,8 | **2** | 1,6 | **1** | 0,8 |
| **2016** | **90** | 74 | **27** | 22 | **2** | 1,6 | **1** | 0,8 | **2** | 1,6 | **1** | 0,8 |

### 2.3.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| **2014** | **83** | 67,5 | **40** | 32,5 |
| **2016** | **80** | 65,4 | **43** | 34,6 |

### 2.3.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **2014** | **2** | 2,4 | **26** | 21,1 | **38** | 30,9 | **44** | 35,8 | **8** | 6,5 | **-** | - |
| **2016** | **2** | 2,4 | **25** | 20,3 | **38** | 30,9 | **44** | 35,8 | **9** | 7,3 | **-** | - |

### 2.3.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| **2014** | **2** | 1,6 | **-** | - | **66** | 53,6 | **25** | **7** | **20** |
| **2016** | **2** | 1,6 | **-** | - | **66** | 53,6 | **25** | **7** | **20** |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

# 3. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

## 3.1. СЕДНИЦИ

Седница на Собранието на Република Македонија свикува претседателот на Собранието.

Претседателот на Собранието може да свика седница и по барање на претседателот на Република Македонија, Владата на РМ и најмалку 20 пратеници.

Дневниот ред за седницата на Собранието го предлага претседателот на Собранието, а го утврдува Собранието на почетокот на седницата.

Во предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата ги доставиле овластените предлагачи.

Со седницата претседава претседателот на Собранието, а во случај на негова спреченост, со седницата претседава еден од потпретседателите на Собранието.

Во периодот од 2014 до 2016 година петтиот парламентарен состав оддржа 125 седници. (дијаграм 1)

**ДИЈАГРАМ 1:**



* Времетраењето на седниците

| | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **број на одржани седници** | 29 | 56 | 40 | **125** |
| **поставени точки** | 381 | 1030 | 653 | **2064** |
| **траење во денови** | 51 | 109 | 83 | **243** |
| **траење во часови** | 200 часа | 551 часа и 30 мин. | 440 часа | **1191 часа и 30 мин.** |

- Според бројот на работните денови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **85-та** седница со **14 работни дена** (62 часа и 40 минути).
- Според вкупниот број на работни часови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е **67 -та** седница со **85 часа и 30 минути.**
- Според континуитетот, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е почетокот на **80-та** седница, кој траел **11 часа и 35 минути,** односно од 12,20 часот до 23,55 часот.
- Според вкупниот број на работни часови, најкратки седници на Собранието на Република Македонија се **третата, 13-та, 32-та и 79-та** седница кои траеле по **15 минути**.

## 3.1.1. РАБОТНИ СЕДНИЦИ

На 125-те работни седници одржани во овој мандатен период беа поставени 2.064 точки од кои 7 седници останаа незавршени со 12 точки и тоа 5 закони, 2 одлуки, 3 извештаи и 2 точки кои се однесуваат на уставни измени. Во следнава табела е прикажан видот на акти кои беа поставени на дневен ред на собраниските седници.

| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | прво читање | второ читање | неприфатливи | усвоени | неусвоени | недонесени | неосновани | повлечени | само разгледани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | закони | **1635** | 1140 | 428 | - | 32 | - | - | 2 | - | 28 | - | 5 |
| 2. | одлуки | **264** | 260 | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 | - | 2 |
| 3. | резолуции | **1** | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| 4. | уставни измени | **5** | - | 1 | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | 2 |
| 5. | информации | **3** | - | - | - | - | - | 3 | - | - | - | - | - |
| 6. | програми | **4** | - | - | - | - | 4 | - | - | - | - | - | - |
| 7. | извештаи | **73** | - | - | - | - | 68 | - | - | - | - | 2 | 3 |
| 8. | планови | **6** | - | - | - | - | 6 | - | - | - | - | - | - |
| 9. | интерпелации | **2** | - | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - |
| 10. | автентични толкувања | **63** | - | - | - | - | 11 | - | - | 52 | - | - | - |
| 11. | завршна сметка | **3** | - | - | - | - | 3 | - | - | - | - | - | - |
| 12. | стратегии | **2** | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| 13. | иницијативи | **1** | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| 14. | заклучоци | **2** | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| | **ВКУПНО** | **2064** | **1400** | **429** | **1** | **32** | **98** | **6** | **3** | **52** | **29** | **2** | **12** |

## 3.1.2. СЕДНИЦИ ЗА ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА

Одржани се 22 седници посветени на пратеничките прашања. Овие седници се одржуваа секој последен четврток во месецот.

| СЕДНИЦА | ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ |
|---|---|
| **20 седница** | 30.10.2014 година |
| **23 седница** | 27.11.2014 година |
| **27 седница** | 25.12.2014 година |
| **33 седница** | 29.01.2015 година |
| **38 седница** | 26.02.2015 година |
| **42 седница** | 26.03.2015 година |
| **46 седница** | 30.04.2015 година |
| **52 седница** | 27.05.2015 година |
| **55 седница** | 24.06.2015 година |
| **60 седница** | 30.07.2015 година |
| **66 седница** | 23.09.2015 година |
| **72 седница** | 29.10.2015 година |
| **77 седница** | 30.11.2015 година |
| **84 седница** | 31.12.2015 година |
| **104 седница** | 30.06.2016 година |
| **109 седница** | 28.07.2016 година |
| **121 седница** | 29.09.2016 година |

По периоди изгледа вака

| | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **СЕДНИЦИ** | **3** | **11** | **3** | **17** |

## 3.1.3. ДРУГИ СЕДНИЦИ

**Обраќања - ПЕТ**

- **01.09.2014 - Обраќање на Ендру Шир, претседател на Претставничкиот дом на Парламентот на Канада,**
- 18.12.2014 година - Обраќање на Претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов,
- **20.01.2015 година - Обраќање на Илир Мета, претседател на Собранието на Република Албанија,**
- **04.12.2015 година - Обраќање на Јан Хамачек, претседател на домот на пратеници на парламентот на Чешката република и**
- 22.12.2015 година - Обраќање на Претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов

**Свечени - ЕДНА**

- 12.05.2014 година - Свечена изјава на претседателот на Република Македонија пред Собранието на Република Македонија (2 седница, 12.05.2014 година).

# 3.2. ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија а, пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.

Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.

Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи, може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.

Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно одредбите на Деловникот на Собранието, претседателот на Собранието пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не се поднесен.

Согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието предвидена е и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.

**А) ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА**

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија, кој веднаш а најдоцна во рок три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање:**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието, го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се засновува законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот) во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисија за финансирање и буџет). Оваа комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собрание каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е

прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање:**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање може да поднесуваат амандмани. Амандмани може да поднесуваат пратениците. Но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците може да поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани може да се поднесуваат само на членовите кои се предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани може да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен заодржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање:**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работни тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање, Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон; кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот, додека амандмани на предлогот на законот за трето читање може да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собрание.

**В) ИТНА ПОСТАПКА:**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни  непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договорои поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот во итна постапка  соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"-Меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собрание имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ - 1630




РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО ПЕРИОДИ



Разгледани закони по седници

| седница | разгледани | донесени | недонесени | повлечени | 1 читање | неприфатливи | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 1 | | | 1 | | | |
| 6 | 3 | 3 | | | | | |
| 7 | 1 | 1 | | | | | |
| 8 | 20 | 2 | | | 18 | | |
| 10 | 27 | 16 | | | 11 | | |
| 11 | 20 | 19 | | | 1 | | |
| 12 | 23 | 16 | | | 7 | | |
| 14 | 3 | 3 | | | | | |
| 15 | 28 | 12 | | | 16 | | |
| 16 | 15 | 14 | | | 1 | | |
| 17 | 11 | 8 | | | 3 | | |
| 18 | 1 | 1 | | | | | |
| 19 | 28 | 15 | | | 13 | | |
| 21 | 24 | 14 | | | 10 | | |
| 22 | 1 | 1 | | | | | |
| 24 | 19 | 17 | | | 2 | | |
| 25 | 24 | 11 | | | 13 | | |
| 29 | 29 | 15 | | | 14 | | |
| 30 | 1 | | | | | | |
| 31 | 27 | 18 | | | 9 | | |
| 34 | 10 | 10 | | | | | |
| 35 | 43 | 6 | | | 37 | | |
| 36 | 10 | 10 | | | | | |
| 37 | 34 | 30 | | | 4 | | |
| 39 | 25 | 15 | | | 10 | | |
| 40 | 3 | 3 | | | | | |
| 41 | 13 | 7 | | | 6 | | |
| 43 | 27 | 22 | | | 5 | | |
| 44 | 2 | 2 | | | | | |
| 45 | 13 | 9 | | | 4 | | |
| 47 | 13 | 7 | | | 6 | | |
| 48 | 1 | 1 | | | | | |
| 49 | 25 | 13 | | | 12 | | |
| 51 | 1 | 1 | | | | | |
| 53 | 40 | 26 | | | 14 | | |
| 54 | 23 | 11 | | 1 | 1 | 2 | |
| 56 | 1 | 1 | | | | | |
| 57 | 13 | 11 | | | 2 | | |
| 58 | 1 | 1 | | | | | |
| 59 | 15 | 12 | | | 3 | | |
| 61 | 35 | 35 | | | | | |
| 62 | 82 | 79 | | | 3 | | |
| 63 | 63 | 58 | | | 4 | 1 | |
| 64 | 65 | 64 | | 1 | | | |
| 65 | 4 | 4 | | | | | |
| 67 | 95 | 8 | | | 82 | 5 | |
| 68 | 1 | 1 | | | | | |

| седница | разгледани | донесени | недонесени | повлечени | 1 читање | неприфатливи | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **71** | **105** | 93 | | | 10 | 2 | |
| **73** | **1** | 1 | | | | | |
| **74** | **25** | 20 | | | 3 | 2 | |
| **75** | **5** | 5 | | | | | |
| **80** | **23** | 16 | | 1 | 3 | 3 | |
| **82** | **2** | 2 | | | | | |
| **85** | **73** | 17 | 1 | 1 | 48 | 6 | |
| **86** | **1** | 1 | | | | | |
| **87** | **3** | 3 | | | | | |
| **90** | **3** | 1 | | | 2 | | |
| **91** | **117** | 64 | | 15 | 38 | | |
| **92** | **67** | 60 | 1 | | 1 | 5 | |
| **93** | **17** | 17 | | | | | |
| **94** | **22** | 22 | | | | | |
| **95** | **1** | 1 | | | | | |
| **96** | **8** | 8 | | | | | |
| **97** | **60** | 58 | | | 1 | 1 | |
| **98** | **20** | 14 | | 4 | | 2 | |
| **99** | **12** | 10 | | 1 | | | 1 |
| **101** | **1** | 1 | | | | | |
| **102** | **6** | 4 | | | | | 2 |
| **103** | **5** | 5 | | | | | |
| **107** | **11** | 11 | | | | | |
| **108** | **9** | 8 | | | 1 | | |
| **110** | **3** | 3 | | | | | |
| **111** | **10** | 10 | | | | | |
| **112** | **1** | 1 | | | | | |
| **113** | **7** | 7 | | | | | |
| **114** | **9** | 4 | | 1 | 3 | 1 | |
| **117** | **12** | 8 | | | 2 | 2 | |
| **119** | **3** | 3 | | | | | |
| **122** | **4** | 4 | | | | | |
| **123** | **4** | 4 | | | | | |
| **124** | **18** | 15 | | | 2 | | 1 |
| **125** | **3** | 3 | | | | | |

## 3.2.1. Закони според постапка на донесување






## 3.2.2. Закони според предлагачи






## 3.2.3. Недонесени, неприфатливи и повлечени закони




НЕДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ

| | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Влада** | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **пратеници** | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | **0** | **0** | **2** | **2** |

НЕПРИФАТЛИВИ ЗАКОНИ

| | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Влада** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **пратеници** | 0 | 14 | 17 | 31 |
| **11.069 граѓани** | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **0** | **15** | **17** | **32** |

ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ

| | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Влада** | 0 | 1 | 19 | 20 |
| **пратеници** | 0 | 2 | 5 | 7 |
| **ВКУПНО** | **0** | **3** | **24** | **27** |

## 3.3. Одлуки

Донесени одлуки по предлагачи



## 3.4. Други акти

други акти донесени 2014-2016




неусвоени акти 2014-2016




повлечени акти 2014-2016



## 3.5. Амандмани

Предлогот за изменување или дополнување на предлогот на законот се поднесува во форма на амандман.

Амандман може да поднесе секој пратеник во Собранието, пратеничка група и работно тело.

Амандманот се поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и мора да биде образложен и потпишан од предлагачот.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлагачот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можните извори за обезбедување на тие средства.

Претседателот на Собранието амандманите веднаш ги доставува до пратениците, матичното работно тело и Законодавно-правната комисија каде што се разгледуваат.

На второто читање на седница на Собрание се води претрес само по оние членови од предлог на закон што се изменети со амандмани на работните тела и само на тие членови може да се поднесат амандмани на самата седница




| период | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| **2014** | **559** | 213 | 315 | 31 |
| **2015** | **1175** | 300 | 748 | 127 |
| **2016** | **2791** | 703 | 1022 | 1066 |
| **ВКУПНО** | **4525** | **1216** | **2085** | **1224** |

Амандмани по предлагачи




| предлагачи | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| **Пратеници** | **4316** | *1008* | *2085* | *1223* |
| **Комисии** | **209** | *208* | - | *1* |
| **Вкупно** | **4525** | **1216** | **2085** | **1224** |

## 3.6. Пратенички прашања

| мандатен период | | 2014 | 2015 | 2016 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| број на одржани седници | | **3** | **11** | **3** | **17** |
| број на пратеници кои поставиле пратеничко прашање | | 70 | 119 | 35 | **224** |
| поставени пратенички прашања | политички систем | 13 | 48 | 20 | **81** |
| | економски систем | 66 | 136 | 36 | **238** |
| | јавни дејности | 39 | 90 | 25 | **154** |
| одговорени пратенички прашања | политички систем | 11 | 42 | 18 | **71** |
| | економски систем | 55 | 134 | 33 | **222** |
| | јавни дејности | 37 | 88 | 23 | **148** |
| неодговорени пратенички прашања | политички систем | 2 | 6 | 2 | **10** |
| | економски систем | 11 | 2 | 3 | **16** |
| | јавни дејности | 2 | 2 | 2 | **6** |




| **пратенички прашања** | **2014** | **2015** | **2016** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **политички систем** | *13* | *48* | *20* | *81* |
| **економски систем** | *66* | *136* | *36* | *238* |
| **јавни дејности** | *39* | *90* | *25* | *154* |
| **вкупно** | **118** | **274** | **81** | **473** |

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.1. СОСТАВ НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА

*На почетокот на мандатот на парламентарниот состав на Собранието на Република Македонија за периодот 2014 - 2016 година, со Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14, 114/14 и 142/14) во Собранието на Република Македонија се основани 21 комисија.*

*Согласно со оваа одлука постојаните работни тела разгледуваат предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието, го следат нивното извршување, проучуваат и претресуваат други прашања од надлежност на Собранието.*

Составот на комисиите од редот на пратениците е утврден со Одлука на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 95/14, 104/14, 111/14, 114/14, 138/14, 148/14, 23/15, 59/15, 96/15, 106/15, 155/15, 213/15, 225/15 и 4/16), во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи. Со цел да се обезбеди поголема стручност и транспарентност, со Деловникот на Собранието на Република Македонија е дадена можност во работата на комисиите да присуствуваат и да учествуваат научни, стручни и јавни работници, како и претставници на локалната самоуправа, јавните претпријатија, синдикатот и други институции.

Работното тело има претседател, заменик на претседателот, одреден број членови и нивни заменици.

| РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ |
|---|---|
| Комисија за уставни прашања | претседател + 16 члена и нивни заменици |
| Законодавноправна комисија | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за одбрана и безбедност | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за надворешна политика | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за европски прашања | претседател+ 11 члена и нивни заменици |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | претседател + 8 члена и нивни заменици |
| Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | претседател + 8 члена и нивни заменици |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и од Министерството за одбрана | претседател + 4 члена и нивни заменици |
| Комисија за финансирање и буџет | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за економски прашања | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за транспорт, врски и екологија | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за образование, наука и спорт | претседател + 12 члена и нивни заменици |
| Комисија за култура | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за здравство | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за труд и социјална политика | претседател +12 члена и нивни заменици |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | претседател + 10 члена и нивни заменици |
| Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања | претседател + 8 члена и нивни заменици |

## 4.2. НАГЛАСЕНА УЛОГА НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА ВО ПОСТАПКАТА НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

Со Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/08, 119/10 и 23/13) и Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09), собраниските комисии добија нагласена улога во дебатите за прашања кои се предмет на законодавната дејност, а со тоа и за поквалитетно и поуспешно функционирање на Собранието. Со овие акти е уредена контролната функција на работните тела во врска со утврдувањето и спроведувањето на политиката, извршувањето на законите и другите активности на Владата и на органите на државната управа.

Во оваа насока комисиите, на **989** седници дебатирале по **3.670** точки на дневен ред.

Најголем дел од работата на собраниските комисии беше насочена на законодавната функција на Собранието на Република Македонија. Во собранискиот мандат 2014-2016 година комисиите низ деловнички пропишаната постапката на донесување на законите (прво и второ читање и закони во скратена и итна постапка), расправале за **1130 предлози на закони**, од кои најбројни се законите од **економската сфера (505),** потоа од областа на **јавните дејности (418)** и од сферата на **политичкиот систем (207)**. Во второто читање на законските предлози комисиите поднеле **209 амандман.**

- ***усогласување со европското законодавство***

Белег на комисиското работење во овој пратенички мандат се и дебатите за законски решенија кои произлегуваат од преземените обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и програмите за приближување на националното законодавство кон законодавството на Европската унија. Во функција на нашата нагласена европска определба, во рамките на хармонизирањето на нашето со европското законодавство на дневен ред биле **92 предлози на закони**.



## 4.3. Доминанатна улога на јавните расправи

Во текот на мандатот 2014-2016 година собраниските комисии одржаа **36** јавни расправи по законски предлози и на теми од комисиска надлежност, како една надзорна расправа

Од вкупно одржаните **36** јавни расправи на собраниските комисии, **19** јавни расправи биле посветени на законски предлози во различни фази од нивното донесување, односно на работна верзија на законски проект, пред првото читање и меѓу двете читања на законски предлози.

Јавни расправи во функција на донесување на закони седници одржале: Комисијата за здравство, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Комисијата за транспорт, врски и екологија, Комисијата за европски прашања, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за култура и Комисијата за одбрана.

Членовите на овие комисии дебатираа по:

- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (во фазата на утврдување на потребата од доносување на законот и во првото читање на законот)
- Предлог на закон за општата управна постапка (работна верзија на законот),
- Предлог закон за нотаријат (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за пробација (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител (пред прво читање);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за издавачка дејност (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за музеите (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна (прво читање);
- Предлог закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за скијалишта (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за информативни и рекламни кампањи на јавните институции (пред прво читање);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (меѓу прво и второ читање);
- Предлог закон за Центар за извонредност за трансплантациона медицина и хируршки болести (меѓу прво и второ читање) и
- Предлог закон за слободните здравствени зони (меѓу прво и второ читање).

Во извештајниот период се оджани **17** јавни расправи на теми од надлежност на собраниските комисии. Вакви седници одржаа: Комисијата за здравство, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Комисијата за европски прашања,

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за култура, Комисијата за надворешна политика, Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Комисиите расправале на следниве теми:

- "Итни реформски приоритети за Република Македонија,, (во точките: владеењето на правото и судството, независни и професионални медиуми и слобода на изразување, и деполитизација на јавната администрација);
- "ИПА 2 - (2014-2010) - Предизвици и можности за искористување";
- "Како до европско судство?";
- "Република Македонија на патот кон евроинтеграцијата";
- "Азилот и европското законодавство";
- "Значењето на дијаспората за Република Македонија - политички и економски аспекти";
- "Акциски план за спроведување на препораките од Комитетот за правата на жените во однос на спроведувањето на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените";
- "Родова рамноправност - трендови и предизвици";
- "Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2013 година";
- "Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2014 година";
- "Како до родова рамноправност? ";
- "Новите развојни стратешки цели и родовата еднаквост-еднаквите можности на агендата во Република Македонија";
- "Перинатална, доеничка и смртност на родилки во Република Македонија"; и
- "Обезбедување на одржливост на воспоставените програми за ХИВ по заминувањето на Глобалниот фонд на крајот на 2016 година-можности и предизвици".

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство започна надзорна расправа на тема "Примената на законските и подзаконските прописи во областа на хидромелиоративните системи и хидрометеоролошките работи".

Надзорната расправа не заврши заради завршување на мандатот на овој пратенички состав.

## 4.4. Комисиска дебата за уставни измени

Во пратеничкиот мандат 2014-2016 година актуелни беа предлозите за измена на Уставот на Република Македонија, предложени од Владата на Република Македонија

Комисијата за уставни прашања како матично работно тело за предлозите за уставните измени на две седници расправаше и ги поддржа Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија и Текстот на Нацртот на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVII, XXXVIII и XXXIX на Уставот. Со овие амандмани се предлага: уставно дефинирање на бракот како заедница исклучиво меѓу само една жена и само еден маж; давање уставна можност за основање на меѓународни финансиски зони; менување на називот на Народната банка на РМ во Банка на РМ; уставно дефинирање на Државниот завод за ревизија; воведување на фискални правила, измена во составот на Судскиот совет на РМ со изземање на министерот за правда и претседателот на Врховниот суд како членови по функција и воведување на уставната тужба како нов правен институт.

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | 3 | 4 | - | 1 | - | - | - | - | 3 | **-** | - |
| Законодавно-правна комисија | 193 | 1711 | 8 | 485 | 429 | 636 | **54** | 69 | 77 | **-** | **-** |
| одбрана и безбедност | 48 | 98 | - | 18 | 16 | 45 | **8** | - | 19 | **1** | **-** |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 87 | 232 | - | 60 | 50 | 83 | **61** | - | 34 | **5** | **-** |
| надворешна политика | 42 | 103 | - | 1 | 1 | - | - | 68 | 32 | **1** | **-** |
| европски прашања | 28 | 35 | - | 15 | - | - | - | - | 11 | **9** | - |
| прашања на изборите и именувањата | 49 | 181 | - | - | - | - | - | - | 181 | **-** | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 9 | 18 | - | - | - | - | - | - | 18 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на ком. од страна на МВР, Управа на фин. полиција, Царинска Управа и МО | 4 | 5 | - | - | - | - | - | - | 5 | - | - |
| финансирање и буџет | 126 | 379 | 10 | 109 | 99 | 125 | **4** | - | 36 | **-** | **-** |
| економски прашања | 59 | 160 | - | 46 | 44 | 56 | **11** | - | 14 | **-** | **-** |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 55 | 147 | - | 38 | 32 | 64 | **17** | - | 4 | **-** | **1** |
| транспорт, врски и екологоја | 77 | 125 | - | 82 | 78 | 76 | **17** | - | 37 | **2** | **-** |
| образование, наука и спорт | 46 | 129 | - | 25 | 21 | 77 | **12** | - | 6 | **-** | **-** |
| култура | 29 | 53 | 1 | 10 | 9 | 21 | **1** | - | 8 | **4** | **-** |
| здравство | 46 | 114 | - | 40 | 38 | 35 | **23** | - | 1 | **5** | **-** |
| труд и социјална политика | 59 | 143 | - | 42 | 40 | 51 | **-** | - | 10 | **-** | **-** |
| локална самоуправа | 4 | 5 | - | 2 | 2 | - | 1 | - | 1 | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 19 | 19 | - | 3 | 3 | - | - | - | 13 | 9 | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 6 | 8 | - | - | - | - | - | - | 8 | - | - |
| **Вкупно:** | **989** | **3670** | **19** | **977** | **862** | **1269** | **209** | **137** | **518** | **36** | **1** |

# 5. СОВЕТИ

# 5.1. НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) претставува платформа со инклузивен карактер - овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата.

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето на заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во Европската унија.

Составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Во својата досегашна работа од самото основање во ноември 2007 година, Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати: „обединети во разликите", отвореност и инклузивност. Имено, составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија.

Советот, без исклучок работеше на отворени седници кои беа пренесувани и покриени од заинтересирани медиуми во Република Македонија. Дополнително, Советот направи напор за поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати за важни секторски прашања и политики, преку организирање на отворени јавни расправи - форуми многу пошироки од составот на самиот Совет.

Овој извештај се однесува на работата на Советот за периодот од 10 мај 2014 до 17 октомври 2016 година, и претставува трет мандатен извештај за работата на НСЕИ.

Во овој мандатен извештај се презентирани:

- правната рамка за основање на НСЕИ, надлежности, состав и работа на Советот;
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции;
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции;
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет, организираните јавни расправи и одржани средби од меѓународен карактер и нивно учество во дискусиите;
- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

## I.ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, НАДЛЕЖНОСТИ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2007 година донесе *Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции* ("Службен весник на Република Македонија" број140/07).

Согласно со Одлуката, во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;
-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;
-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;
-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;
-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;
-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и
-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на Република Македонија на 2-та седница одржана на 6 јули 2011 година ја усвои *Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции* ("Службен весник на Република Македонија" број 91/11). Со оваа Одлука, во составот на Советот за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија се предвидоа заменици-членови.

Составот на Националниот совет за евроинтеграции во периодот од 10 мај 2014 до 17 октомври 2016 година беше определен со:
-Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број100/14);
-Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 114/14);
-Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 165/14);
-Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 155/15) и
-Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 225/15).

Претседателот на Советот се избира од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 15 члена и девет заменици членови, и тоа: 9 члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици и 6 члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие 6 членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат 11 номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија.

Начинот на работа на Советот, составот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците-членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со *Деловник на Националниот совет за евроинтеграции.*

Во периодот од почетокот на осмиот парламентарен состав, односно од 10 мај 2014 до 1 септември 2015 година, во работата на Советот не учествуваа претставници на најголемата политичка партија во опозиција. Поради оваа причина не беше донесен нов деловник за работа на НСЕИ. Во периодот од септември 2014 до март 2015 година седниците ги закажуваше и водеше потпретседателот на Советот. На Третата седница на Советот одржана на 12 ноември 2014 година, беше констатирано дека до донесување на нов деловник, Националниот совет ќе продолжи да работи по Деловникот донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година.

Донесувањето на нов деловник на Советот беше поврзано со комплетирањето на составот на НСЕИ како и консензуалната природа на одлучувањето на Советот, односно согласно член 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување. И покрај тоа што од 04 септември 2015 до крајот на парламентарниот мандат Советот работеше со целосен состав, прашањето за донесување на нов деловник не беше разгледано како точка на дневен ред на седниците на Советот.

## II.ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој мандатен извештај Националниот совет за евроинтеграции одржа ***8 (осум) седници***.

Членот 8 од Деловникот за работа на Националниот совет за евроинтеграции, предвидува можност за прашања од заеднички интерес од областа на евроинтеграциите да се одржи заедничка седница со: Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ или друго заинтересирано работно тело на Собранието. Согласно оваа одредба од Деловникот, во извештајниот период беа одржани 3 заеднички седници од кои 2 со Комисијата за европски прашања, и една заедничка седница на трите тела: НСЕИ, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања.

Членовите и претставниците на Советот беа поканети и учествуваа на 2 седници и 7 јавни расправи во организација на Комисијата за европски прашања и на една јавна расправа организирана од Комисијата за здравство.

Во периодот за кој се известува Националниот совет за евроинтеграции расправаше по документи на: Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања), Европската комисија и Европскиот парламент.

***На Првата седница одржана на 24 септември 2014 година***, Советот разгледа 2 документи: *Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014 за периодот од 1 јануари 2014 до 31 март 2014 година и Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014 за периодот од 1 април 2014 до 30 јуни 2014 година*. Двата документи, пред членовите и претставниците на Советот ги презентираше д-р Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, која ја истакна заложбата на Владата на Република Македонија за продолжување со евроатланските интеграци и информираше за постигнатиот напредок во изминатиот период. Советот беше запознат со тековните активности преземени од страна на институциите во насока на подготовка на планирањето на НПАА - ревизија 2015, како и за последните консултации со Европската комисија во врска со редовниот годишен Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014 година. Во расправата на седницата со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: Илија Димовски потпретседател на Советот, Антонијо Милошоски, Нора Алити и Силвана Бонева пратеници и членови на Советот, проф. д-р Димитар Мирчев член на Советот од кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Дарко Ангелов член на Советот од Канцеларијата на Претседателот на Владата, академик проф.д-р Владо Камбовски член на Советот од Македонската Академија на науките и уметностите, Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија, Антони Пешев претставник на Стопанската комора на Македонија и Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија.

***На Втората седница одржана на 14 октомври 2014 година***, која беше заедничка со Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции го разгледа *Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година.* На седницата беа поканети и присуствуваа копретседавачот и членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, Шефот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија и претставници на амбасадите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија. Клучните наоди од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, беа презентирани од страна на г.Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. На заедничката седница свое обраќање имаше Н.Е. Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Во расправата на седницата, со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: Илија Димовски потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, Антонијо Милошоски претседател на Комисијата за надворешна политика, Нора Алити заменик на претседателот на Комисијата за европски прашања, Кенан Хасипи претседател на Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, пратениците: Солза Грчева, Роза Топузовска Каревска, Лилјана Поповска, Павле Трајанов,

Мирван Џемаили, Александар Николоски, Владимир Ѓорчев, и проф. д-р Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија и Насер Селмани од Здружението на новинарите на Македонија.

Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, донесоа заеднички

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. "Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат шестата препорака по ред на Европската комисија, за почеток на пристапните преговори за членство на Република Македонија во Европската унија.
   Советот и двете комисии сметаат дека оценките и коментарите содржани во Извештајот на Европската комисија одразуваат состојби во Република Македонија и постигнати резултати во 2014 година во процесот на европската интеграција, превземените одлуки, имплементираните мерки и донесени закони.
2. Советот и двете комисии истакнуваат дека препораките и заклучоците на Европската комисија презентирани во Стратегијата за проширување и главните предизвици 2014-2015, кои се однесуваат на Република Македонија, претставуваат дополнителен силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за континуитет на превземените реформи со цел воведување на европските стандарди во општеството.
3. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија потврдена и со Меморандумот меѓу политичките партии на Република Македонија потпишан на 16 септември 2013 година, Советот и комисиите укажуваат на потребата за вклучување на политичките партии од опозицијата во работата на Собранието, континуирана соработка и конструктивен и одржлив дијалог меѓу сите политички партии во рамките на институциите.
4. Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат посветеноста, континуираната поддршка и активниот ангажман на Европската комисија, во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.
5. Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања ја истакнуваат потребата од одржување на моментумот во однос на идните предизвици од Охридскиот рамковен договор, кој останува значаен за развој на демократијата и владеење на правото во земјата.
   Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и во иднина треба да послужи како алатка за унапредување на дијалогот меѓу заедниците.
6. Советот и комисиите констатираат дека донесувањето на одлуката да се отворат пристапните преговори ќе претставува придобивка за натамошно зајакнување и одржливост на реформите и за поттикнување на нови реформи во процесот на пристапување, за зајакнување на меѓуетничките односи како и за веродостојна европска перспектива на земјата.
   Се потенцира дека евентуалното непостапување и по овогодишната препорака на Европската комисија наметнува потенцијални тешкотии и предизвици за Република Македонија и за Европската унија, истовремено се доведува во прашање и кредибилитетот на пристапниот процес.
   Во оваа насока и согласно досегашните шест препораки на Европската комисија, се повикува Европскиот совет, конечно да донесе одлука за почеток на пристапните преговори со Република Македонија.
   Се повикува Европскиот совет конечно да одобри преминување кон втората фаза на асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји-членки од една страна и Република Македонија од друга страна.
7. Се укажува на потребата за продолжување на Пристапниот дијалог на високо ниво, при што со отварање на поглавјата се динамизираат активностите за имплементација на европските стандарди, јакнење на демократските институции и владеењето на правото.
8. Советот и двете комисии истакнуваат дека отворањето на пристапните преговори на Европската унија со Република Македонија ќе придонесе за унапредување на меѓусоседските односи, особено на грчко-македонските односи како и за поголемо взаемно почитување, соработка, доверба и партнерство.
   Се поддржува ставот на повеќе земји-членки на Европската унија дека паралелниот тек на преговорите за членството на Република Македонија во ЕУ со текот на грчко-

македонските разговори ќе ја создаде потребната динамика за суштински напредок по двете важни прашања.
Во насока на конечно постигнување на заедничко прифатливо решение во врска со разликите за името, се истакнува дека од суштинско значење е натамошно одржување на македонско-грчкиот дијалог, почитувањето на Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција и пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, од страна на Република Грција, интензивирање на политичката заложба на сите страни вклучени во процесот под покровителство на ОН и активно вклучување на меѓународната заедница.

9. Советот и комисиите ја поздравуваат употребата на придавката "македонски" во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, што е во согласност со принципот на почитување на европските различности и во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија и согласно официјалната терминологија на Обединетите нации.
10. Советот и комисиите препорачуваат надлежните субјекти во државата со целосна одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот на Европската комисија и да преземат мерки и активности за надминување на слабостите, особено оние спомнати во заклучоците и препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2014-2015.
Советот и комисиите предлагаат Владата на Република Македонија да изготви план за реализација на препораките од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, со носители и рокови за реализација.
11. Советот и комисиите ја нагласуваат потребата за континуирано одржување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата и продолжување на соработката со земјите-членки, и повикуваат на позитивна афирмација на Република Македонија како идна полноправна членка на Европската унија.
Се потенцира важноста за продолжување на регионалната соработка и учеството на Република Македонија во регионалните иницијативи, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка, Централно -европската иницијатива, Договорот за енергетската заедница и Централноевропскиот договор за слободна трговија.
12. Националниот совет за евроинтеграции и во иднина ќе продолжи посветено и континурано да ја остварува улогата на инклузивен форум кој што придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и одржувањето на широк национален консензус за европската интеграција на Република Македонија.
13. Со заклучоците од заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014, да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.
14. Заклучоците да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност".

***На Третата седница одржана на 12 ноември 2014 година*** Советот го разгледа *Извештајот за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014, за периодот од 1 јули 2014 до 30 септември 2014 година.* Извештајот, пред членовите и претставниците на НСЕИ го презентираше д-р Фатмир Бесими Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. Советот беше информиран за превземените активности по добивањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година. Како приоритетните области дефинирани и вклучени во подготовката на ревизијата на НПАА за 2015 година беа: политичкиот дијалог, судството, слободата на изразување и медиуми, меѓуетничките односи, добрососедските односи, регионалната соработка. До 11 ноември 2014, беа донесени вкупно 20 закони (51%) и 64 подзаконски акти (44,8%), од проектираните во НПАА. Во однос на економскиот развој, беше забележан раст на БДП од 3,9% за првите шест месеци од годината, и беше најдобар остварен раст во земјите од регионот и на второ место во ЕУ. Во расправата на седницата со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: Илија Димовски Потпретседател на Советот, Антонијо Милошоски, Мерал Узеири Ферати, Нора Алити, Мирван Џемаили, Силвана Бонева, Солза Грчева пратеници и членови на Советот, Орхан Ибраими пратеник и заменик член на Советот, проф.д-р Димитар Мирчев член на Советот од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, академик д-р Владо Камбовски член на Советот од Македонската академија на науките и уметностите и Антони Пешев претставник на Стопанска комора на

Македонија. На седницата, Советот усвои План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација за периодот ноември 2014 -ноември 2015 година.

***На Четвртата седница одржана на 12 март 2015 година*** Националниот совет за евроинтеграции, разгледа два документи: *Националната програма за усвојување на правото на Европската унија НПАА-ревизија 2015 година,* како и *Наративниот преглед на степен на реализација на НПА ревизија 2014 за IV квартал од 2014 година.* Седницата беше заедничка со Комисија за европски прашања. На седницата беа поканети и присуствуваа заменик-претседателот и членовите на Комисијата за надворешна политика, копретседавачот и членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и претставници на амбасади на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2015, како и Наративниот преглед на степенот на реализација на НПАА-ревизија 2014, за IV квартал од 2014 година беа презентирани од страна на г. Фатмир Бесими, Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. НПАА претставува клучен документ за процесот на интеграција во Европската унија, ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, како и прилагодување на националните институции кон европските административни структури. Вицепремиерот Бесими ја истакна важноста на процесот на европската интеграција за Република Македонија нагласувајќи дека покрај предизвиците со кои се соочува земјата, потребно е да остане фокусирана во спроведување на реформите од европската агенда. Во обраќањето г.Бесими истакна дека од предвидените 57 закони за 2014 година, биле донесени 21 закони. Од предвидените 143 подзаконски акти за 2014 година се усвоиле 76 акти, 2 биле во владина постапка, 9 во меѓуресорска постапка, а 4 биле во подготовка кои ќе се следат преку НПАА-ревизија 2015. Клучни елементи при подготовката на ревизијата на НПАА за 2015, биле пресретнување на наодите од Извештајот на Европската комисија за 2014 год. и Стратегијата за проширување 2014-2015 година, обезбедување на натамошното исполнување на приоритетните реформски цели, обезбедување на натамошната реализација на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и натамошно усогласување со европското законодавство. На седницата беа истакнати клучните приоритети во однос на исполнувањето на политичките критериуми, изборната реформа, децентрализацијата, реформата на јавната администрација, реформата на полицијата, соработката со граѓанското општество, борбата против корупција, унапредувањето на слободата на изразување и медиуми, правата на заедниците, регионалната соработка и приоритетите од економските критериуми. Исто така беа потенцирани клучните приоритети во однос на способноста на превземање на обврските од членството во Европската унија во делот на слободно движење на стоки, финансиски услуги, информатичко општество и медиуми, земјоделство и рурален развој, транспортна политика, енергетика, социјална политика и вработување, регионална политика, правда, слобода и безбедност. Во расправата на седницата, со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: Нора Алити заменик на претседателот на Комисијата за европски прашања, Илија Димовски потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, пратениците Шпреса Хадри, Солза Грчева, Силвана Бонева и Владимир Ѓорчев, како и проф. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

На седницата, Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои следното:

**М И С Л Е Њ Е**

**за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година**

1. "Имајќи го во предвид значењето на усогласувањето на македонското со европското законодавство, Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции предлагаат Собранието на Република Македонија да им даде приоритет на разгледувањето и донесувањето на законите, кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2015-2017 година, дадени во Анекс 1;
2. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции препорачуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да ја разгледаат и следат Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2015-2017 година, во одделите и поглавјата соодветно на областа од нивна надлежност;

3. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ги повикуваат работните тела на Собранието на Република Македонија да го следат спроведувањето на Акцискиот план за селектирани приоритети, усвоен од Владата на Република Македонија;
4. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија потврдена и со Меморандумот меѓу политичките партии на Република Македонија потпишан на 16 септември 2013 година, како и препораките во делот на Собранието на Република Македонија од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, Комисијата и Советот ја нагласуваат потребата политичките партии силно да се заложат за остварување на конструктивен и одржлив политички дијалог и дебата во рамките на Собранието.
5. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции укажуваат на потребата од продолжување на Пристапниот дијалог на високо ниво, со цел да се задржи динамиката во спроведувањето на реформите;
6. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ги повикуваат сите општествени субјекти да продолжат да даваат активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија.
7. Комисијата за европски прашања ќе организира јавни расправи за позначајни закони содржани во Анексот 1, на ова мислење, на кои ќе обезбеди поширока расправа и вклученост на сите засегнати страни;
8. Со цел да се обезбеди поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2015 година, Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлог-законите содржани во Анексот 2.
   Во оваа насока, Владата на Република Македонија и надлежните министерства треба да обезбедат пракса на доставување на работни текстови на законите од Анексот 2 од ова Мислење, со цел Советот да може да ги анализира законските предлози и навремено да достави свои предлози, сугестии и препораки што ќе произлезат од јавните расправи.
9. Комисијата и Советот укажуваат на потребата сите закони, со кои се врши усогласување на македонското законодавство со правото на Европската унија и кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - Ревизија 2015-2017 година, дадени во Анекс 1, да бидат обележани со ЕУ знаме, со цел да може полесно да се следи процесот на усогласување на македонското со европското законодавство;
10. Со оглед на значењето на административната поддршка во целокупниот процес на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија, како и во процесот на неговата имплементација Комисијата и Советот предлагаат да се интензивира процесот на обуки за државната администрација, инволвирана во овој процес, со цел за обезбедување на попрофесионална обучена администрација.
11. Националниот совет за евроинтеграции како тело кое овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија, ќе продолжи да остварува конструктивна улога во постигнувањето на широк национален консензус за европската интеграција на Република Македонија.
12. Составен дел на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година, се анексите 1 и 2.
13. Со содржината на ова Мислење да се запознаат Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања и истото да биде објавено на веб-локацијата на Собранието на Република Македонија".

***На седницата[1] одржана на 18 септември 2015 година*** пред Националниот совет за евроинтеграции свое обраќање имаше *г. Јоханес Хан, Комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија.* Обраќањето пред НСЕИ беше во рамките на посетата на Комесарот Хан на Република Македонија и одржувањето на Петтиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво. На седницата беа поканети и присуствуваа претседателите и членовите на Комисијата за надворешна политика, Комисијата за европски прашања и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ. На седницата беа поканети и присуствуваа

[1] Шеста седница на НСЕИ во парламентарниот состав;

претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и амбасадите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија.

Во обраќањето Комесарот Хан посочи дека посетата е во едно исклучително тешко време за европскиот континент кој е соочен со бегалската криза која е предизвик за Европската унија, но и за Република Македонија. Постигнатиот политички договор во јули 2015 годна претставува важен чекор во постигнување на политичкиот дијалог во државата. Беше поздравено враќањето на опозицијата во Собранието, присуството на сите полтички партии во парламентарните комисии и сите други тела во Собранието, како и донесувањето на законот за специјалниот обвинител и неговото именување. Беше изразено задоволство за продолжувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво кој се покажа како важен катализатор на реформите во пет клучни области, преку процес на дијалог и соработка. ПДВН ги вклучува претставниците на четирите политички партии кои го потпишаа договорот во јули, но исто така го вклучува и граѓанското општество. Република Македонија веќе импементираше голем број на реформи, а оние кои остануваат да се имплементираат се амбизиозни и политички тешки, но ќе донесат промени во државата. Комесарот Хан изрази загриженост за политичкото влијание врз независноста на судството. Се искажа очекување избраниот специјален обвинител да ги има потребните ресурси и поддршка во исполнувањето на задачите. Комесарот Хан се осврна на состојбите со медиумите при што изнесе дека клучен елемент во демократијата е слободата на медиумите. Во фокусот на вниманието исто така треба да биде и економското владеење, при што како од голема важност беше оценето подобрувањето на управувањето со јавните финансии и јавните набавки. Потребни се заеднички напори на сите политички партии за намалување на невработеноста и буџетскиот дефицит. Потребно е да се имлементираат преостанатите изборни реформи пред одржувањето на следните парламентарни избори, кои ќе се набљудуваат од меѓународната заедница подетално од вообичаеното. Комесарот Хан упати порака дека ова време е од суштинско значење за Република Македонија и треба да се исполнат сите реформи. Беше најавено дека во октомври, Европската комисија ќе го претстави Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2015 година, за што комесарот Хан изрази надеж дека ќе може да се известат позитивни вести и напредок. На седницата свои обраќања имаа Лидија Димова претседател на Советот, Илија Димовски потпретседател на Советот, Фатмир Бесими Заменик претседател на Владата на Република Македонија, задолжен за европски интеграции. На седницата со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: Ермира Мехмети, Александар Николоски, Кенан Хасипи, Мерал Узеири Ферати и Солза Грчева пратеници и членови на Советот, проф.д-р Димитар Мирчев член на Советот од кабинетот на Претседателот на Република Македонија и Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија.

***На седницата[2] одржана на 23 ноември 2015 година***, Националниот совет за евроинтеграции усвои заклучоци од јавната расправа организирана по *Стратегијата за проширување на Европската унија* - документ на Европската комисија. Во расправата учествуваа членовите на Советот: Мерал Узеири Ферати, Ермира Мехмети, Силвана Бонева, Орхан Ибраими заменик-член на Советот, Илија Димовски потпретседател на Советот и Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции. Имајќи ги предвид мислењата, предлозите, препораки и коментарите кои беа изнесени на јавната расправа организирана на 23 ноември 2015 година, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои следните

**Заклучоци:**

1. "Националниот совет за евроинтеграции констатира дека Стратегијата за проширување на Европската унија претставува важен среднорочен документ кој за првпат го опфаќа целиот период за времетраењето на мандатот на актуелната Европска комисија, односно до 2019 година;
2. Националниот совет за евроинтеграции истакнува дека Стратегијата за проширување на Европската унија предвидува користење на нова методологија во изготвувањето на извештаите за државите кои се во процесот на проширување при што:
   - се констатира и квантифицира тековната состојба во дадената област и тоа со следните оценки: "рана фаза" - "одредено ниво на подготвеност" - "умерено подготвено" - "добро ниво на подготвеност" - "добро напреднато";
   - се дава оценка за постигнатиот напредок во последните 12 месеци и тоа со следните оценки: "назадување" - "нема напредок" - "одреден напредок" - "добар напредок" - "многу добар напредок";
   - се даваат насоки за очекувањата на Европската комисија за следната година во форма на препораки.

[2] Осма седница на НСЕИ во парламентарниот состав.

3. Советот го зеде предвид пристапот од Стратегијата, на „Основното пред се" (Fundamentals First) кој останува во сила, при што се потврдува дека пристапните преговори за членство во ЕУ започнуваат со поглавјето 23 (Судство и темелни права) и поглавјето 24 (Правда, слобода и безбедност).
4. Со новиот пристап, станува повидливо и споредливо исполнувањето на Копенхагенските критериуми, бидејќи секој критериум е тесно поврзан со постигнување на напредок во конкретни поглавја, и тоа:
   - Политичкиот критериум или владеењето на правото и темелните права (Поглавје 5 – Јавни набавки);
   - Економскиот критериум (Поглавје 18 – Статистика),
   - Правниот критериум (постигнувањата во другите поглавја).

   Мадридскиот критериум за членство во ЕУ добива на тежина и се поврзува со конкретно поглавје - Реформа на јавната администрација - поглавје 32 (финансиска контрола).
   Економскиот критериум од минатогодишната стратегија за проширување се видоизменува, покрај досегашното транспарентно управување со јавните финансии се приклучува и економскиот развој како и други европски институции (Советот за економско-финансиски прашања – ЕКОФИН).
   Се воведуваат и пет пилот области за анализа и тоа:
   -Функционирање на правосудството;
   -Борба против корупција;
   -Борба против организираниот криминал;
   -Слобода на изразување,
   -Реформа на јавната администрација.
5. Националниот совет за евроинтеграции констатира дека новата методологија ги прави извештаите споредливи, со што целиот процес на проширување станува поедноставен за водење за Европската комисија. Со оглед дека се наметнува прашањето „Дали се прават обиди за примена на регионалниот пристап?", Советот укажува на потребата да се отвори јавна дебата на оваа тема во која ќе се вклучи пошироката јавност (експертите, граѓанското општество, бизнис секторот, синдикатите и др.)
6. Заклучоците од јавната расправа да се доставаат до Претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателите и членовите на Собраниските работни тела, Претседателот на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија".

***Седницата[3] одржана на 20 јануари 2016 година***, беше заедничка седница на НСЕИ и Комисијата за европски прашања и со истата претседаваше Ермира Мехмети, претседател на Комисијата за европски прашања. На седницата беше претставена *Програмата и презентирани приоритетите за работа на холандското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јануари-јуни 2016 година*, од страна на амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, Н.Е. ВилемВаутер Пломп. На седницата беа поканети и учествуваа членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и претставници на амбасади на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите. На седницата свои обраќања имаа: заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања г.Фатмир Бесими и Н.Е. Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Во расправата со свои мислења, предлози и коментари учествуваа пратениците: Ермира Мехмети, Лилјана Поповска, Орхан Ибрахими, Нола Исмајлоска, Павле Трајанов и Кенан Хасипи, и претставникоот од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија Димитар Мирчев. Во фокусот на дебатата беа приоритетите на Холандското претседателство со Советот на ЕУ и беа разменети мислења и ставови за актуелните состојби во државата од аспект на степенот на реализацијата на политичкиот договор од јуни/јули 2015.

***На седницата[4] одржана на 17 февруари 2016 година*** Националниот совет за евроинтеграции расправаше по *Предлог-резолуцијата на Европскиот парламент за Извештајот на Република Македонија за 2015 година, поднесена од европратеникот и известител за Република Македонија, Иво Вајгл*. Во моментот на одржувањето на седницата на НСЕИ, Предлог-

[3] Единаесетта седница на НСЕИ во парламентарниот состав
[4] Четиринаесетта седница на НСЕИ во парламентарниот состав

резолуцијата беше во фаза на расправа во Европскиот параламент и истата содржеше препорака до Европскиот совет, за отпочнување на преговорите. Во расправата на седницата учествуваа: д-р Фатмир Бесими Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, академик д-р Владо Камбовски од Македонската Академија на науките и уметностите, проф.д-р Димитар Мирчев од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, пратениците Васко Ковачевски, Ане Лашкоска и Светлана Карапетрова, и Трајче Рушев претставник од Министерството за надворешни работи. По Предлог-резолуцијата за Република Македонија, д-р Фатмир Бесими Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, истакна дека текстот на документот е задоволителен за Република Македонија и изрази благодарност за поддршката од Европскиот парламент, за сите можности кои ги нуди институцијата, како и за соработката со известителот Иво Вајгл и другите европратеници. Со формирањето на новата група - Пријатели на Македонија во Европскиот парламент, се зајакнуваат позициите на државата во однос на евроинтеграциите. Соработката со Европската унија беше оценета како одлична и се изрази задоволство од сѐ почестата комуникација со институциите на Унијата. Во документот беа нотирани аспектите утврдени со политичкиот договор и очекувањата за останатите реформи, за фер и демократски избори како и реализација на Итните реформски приоритети. Господин Бесими ја потенцираше важноста на соработката со Европскиот парламент на институционално ниво меѓу парламентарните групи, како и од индивидуалните соработки на различни политички партии. Во расправата на седницата се укажа на потребата од подобрување на текстот на Предлог-резолуцијата и амандманите преку искористување на различните механизми на делување на Министерството за надворешни работи и Мисијата на Република Македонија во Брисел, Кралството Белгија. Се потенцираше потребата во иднина Собранието со консензус да гради заеднички став за предлог-резолуциите за Република Македонија во Европскиот парламент и за истите да се дебатира на седници на надлежните собраниски тела. Учесниците во дискусијата нотираа дека Предлог-резолуцијата и поднесените 270-те амандмани на европратениците содржат одредби кои се однесуваат на: бегалската криза, состојбата околу човековите права во Република Македонија, третманот на барателите на азил, неопходноста да се пристапи кон Конвецијата за намалување на лица без државјанство од 1961 година, подобрување на борбата против трговијата со луѓе, како и за спроведување на законската регулатива. Во дискусијата се укажа и на актуелната политичка состојба во државата, состојбата околу медиумите и потребата од целосно исполнување на политичкиот договор од јуни/јули минатата година. Учесниците во дебатата укажаа дека проектот на евроатлантските интеграции е проект чија сопственост е општа и не припаѓа на ниту една политичка група. На седницата на Советот стана збор и за потребата за унапредување на соработката меѓу Министерството за надворешни работи и Националниот совет за евроинтеграции. Во оваа насока беше разговарано за можноста предлог-резолуциите во иднина Министерството да ги доставува и до Националниот совет, со цел да се даде можност Советот да изгради мислење и став по документот како и околу можностите за делување за подобрување на текстот. На истата седница беше разгледан и Извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за 2015 година, подготвен од Секторот за поддршка на Советот. Извештајот беше оценет како квалитетен и детален, но не беше усвоен поради немање на кворум на членови на Советот со право на одлучување.

## III.ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој мандатен извештај, Националниот совет за евроинтеграции организираше ***7 (седум)*** јавни расправи. Во организирањето на јавните расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема вклученост и отвореност. Беа направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, здруженија на граѓани, како и експерти од академските и стручните институции.

*На 2 септември 2015 година* Националниот совет за евроинтеграции заедно со Собраниската Комисија за одбрана и безбедност организираше ***Јавна расправа по Предлог законот за безбедност на сообраќајот на патиштата***. Предлогот на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата беше дел од Анексот-2 кој беше составен дел на усвоеното Мислење на Националниот совет за евроинтеграции за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2015 година. На јавната расправа покрај членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции, членовите на Комисијата за одбрана и безбедност беа поканети и потпретседателите на Собранието, членовите на Комисијата за европски прашања и на Законодавно-правната комисија на Собранието, претставници на ресорните министерства во Владата на Република Македонија, државни институции, претставници на универзитети и

граѓански организации кои работат во областа. На јавната расправа беа поканети претставници од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија и претставници од амбасадите на земјите-членки на ЕУ. Предлог-законот на јавната расправа го образложи државниот секретар во Министерството за внатрешни работи Анастасија Илиевска, при што истакна дека јасно утврдената и декларирана цел на Република Македонија за интегрирање во ЕУ како и создавањето услови за примена на европските стандарди во националното законодавство, го отвори прашањето за усогласување на одредени прашања од областа на сообраќајот на патиштата. Предлог-закон претставуваше резултат на мултисекторски пристап и сеопфатна анализа во која биле консултирани низа засегнати страни. Централната улога при подготовката на законот ја имала комисија формирана од министерот за внатрешни работи, во чиј состав учествувале претставници од стручни организациски единици од министерството. Подготовката на законот траела една година, а како заинтересирани страни биле консултирани: Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, овластени испитни центри и автошколи, градот Скопје, Министерството за локална самоуправа, единиците на локалната самоуправа, Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Секретаријатот за законодавство, Министерството за финании и др. На јавната расправа со свои мислења, предлози, забелешки и коментари учествуваа: Стојче Стаменковски претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Благоја Мартиновски и Ленин Јовановски од Мотоциклистичка федерација на Македонија, Ранко Станојковски од Автомобилистичка федерација на Македонија, Влатко Ѓуроски од Автомото сојуз на Македонија, Јонче Апостоловски од Национално здружение на автошколи и возачи-инструктори, и пратениците Нола Исмајлоска Старова, Роза Топузова Каревска, Павле Трајанов и Андон Чибишев. Во дискусиите беше поздравено донесувањето на нов закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, истиот беше оценет како многу значаен како и се укажа на потребата за допрецизирање и подобрување на одредени решенија со цел да се донесе квалитетен закон како и за негова ефикасна примена во праксата.

*На 23 ноември 2015 година,* Националниот совет за евроинтеграции организираше ***Јавна расправа за Стратегијата за проширување на Европската унија.*** Целта на организирањето на јавната расправа беше важноста на стратешкиот документ подготвен од Европската комисија, кој се однесуваше на политиката за проширување на ЕУ. Стратегијата го опфаќа периодот на мандатот на Европската комисија и особено го имаше предвид новиот воведен пристап во годишното известување за напредокот. На јавната расправа беа поканети и присуствуваа претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, претставници од институции и организации на граѓанското општество кои работат во областа на европските интеграции. На јавната расправа присуствуваа и претставници од амбасадите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија и од амбасадите на земјите од процесот на проширување на ЕУ. На јавната расправа се обрати Фатмир Бесими, Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, кој изнесе дека и покрај актуелните предизвици со кои се соочува Европската унија, добра вест е што проширувањето продолжува да биде на агендата на Европската комисија. Господин Бесими информираше дека препораките од Извештајот за Република Македонија за 2015 година, биле земени во Акцискиот план за реализација на итните реформски приоритети, чии мерки и активности ќе продолжат редовно да се следат. Во Пакетот на документи за проширување 2015, кој ја вклучува Стратегијата за проширување на ЕУ и извештаите за 2015 година на земјите кандидати за членство во Унијата како и на земјите потенцијални кандидати, Европската комисија воведе нова методологија и зајакнат пристап во проценката на постигнатиот напредок. Посебно внимание во Стратегијата се посветува и на регионалната соработка преку Берлинскот процес и приоритетите од агендата за поврзаност. Во Стратегијата за проширување на ЕУ, беа дадени заклучоци и препораки за Република Македонија како и клучните наоди од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2015, од апсект на политичките и економските критериуми, и способноста за преземање на обврските од членството во Унијата. На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: Лидија Димова претседател на НСЕИ, Ермира Мехмети претседател на Комисијата за европски прашања и член на НСЕИ, д-р Димитар Мирчев член на Советот претставник од кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Мерал Узеири Ферати член на НСЕИ, Кенан Хасипи копретседавач со Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ и член на НСЕИ, Васко Ковачевски член на НСЕИ и Бојан Маричиќ претставник од Македонскиот центар за европско образование. Во дебатата беше истакнато дека Стратегијата за проширување на ЕУ ги става земјите од регионот во систем на споредување, но сепак останува индивидуалниот пристап, односно оценување на постигнатиот напредок. Клучни области во кои Европската комисија очекува напредок во Република Македонија се:

продолжување на реформите во правосудството и јавната администрација, имплементацијата на законодавството, целосно спроведување на препораките од "Итните реформски приоритети на ЕК", да се подобри целокупното проектирање, транспарентност и спроведувањето на буџетот, како и да се преземат решителни чекори кон решавање на прашањето за името.

Националниот совет за евроинтеграции на *22 декември 2015 година*, организираше јавна расправа на тема ***"Република Македонија во Европската енергетска рамка".*** На јавната расправа предмет на дебата беше постојната Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2010 со визија до 2030, како и Нацрт-стратегијата заразвој на енергетиката во Република Македонија до 2035 година подготвена од Македонската академија за науки и уметности. Од страна на претставникот од Центарот за истражување и информирање за животната средина "Еко-свест" беше презентиран документ - Анализа на сценаријата за пристапувањето во ЕУ низ призмата на имплементацијата на Стратегијата за енергетика, емисиите и целите утврдени од страна на ЕУ и во другите меѓународни договори. На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за економски прашања, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, претставници од институции и организации на граѓанското општество кои работат во областа на енергетиката и европските интеграции. На јавната расправа присуствуваа и претставници од амбасадите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија и од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија. На јавната расправа свои обраќања имаа: претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Лидија Димова, претставниците од Македонската академија за науките и уметностите академик Глигор Каневче и проф.Наташа Марковска, претставникот на Министерството за економија и Државен советник за енергетика и минерални суровини Виолета Кецкаровска, и претставникот од Центарот за истражување и информирање за животната средина "Еко-свест" Ана Чоловиќ Лешовска. На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: Солза Грчева пратеник и член на Националниот совет за евроинтеграции, Лилјана Поповска пратеник и член на Комисијата за надворешна политика, проф.др.Константин Димитров од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија, Александра Бујароска од Фронт 21/42, Невена Смилевска од "Еко Свест", Соња Ристеска од Аналитика, Андреја Стојковски од Македонскиот центар за европско образование, Александар Дуковски директор на Агенција за енергетика на Република Македонија, Александар Гочев од План 4Д и Џелал Хоџиќ од граѓанската иницијатива "Аман".

*На 24 декември 2015 година*, Националниот совет за евроинтеграции организираше јавна расправа за ***"Итните реформски приоритети за Република Македонија"***, документ на Европската комисија од јуни 2015 година. Итните реформски приоритети кои треба да се исполнат од страна на Република Македонија се однесуваат на следните области: владеење на правото и фундаменталните права, деполитизацијата на јавната администрација, слободата на изразување и изборната реформа. На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Министерството за одбрана, претставници од институции како и организации на граѓанското општество кои работат во областа на европските интеграции. На јавната расправа присуствуваа и претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и од амбасади на земји-членки на ЕУ во Република Македонија. На јавната расправа се обрати Фатмир Бесими, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции, при што истакна дека Итните реформски приоритети се тесно поврзани со двата документи кои ги усвои Европската комисија - Стратегијата за проширување на ЕУ и Извештајот за Република Македонија за 2015 година. Вицепремиерот информираше дека Владата на Република Македонија со засилено темпо работи на зголемување на степенот на реализација на препораките од Итните реформски приоритети кои се и предуслов за непречено организирање на парламентарани избори во 2016 година. Секретаријатот за европски прашања со цел непосредно да се запознае со статусот на реализација на активностите поврзани со Итните реформски приоритети, започнал процес на остварување на институционални посети при што била реализирана посета на Министерството за информатичко општество и администрација и на Министерството за внатрешни работи, и најави посети и на други институции. На јавната расправа беа изнесени мислења и ставови во однос на владеењето на правото и судството, парламентарниот надзор над следењето на комуникациите, регулаторните, контролни и надзорни тела, антикорупциските политики, деполитизацијата на јавната администрација, изборната реформа, слободата на изразување, како и за препораките на Комисијата за

испитување за настаните во Собранието од 24 декември 2012 година. На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции, Ермира Махмети, претседател на Комисијата за европски прашања, Димитар Стевананџија член на Советот, Горан Мисовски претседател на Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите, Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество, Самка Ибраимовски од ПЦЕР, Бојан Маричиќ од Македонски центар за европско образование, Фани Каранфиловска Паневска од Фондација отворено општество-Македонија, Билјана Бејкова од НВО Инфо центар и Миша Поповиќ од Институт за демократија "Societas civilis".

*На 4 февруари .2016 година* Националниот совет за евроинтеграции организираше јавна расправа на тема ***"Улогата на граѓанскиот сектор во процесот на европска интеграција на Република Македонија".*** На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, како и претставници од државни институции, општините и голем број на организации на граѓанското општество. На јавната расправа присуствуваа претставници од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија и од амбасади на земји-членки на ЕУ во Република Македонија. На јавната расправа свое обраќање имаше г.Фатмир Бесими, заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции, при што информираше дека Владата на редовна основа ги консултира граѓанските организации за значајни теми поврзани со нивното општествено делување. Со свои мислења, предлози и коментари на јавната расправа учествуваа: Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции, Кенан Хасипи, Солза Грчева членови на Националниот совет за евроинтеграции, Димитар Мирчев член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, Томислав Тунтев пратеник и заменик-член на Комисијата за надворешна политика, Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, како и претставници од граѓанските организации: Ана Чоловиќ Лешоска и Невенка Смилевска од "Еко-свест", Александар Николов од Асоцијација на развојни иницијативи "Зенит", Александар Јовановски од Институтот за европски политики, Андреа Стојковски од Македонскиот центар за европско образование, Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество, Миша Поповиќ од Институт за демократија "Социетас цивилис", Александар Гавриловски од здружение "Иницијатива" од Прилеп, Савка Тодоровска од Националниот совет на жени на Македонија, Благој Шаклевски претседател на Комисијата за меѓународна соработа и евроинтеграции при општина Битола и Александар Гочев од "План 4Д". На јавната расправа беа изнесени различни мислења и ставови во однос на улогата и статусот на граѓанскиот сектор, за одредбите од Законот за здруженија и фондации кои ја уредуваат оваа област, за потребата од потранспарентен однос на институциите кон граѓанскиот сектор особено во процесот на креирање на политиките, потребата за дестигматизирање на невладините организации. Во излагањата на учесниците се потенцираше и потребата за зајакната соработка на граѓанските организации особено на локално ниво, потребата од економска независност и самоодржливост на организациите, децентрализација на целите и овозможување поединецот да учествува во креирање на општествените политики, потребата за демонополизација на изворите на финансирање, за интердисциплинарен пристап во дејствувањето на невладините организациии и утврдување на областите на делување. Во дискусијата беа изнесени и различни толкувања и сфаќања што воопшто претставува невладиниот сектор, а стана збор и за репрезентативноста на невладините организации и потребниот легимитетот да се биде дел од овој сектор, потребата за формирање на Национален фонд за финансирање, потребата за поголема комуникација и соработка со Собранието на Република Македонија, за значењето и активностите на лоби групите и тинк-тенк организациите, експертизата на невладиниот сектор, финансирањето од странски донатори, за политичкиот дијалог во процесот на пристапување кон ЕУ, даночните олеснувања, како и за подобрување на процесот на донесување на закони.

Националниот совет за евроинтеграции *на 12 февруари 2016 година* организираше јавна расправа на тема ***"Гејмингот како комерцијална дејност".*** На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на: Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешни работи, Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, Комисијата за транспорт, врски и екологија, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за образование, наука и спорт, Комисијата за здравство, Комисијата за еднакви можности за жените и мажите, како и претставници од државни институции, организации на граѓанското општество и претставници на Македонската заедница на гејмери. На јавната расправа воведни излагања имаа претставниците од заедницата на гејмери: Ана Тодоровиќ на тема "Гејмингот и образованието вклучително и вештините", Мартин Поповски на тема "Гејмингот и популарноста", Кирил Огненов на тема

"Негативните страни на гејмингот", и Самоил Петревски за темата "Дали гејмингот е комерцијална дејност".

Со свои мислења, предлози и коментари на јавната расправа учествуваа: Антони Пешев претставник од Стопанската комора на Македонија, Тамара Ресавска и Адријана Селмани од фондацијата "Метармофозис", Бобан Тотовски претставник од "ТНТ" и претседател на Македонската федерација за е-спорт; Стефан Алексиќ од Младински образовен форум; Горазд Димов од План 4Д; од заедницата на гејмери: Јане Здравевски, Стефан Петков, Мартин Стојановски, Емир Муриќ, Александар Димовски, Игор Цветковски, Аврам Ќипровски, Оливер Здравевски, Мартин Поповски. На јавната расправа беа изнесени голем број на различни мислења и ставови од кои како клучни поенти може да се согледа дека: има потреба гејмингот да се признае како е-спорт со цел да добие соодветен институционален третман; постои потреба од поддршка преку посебна федерација која ќе ги застапува интересите на гејмерите; потреба за набавка на акредитации и лиценци; гејмингот може да најде соодветна примена во образованието особено во наставниот процес за совладување на наставната програма; гејмингот може значително да го подобри совладувањето на група на вештини (тимска работа, учење на странски јазици, пристап до решавање проблеми, родова свесност и др); гејмингот преку учеството во меѓународните турнири е одлична можност за популаризација на Република Македонија на меѓународно ниво; гејмингот отвара големи можности за бизнисот и истите треба да се искористат; има потреба гејмингот законски да се регулира и соодветно финансиски да се поддржи; има потреба за организирање на повеќе дебати во иднина и за зголемување на јавната свест кај граѓаните за оваа дејност; проблемот на безбедноста и заштита на личните податоци е поврзан со свесноста на дејноста-гејминг.

Националниот совет за евроинтеграции на 13 септември 2016 год. организираше јавна расправа на тема ***"Раскрстување со минатото според препораките на Европската комисија".***Целта на јавната расправа беше да се отвори поширока дебата за реализацијата на препораките од Европската комисија од Итните реформски приоритети од јуни 2015 година, кои се однесуваат на лустрацијата. На јавната расправа беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во Собранието на Република Македонија, Комисијата за верификација на фактите, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Управниот суд, Вишиот управен суд, претставници од институции и организации на граѓанското општество кои се вклучени во процесот на лустрација и негова анализа. Во рамки на Итните реформски приоритети за Република Македонија од Европската комисија од јуни 2015 година е нотирано дека треба да се адресираат сериозните недостатоци на лустрацијата и да се ревидира/повлече Законот за лустрација и неговото спроведување (особено имајќи го предвид *amicus curiae* мислењето на Венецијанската комисија) во однос на временските ограничувања, заштитата од политички, идеолошки или партиски причини кои се користат како основи за лустрација, како и исклучување на лица на приватни или полуприватни позиции и посилна заштита на идентитетот на субјектите до конечната судска одлука. Собранието на Република Македонија постапи по овие препораки и на 21 август 2015 година го донесе Законот за престанување на важноста на Законот на определување услов за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност со што Законот за лустрирање престана да важи од 1 септември 2015 година. На јавната расправа беа изнесени мислења и ставови во однос временската рамка која го опфаќа процесот на лустрација во Република Македонија, последиците врз општествено-политичкиот живот во државата од спроведувањето на лустрацијата, карактеристиките на моделот на лустрација спроведен во Република Македонија и негова споредба со моделите на лустрација реализирани во источно-европските земји. Присутните дебатираа и за импликациите од процесот на лустрација врз безбедносниот систем на државата, неговата транспарентност, стигматизацијата на лустрираните граѓани, како и можноста за остварување на материјална и морална сатисфакција во случај на неправедно спроведена лустрација. Со свои мислења, предлози и коментари на јавната расправа учествуваа: Владимир Пивоваров од МИТ Универзитет-Скопје, Темелко Ристески од Институт за човекови права, Никола Бабовски, претседател на Демократскиот сојуз на власите, Благоја Гешоски и Чедомир Дамјановски, поранешни членови на Комисијата за верификација на фактите, Трендафил Ивановски, поранешен судија на Уставниот суд и лустриран граѓанин, Сашо Орданоски, новинар, Никола Костурски, лустриран граѓанин, Нора Шаќири Марковиќ граѓански активист, Бојан Маричиќ од Македонскиот центар за европско образование, Ставре Џиков и Игор Спировски адвокати, Ване Цветанов од Здружението на граѓани Зелена Лупа - Скопје, Томе Аџиев претседател на Комисијата за верификација на фактите, проф. д-р Новица Велјановски, Ристана Лалчевска и Предраг Димитровски членови на Комисијата за верификација на фактите,

Љубомир Јосифовски, Васко Ковачевски и Орхан Ибраими пратеници во Собранието на Република Македонија.

***Извештаи од јавните расправи на НСЕИ***

Од јавните расправи кои беа организирани во мандатниот период беа изготвени извештаи во кои беа вградени сите одделни мислења, предлози, коментари, препораки и забелешки што беа изнесени на јавните расправи. Извештаите редовно беа доставувани до претседателот на Собранието и надлежните Собраниски тела. Извештаите од јавните расправи се објавени на Собраниската веб страна, во делот на НСЕИ.

**Одржана средба од меѓународен карактер**

Во рамките на посетата на Република Македонија на г-ѓа Рене Џоунс-Бос, заменик-министер за надворешни работи на Кралството Холандија, на 29 октомври 2015 година се одржа средба со претседателот на Советот г-ѓа Лидија Димова, потпретседателот на Советот г.Илија Димовски и членовите г-ѓа Ермира Мехмети и г. Кенан Хасипи. Претседателот на Советот ја запозна г-ѓа Џоунс-Бос со составот и работата на Советот, изрази задоволство од средбата што е показател на одличната соработката меѓу двете држави. Заменик-министерот Џоунс-Бос посочи дека Кралството Холандија ја дели нашата загриженост во однос на евроинтеграциите, но и понатаму ќе остане наш поддржувач во пресрет на Холандското претседателство во периодот јануари-јуни 2016 година. На средбата се разговараше за актуелната политичка ситуација во земјата, постигнатиот договор од јуни 2015, измените во законодавството, бегалската криза, како и за очекувањата од Извештајот на ЕК за Република Македонија за 2015 година.

**IV. Присуство на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции на седниците, организираните јавни расправи и нивно учество во дискусиите.**

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на НСЕИ и нивното учеството во дискусиите беа одржаните седници на НСЕИ и организираните јавни расправи во периодот од 10 мај 2014 до 17 октомври 2016 година.

Во предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуство на членовите и претставниците на НСЕИ (за седници и јавни расправи), записниците од седници, извештаи од јавни расправи и стенографски белешки).

Присуство на седници и јавни расправи на Националниот совет за евроинтеграции
во мандатниот период од 10 мај 2014 до 17 октомври 2016 година

| Активности / член / претставник | седници / 8 | | Јавни расправи / 7 | |
|---|---|---|---|---|
| | **Присуство** | **Процент** | **Присуство** | **Процент** |
| Лидија Димова[5] | 3 | 37% | 6 | 86% |
| Илија Димовски | 6 | 75% | 2 | 29% |
| Силвана Бонева / Димитар Стевананџија[6] | 8 | 100% | 4 | 57% |
| Александар Николоски[7] | 7 | 87% | 5 | 71% |
| Мирван Џемаили[8] | 4 | 50% | 1 | 14% |
| Мерал Узеири Ферати[9] | 5 | 62% | 2 | 29% |
| Солза Грчева | 4 | 50% | 5 | 71% |
| Васко Ковачевски[10] | 3 | 37% | 4 | 57% |
| Ермира Мехмети[11] | 6 | 75% | 3 | 43% |
| Антонијо Милошоски[12] | 7 | 87% | 2 | 29% |
| Кенан Хасипи | 7 | 87% | 5 | 71% |
| Фатмир Бесими | 7 | 87% | 3 | 43% |
| Дарко Ангелов | 3 | 37% | 0 | 0% |
| Димитар Мирчев | 8 | 100% | 2 | 29% |
| Владо Камбовски | 4 | 50% | 0 | 0% |
| Жика Стојановски | 2 | 25% | 0 | 0% |
| Насер Селмани | 3 | 37% | 0 | 0% |
| Антони Пешев[13] | 6 | 75% | 2 | 29% |
| Данела Арсовска[14] | 8 | 100% | 5 | 71% |
| Живко Митревски | 5 | 62% | 1 | 14% |
| Благоја Ралповски | 1 | 12% | 2 | 29% |
| Слободан Антовски | 1 | 12% | 1 | 14% |
| Бобан Митевски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Лулзим Хазири | 3 | 37% | 1 | 14% |
| Шинази Мемеди | 5 | 62% | 7 | 100% |
| Павлина Манавска Христина Танчева[15] | 5 | 62% | 5 | 71% |
| Валентина Зафировска Јана Ничота[16] | 4 | 50% | 0 | 0% |

[5] Учествува во работата на НСЕИ од 01.09.2015 година.
[6] На јавната расправа на 24.12.2015 присуствува Димитар Стевананџија член на Советот од 22.12.2015 година. На јавната расправа на 05.02.2016 присуствува Лилјана Затуроска, заменик член на Советот;
[7] На јавната расправа на 24.12.2015 и 13.09.2016 присуствува Лилјана Затуроска, заменик член на Советот;
[8] На I-ва седница присуствува Артан Груби, заменик-член на Советот;
[9] На XI-та седница присуствува Орхан Ибраими, заменик-член на Советот.
[10] Учествува во работата на НСЕИ од 01.09.2015 година.
[11] На I, II, III и IV седница и на јавната расправа на 13.09.2016 присуствува Нора Алити, заменик-член на Советот;
[12] На 4 седници и 2 јавни расправи присуствува Светлана Карапетрова заменик-член на Советот;
[13] На II седница присуствува Елена Милевска Штрбевска, заменик претставник од Стопанска комора на Македонија
[14] На сите седници и јавните расправи присуствува Митко Алексов, заменик-претставник од Сојузот на стопанските комори на Македонија;
[15] На VI седница и на 4 јавни расправи присуствува г-ѓа Христина Танчева, претставник од Евангелско-методистичка црква во Македонија од 25.11.2015 година.

Учество во дискусија на седници и јавни расправи на Националниот совет за евроинтеграции во мандатниот период од 10 мај 2014 до 17 октомври 2016 година

| Активности / член / претставник | седници / 8 | | Јавни расправи / 7 | |
|---|---|---|---|---|
| | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Лидија Димова | 3 | 37% | 6 | 86% |
| Илија Димовски | 6 | 75% | 1 | 14% |
| Силвана Бонева / Димитар Стеванаџија[17] | 4 | 50% | 1 | 14% |
| Александар Николоски[18] | 3 | 37% | 0 | 0% |
| Мирван Џемаили | 2 | 25% | 0 | 0% |
| Мерал Узеири Ферати[19] | 4 | 50% | 2 | 29% |
| Солза Грчева | 3 | 37% | 2 | 29% |
| Васко Ковачевски | 1 | 12% | 2 | 29% |
| Ермира Мехмети[20] | 7 | 87% | 2 | 29% |
| Антонијо Милошоски[21] | 4 | 50% | 0 | 0% |
| Кенан Хасипи | 3 | 37% | 2 | 29% |
| Фатмир Бесими | 7 | 87% | 3 | 43% |
| Дарко Ангелов | 1 | 12% | 0 | 0% |
| Димитар Мирчев | 7 | 87% | 2 | 29% |
| Владо Камбовски | 3 | 37% | 0 | 0% |
| Жика Стојановски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Насер Селмани | 3 | 37% | 0 | 0% |
| Антони Пешев | 2 | 25% | 1 | 14% |
| Данела Арсовска | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Живко Митревски | 2 | 25% | 1 | 14% |
| Благоја Ралповски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Слободан Антовски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Бобан Митевски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Лулзим Хазири | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Шенази Мемеди | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Павлина Манавска Христина Танчева | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Валентина Зафировска Јана Ничота | 0 | 0% | 0 | 0% |

## V.СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Согласно со членот 8 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" број140/07) и член 21 од Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на 25 октомври 2011 година, стручните, административните, техничките и другите работи за потребите на Националниот совет за евроинтеграции ги врши Секторот за поддршка на НСЕИ.

[16] Г-ѓа Јана Ничота беше претставник од Еврејска заедница во Република Македонија од 21.01.2016 година.
[17] На јавната расправа на 24.12.2015 во дискусија учествува Димитар Стеванаџија, член на Советот од 22.12.2015 година ("Сл. весник на РМ бр.225/2015");
[18] На XIV-та седница учествува во дискусија Ане Лашкоска, заменик-член на Советот;
[19] На XI-та седница и јавна расправа на 13.09.2016 учествува во дискусија Орхан Ибраими, заменик член на Советот;
[20] На I, II, III и IV седница во дискусија учествува Нора Алити, заменик-член на Советот;
[21] На XIV-та седница во дискусија учествува Светлана Карапетрова, заменик-член на Советот.

Секторот за поддршка на НСЕИ е формиран согласно Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија, како организациона единица во рамките на Службата на Собранието. Со Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија донесен во април 2015 година, утврдени се 12 работни места за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места. Во периодот на изготвување на овој мандатен извештај, во Секторот за поддршка на НСЕИ вработени се 7 државни службеници: раководител на Сектор, раководител на Одделение за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот, 3 советници, еден виш соработник и еден самостоен референт.

***Активности на Секторот за поддршка на НСЕИ***

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции ги организира седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот. Вработените во Секторот го следат процесот на европската интеграција, подготвуваат материјали за седниците и јавните расправи и документи кои произлегуваат од истите, обезбедуваат материјали за средбите од меѓународен карактер, за потребите на членовите и претставниците на Советот.

За организирање на седниците, јавните расправи и меѓународните средби на Советот одговорно е *Одделението за поддршка на работата на НСЕИ.* Ова одделение остварува редовна комуникација со членовите и претставниците на НСЕИ, со Секретаријатот за европски прашања и државните органи, доставува работни материјали до НСЕИ, ги закажува седниците на НСЕИ во е-Парламент, обезбедува протоколарна поддршка на активностите на Советот. Во Одделението се изготвуваат различни документи: покани за седници, дописи до амбасадори на земји-членки на ЕУ, записници од одржани седници, извештаи, се води грижа за аудио записите и стенографските белешки, се подготвуваат соопштенија за реализирани активности на Советот кои се објавуваат на Собраниската веб-страница.

*Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот* е одговорно за следење на процесот на европската интеграција, остварува соработка со Секретаријатот за европски прашања и со други државни органи, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со службеници од Комисијата за европски прашања, Секторот за меѓународна соработка (Мешовит парламентарен комитет РМ-ЕУ) и остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, ја организира и помага соработката на Советот со претставници на цивилниот сектор. Ова одделение од 2009 година па наваму, го следи процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ преку документ - Матрица за степенот на усвојување на законодавството според НПАА. Овој документ за потребите на Собранието, овозможува информација за динамиката на донесувањето на законите од НПАА и усвојување на подзаконските акти. Во овој процес Секторот остварува редовна соработка и консултација со Секретаријатот за европски прашања.

***ЕУ центар на Собранието***

Преку ИПА Проектот за "Техничка помош за Парламентот", спроведен во Собранието во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието, во рамките на Секторот за поддршка на НСЕИ. Целта на формирањето на ЕУ центарот беше на пратениците во Собранието и на Службата која работи во областа на евроинтеграциите, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања. ЕУ центарот започна со работа со почетокот на осмиот парламентарен состав. За поголема ефективност на активностите во областа на европските прашања, ЕУ центарот започна од јуни 2014 да издава електронска информативна публикација-*ЕУ вести*. Во периодот опфатен со овој мандатен извештај ЕУ центарот подготви и објави вкупно 24 месечни електронски публикации - ЕУ вести.

Електронските публикации беа доставени до сите пратеници, до членовите и претставниците на НСЕИ, до Собраниската служба која работи во областа на евроинтеграциите и истите се објавени на Собраниската веб-локација: http://www.sobranie.mk/eu-vesnik-ns_article-eu-vesnik-mk.nspx

***Процедури за работни процеси ИСО 9001:2008***

Во рамките на Проектот за имплементација на системот за управување на квалитет на јавните услуги и документирање на системот за управување со квалитет на јавните услуги, според МК-ЕН ИСО 9001:2008, кој беше спроведен во Собранието во 2014 година, одобрени се 3 процедури за работни процеси во Секторот за поддршка на НСЕИ и истите се спроведуваат.

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/08 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ број 104/09).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 10 јули 2014 година донесе Одлука со која го утврди составот на Буџетскиот совет. Одлуката е објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 104/14 година.

Со оваа Одлука е утврдено дека :

Претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е Рафис Аљити, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија се пратениците:

1) Илија Димовски,
2) Зоран Илиоски,
3) Светлана Јакимоска,
4) Ане Лашкоска,
5) Фатмир Имероски,
6) Рамис Мерко,
7) Газменд Алији,
8)
9)

Со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија која Собранието на Република Македонија ја донесе на седницата одржана на 4 септември 2015 година е утврдено дека:

За членови на Буџетскиот совет се додаваат пратениците

8) Миле Андонов и
9) Горан Милевски.

Со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија која Собранието ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2015 година е утврдено дека:

Заменик-претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е пратеникот Марјанчо Николов.

Во мандатот 2014-2016 Буџетскиот совет одржа **7** седници на кои беа разгледани **12** точки.

На **Првата седница** одржана на 30 јули 2014 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди **Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година.** Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015 - 2017 година е подготвен согласно Законот за буџетите и во истиот се утврдени целите и приоритетите на Собранието на Република Македонија во следните три години. Утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како услов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на неговите надлежности. Стратешкиот план претставува група на активности која го дава правецот за остварување на посакуваните резултати. Во оваа фаза, всушност се дефинираат и планираат мерките и активностите кои треба да се преземат за да се остварат приоритетите, целите, програмите и потпрограмите, односно планираните проекти. Во Стратешкиот план се нотирани целите и приоритетите кои треба да се реализираат во периодот 2015 - 2017 година. Истовремено, се дадени и конкретни показатели за финансиските импликации кои произлегуваат од реализацијата на поставените цели и временски рамки за нивна имплементација. Зајакнувањето на законодавната и надзорната функција, зајакнување на финансиската самостојност, остварување и унапредување на меѓународната соработка, транспарентност во работењето, унапредување на ИКТ технолошката платформа и зајакнување и унапредување на човечките ресурси се нотирани како приоритетни цели на Собранието на Република Македонија во периодот од 2015 до 2017 година. Посебен акцент во Стратешкиот план е ставен на контролно - надзорната функција на Собранието, особено преку одржување на надзорни расправи како инструмент за

добивање информации и стручни мислења за спроведувањето на политиките, извршувањето на Законите и за другите активности на Владата и на органите на државната управа. Предвидени како обврска со Законот за Собранието, надзорните расправи треба да придонесат кон зајакнување на контролната улога на Собранието на Владата. Парламентарниот институт, како посебна организациона единица треба да придонесе за зајакнување на законодавниот и надзорен аналитичко-истражувачки капацитет на Собранието. Во натамошниот период потребни се дополнителни вложувања за негово техничко и кадровско екипирање, во функција на остварување на неговите надлежности односно обезбедување на стручни и непристрасни истражувања, услуги за едукација и комуникација како и модерен систем на архивирање и библиотеката. Зајакнувањето на финансиската независност на Собранието преку улогата на Буџетскиот совет на Собранието, особено во поглед на менаџирањето со собранискиот буџет, придонесува за подобрување на ефикасноста во остварување на функциите на Собранието. За економично, ефикасно, ефективно и транспарентно користење на расположливите средства во Собранието треба да се спроведува системот на јавна внатрешна финансиска контрола кој го опфаќа финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија. Информатичко комуникациската технологија е една од најмоќните алатки за остварување на поголема транспарентност, отчетност во работењето и вклученост на граѓаните во законодавниот процес и претставува двигател за развој и унапредување на работата на Собранието. Преку постојаното надоградување и осовременување на информацискиот систем во согласност со најновите технолошки достигнувања и обезбедување на современа опрема, ќе може да се обезбеди соодветната информатичко-технолошка поддршка на работата и активностите на пратениците и стручната служба на Собранието. За остварување на надлежностите на Собранието и неговите работни тела потребна е квалитетна стручна и административна поддршка која треба да ја обезбеди Службата на Собранието. Во оваа насока потребно е искористување на кадровските потенцијали и човечки ресурси, но и нивно перманентно усовршување преку разни форми на следење и совладување на современите методи и практики кои ги користат парламентите на земјите со долгогодишна парламентарна традиција. Репрезентативната улога на Собранието во областа на мултилатералната и билатералната соработка, на внатрешен и меѓународен план, се здобива со посебно значење преку јакнењето на парламентарната дипломатија како алатка за остварување на стратешките меѓународни приоритети во целина, особено во доменот на европските и евроатлантските интеграции.

На истата седница Буџетскиот Совет го разгледа и утврди **Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година.** Буџетскиот совет едногласно заклучи дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Македонија. Истовремено беше заклучено дека

финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година.

На оваа седница Буџетскиот совет го разгледа и расправаше по **Предлог заклучокот за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи, согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09).** Врз основа на расправата Буџетскиот Совет едногласно го усвои следниот заклучок :

1.Согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија, Буџетскиот совет го определи следниот број на надворешни соработници во пратеничките групи и тоа во :

- Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата 12 надворешни соработници;
- Пратеничката група на ДУИ 4 надворешни соработници и
- Пратеничката група на ДПА 1 надворешен соработник;

2.По основањето и активирањето на пратеничката група на СДСМ или други пратенички групи Буџетскиот совет дополнително ќе го определи бројот на надворешни соработници во овие пратенички групи, согласно принципот на секои пет пратеника следува еден надворешен соработник и

3.Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Македонија, а ќе почне да се применува од 1 август 2014 година.

На **Втората седница** одржана на 22 септември 2014 година Буџетскиот совет, го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година - Раздел 02001 Собрание на Република Македонија. Врз основа на расправата Буџетскиот Совет едногласно ги усвои следните заклучоци:

1.Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година**,** Раздел 02001 Собрание на Република Македонија;

2.Буџетскиот совет констатира дека средствата кои се утврдени во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година, во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија отстапуваат од средствата кои се предложени во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година, кое Буџетскиот совет го усвои и достави до Министерството за финансии;

3. Во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година, Буџетскиот совет цени дека е потребно согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија да се поднесе амандман на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година со кој ќе се прераспределат финансиските средства по одделни Програми, Потпрограми и ставки во рамки на Разделот 02001 и

4.Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и

буџет на Собранието на Република Македонија и до Министерството за финансии (Влада на Република Македонија).

На **Третата седница** одржана на 6 јули 2015 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2016-2018 година. Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2016-2018 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието. Правната рамка за работа на Собранието е дадена во Уставот на РМ, Законот за Собранието на РМ, Деловникот на Собранието на РМ и Законот за административни службеници, во делот на Службата на Собранието. Заради усогласување со процедуралните и други стандарди и легислативи на парламентите со долгогодишна парламентарна традиција, а со цел постигнување на повисок степен на ефикасност на работата на Собранието, административна и финансиска автономија, постојани се заложбите за перманентно надградување на овие правни рамки. Од друга страна, стратешката определба на Република Македонија за зачленување во ЕУ и во тој процес улогата на Собранието во усогласувањето на домашното законодавство со правото на ЕУ, подразбира прилагодување и на работата на Собранието со правилата, методологијата и со стандардите и практиките на парламентите на државите членки на ЕУ. Токму овие елементи се е и појдовна основа во креирањето на содржината на Стратешкиот план. Утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на основната, законодавна надлежност на Собранието. Тоа во прв ред се однесува на донесувањето на закони кои значат доградба на конзистентен правен систем на Републиката, со почитување на принципот на владеење на правото и развој на парламентарната демократија. Во овој контекст, наведените цели треба да бидат во функција на поддршка и на процесот на донесувањето на законите со кои законодавството на Република Македонија се усогласува со правото на ЕУ, што е правен предуслов за исполнување на критериумите за процесот на евроинтегрирање на нашата држава. Посебен акцент во Стратешкиот план се става и на контролно-надзорната функција на Собранието, особено преку одржување на надзорни расправи како инструмент за добивање информации и стручни мислења за спроведувањето на политиките, извршувањето на законите и за другите активности на Владата и на органите на државната управа. Инаку, овој вид на контрола е предмет на посебно уредување со Законот за Собранието, кое што се врши врз основа на годишни проекции кои ги утврдува претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи. Предвидени како обврска со Законот за Собранието, надзорните расправи треба да придонесат кон зајакнување на контролната улога на Собранието во однос на Владата, во делот на следењето на имплементацијата на законите како исклучително значајна за утврдување на применливоста на

донесените закони и евентуалната потреба од нивно изменување или дополнување. Преку надзорните расправи се очекува да се добијат повратни информации за степенот на спроведување на законите во пракса и постигнатиот степен на остварените ефекти. Од друга страна, и јавните дискусии кои може да се одржуваат во текот на постапката на донесувањето на законите кога за тоа ќе одлучи Собранието, посебно за законите од поширок интерес, со непосредно вклучување на граѓаните, на стручната и научната јавност, на целните групи кои најнепосредно ги тангираат предметните прашања, треба да придонесат за креирање на издржани и ефективни законските решенија со предвидливи ефекти.

На истата седница Буџетскиот Совет го разгледа и утврди Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2016 година. Буџетскиот совет констатираше дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2016 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Македонија. Финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2016 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2016-2018 година.

На оваа седница Буџетскиот совет го разгледа Предлогот за продажба на движни ствари во Собранието на Република Македонија на кои потребата од користење е престаната и го утврди следното мислење: Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија зазема став да се започне со постапката за продажба на движните ствари на кои трајно е престаната потребата од користење во Собранието на Република Македонија.

Од причина што потребата од користење на движните ствари специфицирани во пописните листи е трајно престаната, а во функција на ефикасно користење и располагање со стварите во државна сопственост, потребно е во Собранието на Република Македонија да се започне постапка за продажба согласно со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Правилникот за начинот на располагање и набавување на недвижните и движни ствари, како и евидентирањето и попишувањето на имотот на Собранието и Упатството за располагање со недвижните и движни ствари на Собранието на Република Македонија.

На **Четвртата седница** одржана на 3 септември 2015 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија донесе Заклучок за утврдување на бројот на надворешни соработници во Пратеничката група на СДСМ, НСДП,ЛДП И ПДТ согласно со членот 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09"). Согласно со членот 9 став (2) од Законот за Собранието на Република Македонија секоја пратеничка група во Собранието во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници имаат право да ангажираат надворешни соработници. Во членот 9 став (3) е утврдено дека бројот на надворешните соработници, согласно со принципот на

секои пет пратеника следува еден надворешен соработник ги определува Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на Првата седница одржана на 30 јули 2014 година усвои Заклучок со кој го определи бројот на надворешни соработници во Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата; Пратеничката група на ДУИ и Пратеничката група на ДПА. Буџетскиот совет согласно со членот 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија, определи 6 надворешни соработници во Пратеничката група на СДСМ, НСДП, ЛДП И ПДТ.

На **Петтата седница** одржана на 1 октомври 2015 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџет на Република Македонија за 2016 година, Раздел 02001-Собрание на Република Македонија. Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија врз основа на расправата оцени дека е потребно согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се поднесе амандман на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2016 година со кој во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија, Програма 2, Потпрограма 20 од ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ќе се прераспределат средства во износ од 2.500.000 денари на ставката 427 Привремени вработувања. Со оваа пренамена ќе се обезбедат потребните средства за ангажирање на надворешни соработници во пратеничките групи, согласно член 9 од Законот за Собранието на Република Македонија.

На **Шестата седница** одржана на 26 јули 2016 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија согласно член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2017-2019 година. Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2017-2019 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

На истата седница Буџетскиот Совет го разгледа и утврди Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2017 година.Буџетскиот совет оцени дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2017 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Македонија. Финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2017 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2017-2019 година. Средствата кои се планирани во Предлог-буџетското барање за 2017 година се потребни за реализација на активностите утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2017 Ђ 2019 година. За реализација на зацртаните

активности во Стратешкиот план во 2017 година во Буџетот на Република Македонија во разделот 02001 Собрание на Република Македонија потребни се средства во износ од 610.420.000 денари. Бидејќи до крајот на 2016 година ќе заврши изградбата на собраниската зграда, потребно е во 2017 година да се обезбеди значително помал износ на средства во висина од 71.000.000 денари за исплата на преземените обврски по склучен договор за градежни и градежно занаетчиски работи на објектот на Собранието на Република Македонија, за исплата на доставени времени ситуации, изготвена завршна ситуација и извршен технички прием. Во 2017 година во Потпрограмата 26 Парламентарен институт, планираните средства ќе се обезбедат преку кофинансирање и тоа средства во висина од 62% од Собранието и 38% од средствата ќе бидат донација од Швајцарската конфедерација. Во Потпрограмата 21 Контакти со граѓани планирани се средства во износ од 16.920.000 денари и тоа за надоместок за ангажираните 75 асистенти во канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните, во износ од 9.000.000 денари и за надоместок на други оперативни расходи во износ од 3.960.000 денари за 55 канцеларии или вкупно 12.960.000 денари. Надоместокот за ангажираните асистенти пресметан е по 10.000 денари месечно по асистент со пресметан персонален данок, а другите оперативни трошоци по 6.000 денари месечно по канцеларија. За финансирање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите поврзани со работата на Собранието, што согласно Законот за Собранието на Република Македонија треба да бидат реализирани преку Собраниски канал во 2017 година се планираат средства во износ од 4.000.000 денари, од кои 1.000.000 денари за одржување на опремата во Мастер собата и за набавка на потребна опрема во износ од 3.000.000 денари.

Едногласно беше донесен заклучок Записникот од седницата на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија во кој се содржани предлозите на членовите на Советот да се доставаат до претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, координаторите на пратеничките групи и генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

**На Седмата седница** одржана на 26 септември 2016 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и го прифати Предлогот на Буџет на Република Македонија за 2017 година, Раздел 02001- Собрание на Република Македонија.

За одржаните седници и разгледаните точки донесени се заклучоци и изготвени се записници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Информации, извештаи, планови | | 3 |
| Правилници | | - |

# 5.3. СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

НАДЛЕЖНОСТИ

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РЕНАТА ДЕСКОСКА, претседател** | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Драган Данев | |
| 3. | Славе Гошев | |
| 4. | Авдија Пепиќ | |
| 5. | Артан Груби | |
| 6. | Ејуп Рустеми | |
| 7. | Мерал Узеири Ферати | |
| 8. | Софија Куновска | |
| 9. | Благоја Стојановски | |
| 10. | Хари Локвенец | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Александар Николоски | |
| 3. | Благородна Бојаџиева | |
| 4. | Јасминка Дамчевска | |
| 5. | Рафис Аљити | |
| 6. | Реџаиљ Исмаили | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Панче Орцев | |
| 10. | Дуфе Куковски | |

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" број104/09 година и во Деловникот на Советот на Собранискиот канал.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е

претседател на Советот на Собранискиот канал.

Претседател на Советот на Собранискиот канал е потпретседателот на Собранието на Република Македонија Рената Дескоска.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас.

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеци.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Согласно со членот 45 став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија, Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал од 2006 година со сите нејзини измени престанува да важи.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија, во периодот од 10 мај 2014 година до 17 октомври 2016 година, одржа една седница во три продолженија и една Јавна расправа. За дневниот ред на седницата беа предложени три точки, и тоа:

1. Договор за работа на Советот на Собранискиот канал;

2. Реализација на програмата на Собранискиот канал за тековната 2015 година;

3. Програмски план на Собранискиот канал за наредната 2016 година.

Првата и втората точка од дневниот ред се разгледани и за истите се усвоени заклучоци.

По третата точка од Дневниот ред беше отворен претрес но истиот не е завршен.

Јавна расправа произлезе како усвоен заклучок од првата точка на првата седница на Советот на Собранискиот канал на тема "Функционирање на Собранискиот канал".

# 6. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

# 6.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупен број пратеници (62 пратеници). Мандатот на претседателот трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Функцијата на претседател на Собрание е неспоива со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

За време на извршување на функцијата претседател на Собрание на Република Македонија г. Трајко Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности, владеење на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Посебно внимание беше посветено на организација и унапредување на работата на Собранието. Претседателот одржа редовни и дополнителни координации со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи, на кои во најголем дел од нив беше присутен и претставник од Владата на Република Македонија.

Во остварување на бројните со Уставот и Деловникот утврдени надлежности на претседателот на Собранието на Република Македонија како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитување и оценување на уредноста на предлозите за донесување на законите како и планирање на динамика на седниците на Собранието според значењето и времето на поднесување на предлози на акти и други материјали,

- грижа за усогласување на активноста на Собранието со активноста на Претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,

- продолжување на практиката на соработка и координирање на потпреседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на парламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на повремени и постојани

собраниски делегации во органи и организации во странство и

- прифаќање на бројни лични покровителства на Собранието за одделни прослави и настани значајни за Република Македонија и за одредување на претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот на Собранието на Република Македонија ја следи работата на службата на Собранието и се грижи за нејзино унапредување и за создавање услови за поефикасно работење со примена на современа информатичка технологија, за што се користени искуства од парламенти на повеќе држави.

Со цел за зголемување на транспарентноста во работењето на Собранието во функција е Собранискиот канал на кој се емитуваат пленарните седници и седниците на работните тела, како и настани поврзани со работата на претседателот, пратениците и самото Собрание. Исто така, сите информации за работата на Собранието на Република Македонија може да се добијат на веб страницата на Собранието, како и на социјалните медиуми Facebook, Twitter и Youtube.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата постојана законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на Република Македонијана во надворешната политика и односите на билатерален и мултилатерален план преку парламентарната дипломатија и личните средби на претседателот на Собранието и пратениците.

Претседателот на Собранието на Република Македонија во овој период оствари динамична меѓународна соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларни и други претставници на странски држави, на меѓународни организации како и со други видни личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (10 мај 2014 - 17 октомври 2016)**

Средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Олег Шчербак** (16 мај 2014);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Олег Шчербак** (30 мај 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Гарет** (2 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија, **г. Вен Џеншун** (3 јуни 2014);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамарич** (3 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Полска во Република Македонија**, г. Јацек Мултановски** (4 јуни 2014);

Средба со **г. Роберт Адерхолт**, конгресмен на САД (7 јуни 2014);

Средба со амбасадорката на Кралството Холандија во Република Македонија, **г-ѓа Мариет Шурман** (10 јуни 2014);

Прием по повод Национален ден на Руската Федерација во х. Александар Палас (10 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Албанија во Република Македонија, **г. Петрит Бушати** (11 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Казахстан, **г. Илија Псалтиров** (12 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Грција, **г. Дарко Ангелов** (12 јуни 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Црна Гора во Република Македонија, **г. Душан Мрдовиќ** (12 јуни 2014);

Прием по повод годишнина од раѓањето на Кралицата Елизабета II во Национална галерија Даут Пашин Амам (17 јуни 2014);

Средба со Делегација на сепартиската парламентарна група на Парламентот на Обединетото Кралство (25 јуни 2014);

Официјална посета на Република Турција (од 26 до 28 јуни 2014);

Прием во Амбасадата на Соединетите Американски Држави по повод годишнината од независноста (3 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Австралија, **г. Веле Трпевски** (8 јули 2014);

Средба со в.д амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Константин Берсенев** (11 јули 2014);

Официјална посета на претседателот на Парламентот на Западна Австралија, **Н.Е. г. Мајкл Сатерленд** (14 јули 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Гудрун Штајнакер** (16 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Обединетите Арапски Емирати, **г. Сашо Тасевски** (18 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Швајцарија, **г. Екрем Ебиби** (18 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија, **г. Стефано Лазарото** (22 јули 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Државата Израел за Република Македонија, **г. Дан Орјан** (26 август 2014);

Официјална посета на претседателот на Претставничкиот дом на Парламентот на Канада, **Н.Е. г. Ендру Шир** (1 септември 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Канада за Република Македонија, **г. Роман Вашчук** (3 септември 2014);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Олег Шчербак** (9 септември 2014);

Средба со првиот потпретседател на Владата и министер за надворешни работи на Република Србија, **г. Ивица Дачиќ** (15 септември 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Словачка Република во Република Македонија, **г. Мартин Безен** (18 септември 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Кристине Д. Алтхаузер** (18 септември 2014);

Прием по повод 65 годишнина од основањето на Народна Република Кина во хотел Александар Палас (30 Средба со новоименуваниот амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Кристине Д. Алтхаузер** (18 септември 2014);

Средба со директорот за Западен Балкан и проширување од Канцеларијата за надворешни и прашања од Комонвелтот, **г. Овен Џенкинс** во придружба на амбасадорот на Кралството Велика Британија и Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Едмонд Гарет** (19 септември 2014);

Средба со Изборната делегација на ИПС Програмата за 2015 година на германскиот Бундестаг (1 октомври 2014);

Средба со членови на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **г. Брајан Бинли и г. Марк Причард** (7 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Шпанија во Република Македонија, **г. Рамон Абароа Каранза** (17 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Украина, **г. Столе Змејковски** (17 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Турција во Република Македонија, **г. Омур Шолендил** (21 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Данска во Република Македонија, **г-ѓа Лиселот Плеснер** (28 октомври 2014);

Прием по повод 91-та годишнина од основањето на Република Турција во хотел Александар Палас (29 октомври 2014);

Средба со претставници на Амбасадата на САД во Република Македонија, **г. Рајан Стоунер,** шеф на Секторот за политички и економски работи и **г. Ју Шин Чој,** советник за политички прашања (31 октомври 2014);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија, **г. Иван Великов Петков** (12 ноември 2014);

Официјална посета на претседателот на Големото национално собрание на Република Турција, **Н.Е. г. Џемил Чичек** (24 ноември 2014);

Средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина во Република Македонија, **г. Здравко Беговиќ** (2 декември 2014);

Средба со заменик претседателот на Социјалистичка Република Виетнам, **Н.Е. г-ѓа Нгујен Ти Доан** (2 декември 2014);

Средба со амбасадорот на Кралството Белгија за Република Македонија со седиште во Софија**, г-ѓа Аник Ван Калстер** (9 декември 2014);

Прием по повод претстојните празници организиран од амбасадата на Босна и Херцеговина во Република Македонија во хотел Александар палас (15 декември 2014);

Средба со заменикот шеф на мисија на амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Бартон Путни** (17 декември 2014);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамариќ** (18 декември 2014);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија, **г. Иван Великов Петков** (23 декември 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Соединетите Американски држави во Република Македонија, **г. Пол Волерс** (15 јануари 2015);

Средба со претседателот на Собранието на Република Албанија, **г. Илир Мета** (20 јануари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Канада за Република Македонија со седиште во Белград**, г. Филип Пинингтон** (22 јануари 2015);

Учество на Четвртиот меѓународен форум "Let My People Live!" во Прага, Чешка Република по повод одбележување на 70 годишнината од победата над фашизмот и ослободувањето од логорите на смртта во Европа (од 26 до 27 јануари 2015).

Средба со претседателот на Народното собрание на Република Србија, **г-ѓа Маја Гојковиќ** (12 февруари 2015);

Средба со Делегација на парламентарната група за соработка меѓу Германија и Југоисточна Европа при Бундестагот (12 февруари 2015);

Средба со амбасадорот на Чешката Република во Република Македонија**, г. Мирослав Рамеш** (13 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Канада, **г. Тони Димовски** (13 февруари 2015);

Средба со амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, **г. Омур Солендил** (13 февруари 2015);

Средба со претседателот на Владата на Република Србија, **г. Александар Вучиќ** и членови на Владата (16 февруари 2015);

Средба со комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување на ЕУ**, г. Јоханес Хан** (17 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Џес Бејли** (17 февруари 2015);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамарич** (18 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија, **г. Сашо Марковски** (20 февруари 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Индија во Република Македонија со седиште во Софија, **г. Раџеш Кумар Сачдева** (27 февруари 2015);

Прием по повод Национален ден на Република Бугарија во хотел Александар Палас (3 март 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација, **г. Гоце Карајанов** (9 март 2015);

Прием по повод Национален ден на Грција во Канцеларијата за врски (25 март 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Соединетите Мексикански Држави во Република Македонија со седиште во Белград, **г. Хосе Еваристо Рамон Шилоти Рамирес** (27 март 2015);

Средба со амбасадорот на Украина во Република Македонија, **г. Гончарук Јурик** (1 април 2015);

Средба со министерот без ресор во Владата на Република Македонија, **г. Неждет Мустафа** и делегација од Република Турција (9 април 2015);

Конференција на претседатели на парламенти од Европската унија во Рим, Италијанска Република (од 20 до 21 април 2015);

Средба со Делегација на Мониторинг Комисијата на Парламентарно собрание на Советот на Европа (28 април 2015);

Средба со Делегација од Комисијата за Демократско Партнерство (ХДП) од Конгресот на Соединетите американски држави (4 мај 2015);

Средба со амбасадорот на Унгарија во Република Македонија**, г. Јожеф Бенце** (15 мај 2015);

Прием по повод годишнината од роденденот на **Кралицата Елизабета II** во ресторан Ден и ноќ (16 јуни 2015);

Прием по повод национален празник на Република Словенија во хотел Александар Палас (23 јуни 2015);

Проштална средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамариќ** (26 јуни 2015);

Прием по повод национален празник на Република Хрватска во ресторан Пантелејмон (30 јуни 2015);

Прием по повод годишнината од независноста на Соединетите Американски Држави (2 јули 2015);

Проштална средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина во Република Македонија, **г. Здравко Беговиќ** (6 јули 2015);

Прием по повод национален празник на Француската Република (14 јули 2015);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Едмунд Гарет** (24 јули 2015);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија**, г. Чарлс Едмунд Гарет** (13 август 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Албанија во Република Македонија, **г. Фатос Река** (21 август 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија, **г-ѓа Данијела Баришиќ** (27 август 2015);

Прием по повод Денот на победата на Република Турција во хотел Холидеј Ин (31 август 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Австрија во Република Македонија, **г-ѓа Ренате Коблер** (10 септември 2015);

Средба со шефот за Западен Балкан и проширување од Канцеларијата за надворешни и прашања од Комонвелтот**, г-ѓа Фиона Мекилвам** во придружба на амбасадорот на Кралството Велика Британија и Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Едмонд Гарет** (14 септември 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија, **г. Вилем Ваутер Пломп** (16 септември 2015);

Средба со амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Џес Бејли** (16 септември 2015);

Средба со амбасадорот на Чешката Република во Република Македонија, **г. Мирослав Рамеш** (16 септември 2015);

Прием по повод 66 годишнина од основањето на Народна Република Кина во хотел Александар Палас (29 септември 2015);

Прием по повод Денот на германското единство во хотел Александар Палас (2 октомври 2015);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Босна и Херцеговина во Република Македонија, **г-ѓа Лепа Бабиќ** (14 октомври 2015);

Средба со амбасадорот на Грција во Република Македонија, **г. Харис Лалакос** (14 октомври 2015);

7-ма Конференција на претседатели на Парламенти на земјите од Западен Балкан во Будимпешта, Унгарија (16 октомври 2015);

Прием по повод Национален ден на Чешката Република во Галеријата на НЛБ Тутунска Банка (20 октомври 2015);

Прием по повод Национален ден на Унгарија во хотел Холидеј Ин (22 октомври 2015);

Прием по повод 92-та годишнина од основањето на Република Турција во хотел Александар Палас (29 октомври 2015);

Официјална посета на претседателот на Домот на пратеници на Парламентот на Чешката Република, **г. Јан Хамачек** (4 декември 2015);

Вечера во амбасадата на Народна Република Кина (22 декември 2015);

Средба со амбасадорот на Република Полска во Република Македонија**, г. Јацек Мултановски** (22 јануари 2016);

Средба со амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, **г. Ваутер Пломп** (22 јануари 2016);

64-ти Национален молитвен појадок во Вашингтон, Соединетите Американски Држави (од 2 до 4 февруари 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија, **г. Марјан Ѓорчев** (8 февруари 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Турција, **г. Ѕвонко Муцунски** (8 февруари 2016);

Свечен прием по повод национален празник на Република Србија, во МНТ (15 февруари 2016);

Средба со амбасадорот на Сојузна Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Кристине Алтхаузер** (23 февруари 2016);

Средба со Делегација од Комисијата за европски прашања на холандскиот парламент (29 февруари 2016);

Прием по повод национален празник на Република Бугарија во хотел Александар палас (3 март 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Финска во Република Македонија**, г. Перти Иконен** (14 март 2016);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија, **г. Иван Петков** (12 април 2016);

Средба со амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Џес Бејли** и евроамбасадорот **г. Аиво Орав** (13 април 2016);

Аудиенција кај **Папата Франциск** во Ватикан по повод одбележување на Манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил" (16 мај 2016);

Средба со личниот претставник на министерот за надворешни работи на Сојузна Република Германија, амбасадорот **Јоханес Хајндл** (19 мај 2016);

Проштална средба со амбасадорот на Грција во Република Македонија, **г. Харис Лалакос** (25 мај 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Швајцарската Конфедерација во Република Македонија, **г-ѓа Сибил Зутер Техада** (7 јуни 2016);

Средба со амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, **г. Валтер Svomp** (16 јуни 2016);

Средба со регионалниот директор на НДИ, **г. Роберт Бенџамин** (16 јуни 2016);

Прием по повод годишнината од роденденот на Кралицата Елизабета II во хотел Александар Палас (16 јуни 2016);

Средба со гувернер од САД, **г. Дејвид Буслик** (23 јуни 2016);

Прием по повод годишнината од независноста на Соединетите Американски Држави (30 јуни 2016).

Проштална средба со амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија**, г. Вен Џеншун** (25 август 2016 ).

Средба со новоименуваниот амбасадор на Италијанската Република во Република Македонија, **г. Карло Ромео** (6 септември 2016);

Средба со амбасадорот на Република Полска во Република Македонија, **г. Јацек Мултановски** (6 септември 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Грција во Република Македонија, **г. Димитрис Јанакакис** (23 септември 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Француската Република во Република Македонија, **г. Кристиан Тимоние** (29 септември 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Словенија во Република Македонија**, г. Милан Јазбец** (30 септември 2016);

Прием по повод денот на германското единство во хотел Александар Палас (3 октомври 2016).

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (10 мај 2014 - 17 октомври 2016)**

Средба со Делегација на Ад-хок комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа, постизборна комисија (10 јули 2014);

Европска конференција на претседатели на парламенти во Осло, Норвешка (од 11 септември до 12 септември 2014);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав**, по повод примопредавање на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година (8 октомври 2014);

Свеченост по повод 20 годишнина од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Македонија со 19 држави во Македонски народен театар (15 октомври 2014);

Средба со новиот известувач за Република Македонија во Европскиот парламент, **г. Иво Вајгл** (5 декември 2014);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** (16 декември 2014);

Средба со поранешен Директор во Директоратот за проширување на Европската комисија, **г. Рајнхарт Прибе** и група експерти од Европската комисија (4 мај 2015);

Пролетна сесија на Парламентарното собрание на НАТО, во Будимпешта, Унгарија (18 мај 2015);

Пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, во Тирана, Република Албанија (од 22 до 23 мај 2015);

Средба со специјалниот претставник на Парламентарното собрание на ОБСЕ за Југоисточна Европа**, г. Роберто Бaтели** и амбасадорот **Андреас Нотеле,** специјален претставник на Парламентарното собрание на ОБСЕ во Виена (4 јуни 2015);

Средба со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, **г-ѓа Нина Суомалаинен** (10 септември 2015);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав,** по повод примопредавање на Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2015 година (10 ноември 2015);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** (1 декември 2015);

Обраќање на отворањето на Седницата на Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на Централно Европската Иницијатива (10 декември 2015);

Средба со известители на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа (мониторинг комисија) (16 февруари 2016);

Средба со Делегација на ад-хок Комисијата на Парламентарното собрание на Совет на Европа за набљудување на предвремените парламентарни избори во Република Македонија (27 април 2016);

Средба со шефот на набљудувачката мисија на ОБСЕ и ОДИХР во Република Македонија, амбасадорот **Јан Петерсен** (25 мај 2016);

Трета пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа во Софија, Република Бугарија (од 10 до 11 јуни 2016);

Проштална средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** (26 јули 2016);

Парламентарен состанок на земји од Централно-Источна Европа во Варшава, Република Полска (31 август 2016);

Средба со новоименуваниот амбасадор - шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија**, г. Самуел Жбогар** (2 септември 2016);

Европска конференција на претседатели на парламенти во Стразбур, Француска Република (од 15 до 16 септември 2016);

Обраќање на отварањето на Есенската сесија на Парламентарното Собрание на ОБСЕ, во хотел Холидеј Ин (30 септември 2016).

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски (10 мај 2014 - 17 октомври 2016)**

Обраќање на отворањето на меѓународниот парламентарен семинар во Собранието на Република Македонија во соработка со Европскиот центар за истражување и докумнетација (ЕЦПРД). Тема на семинарот: "Структура и процедури во поглед на Етичкиот кодекс за пратениците и интегритетот на парламентарната служба" (8 мај 2014);

Средба со **г. Срѓан Керим** (13 мај 2014);

Средба со новинари (14 мај 2014);

Обиколка со новинари за разгледување на новите простории на Собранието (15 мај 2014);

Поздравен говор на отворањето на Меѓународната конференција за безбедност на сообраќајот на патиштата, чиј организатор е Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, хотел Холидеј ин (21 мај 2014);

Интервју за МИА (21 мај 2014);

Средба со **г. Петер Ванхут** (22 мај 2014);

Потпишување во отворената Книга на жалост во просториите на Амбасадата на Република Србија (22 мај 2014);

Средба со **д-р Чапаривски, д-р Филипче** и двајца доктори од странство (22 мај 2014);

Обраќање на прес-конференција по повод свечено отворање на Парламентарниот институт на СРМ, разгледување на просторот на Парламентарниот институт и кратко запознавање со неговата работа (27 мај 2014);

Средба со **г-ѓа Милена Перчинкова**, генерален директор на Алфа банка (28 мај 2014);

Средба со **г. Стевчо Јакимовски**, градоначалник на Општина Карпош (30 мај 2014).

Обраќање на 11-от собир на земјите од Југоисточна Европа во хотел Холидеј Ин (7 јуни 2014);

Присуство на прослава по повод 24 годишнина од основањето на ВМРО-ДПМНЕ (15 јуни 2014);

Средба со **Петер Ванхут** (16 јуни  и 20 јуни 2014);

Средба со вишиот член на одборот на директори на НДИ, **г. Хауард Дин** (25 јуни 2014);

Брифинг за новинари (4 јули 2014);

Свечено отварање на Балканскиот фестивал на народни песни и игри во Охрид (6 јули 2014);

Средба со **г. Срѓан Керим** (9 јули 2014);

Давање на свечена изјава на новоименуваните заменици министри во Владата на Република Македонија (10 јули 2014);

Средба со шефот на канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија, **г. Бертран Демулан** (11 јули 2014);

Отварање на Охридско лето (12 јули 2014);

Прва седница на Комисијата за уставни прашања (15 јули 2014);

Интервју со новинар од Македонско радио Скопје (17 јули 2014);

Претседавање со Првата седница на Комитетот за односи меѓу заедниците (21 јули 2014);

Обраќање на 5-тата годишна Конференција на иселенички организации во организација на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија (23 јули 2014);

Брифинг за новинари (29 јули 2014);

Присуство на изложба по повод 70 години од АСНОМ во музеј на ВМРО (1 август 2014);

Присуство на свечена академија (1 август 2014);

Обраќање по повод 2 Август - Илинден во Крушево (2 август 2014);

Присуство на централна прослава по повод одбележување на Денот на Армијата на РМ во Охрид (18 август 2014);

Седница на Уставна комисија (25 август 2014);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Судскиот совет на Република Македонија**, г. Зоран Караџовски** (3 септември 2014);

Обраќање на свечена академија по повод 8 Септември - Денот на независноста во Македонскиот народен театар (7 септември 2014);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе во август-септември (26 септември 2014);

Прва седница на Советот за безбедност на Република Македонија (29 септември 2014);

Прослава по повод роденденот на Канал 5 телевизија во ресторан Воденица (1 октомври 2014);

Конститутивна седница на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата за новиот парламентарен мандат (7 октомври 2014);

Средба со дел од децата и вработените од детската градинка "Раде Јовчевски-Корчагин" од Скопје по повод одбележување на Светската недела на детето (10 октомври 2014);

Свечена академија по повод одбележување на 11 Октомври - Денот на народното востание во новиот објект на МНТ (10 октомври 2014);

Средба со претседателот, потпретседателите и членови на Сојузот на борците на Македонија, **г. Тодор Атанасовски, г. Томе Малески, г-ѓа Верка Бунтеска и г. Борис Стојановски** (13 октомври 2014);

Снимање на продолжение за документарниот серијал "Независност на Македонија" - Смалл Мовес Продукција од Скопје во ко-продукција со Македонска Телевизија (15 октомври 2014);

Премиера на филмот "До Балчак" во Кино Милениум (18 октомври.2014);

Свечена академија по повод 70 годишнината од печатењето на првиот број на "Нова Македонија" во Музеј на македонска борба и државност (29 октомври 2014).

Положување на свежо цвеќе по повод 13 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Скопје пред Споменикот на ослободителите на Скопје на партизанските гробишта во Бутел, на гробот на генерал Михајло Апостолски во Алеата на заслужните граѓани на градските гробишта Бутел и пред Споменикот на ослободителите на Скопје пред Владата на Република Македонија (13 ноември 2014);

Поздравно обраќање на јавна расправа на тема ИПА 2 (2014-2020) предизвици и можности за искористување, организирана од страна на Комисијата за европски прашања (17 ноември 2014);

Потпишување на Амандман на Меморандумот за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет, во врска со соработката на проектот "Поддршка за основање и развој на Парламентарниот институт" (15 декември 2014);

Годишен работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (24 декември 2014);

Свечена миса по повод католички Божиќ во Катедралата "Пресвето Срце Исусово" (24 декември 2014);

Обраќање пред вработените во Службата на Собранието по повод претстојните празници (31 декември 2014);

Присуство на Света Божествена Литургија по повод Божиќ во Соборен храм „Свети Климент Охридски" (7 јануари 2015);

Трета седница на Уставната комисија на Собранието на Република Македонија (9 јануари 2015);

Традиционален божиќен ручек и именден кај поглаварот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, Архиепископ Охридски и Македонски **г. г. Стефан** во резиденцијата на Архиепископот (9 јануари 2015);

Средба со **г. Срѓан Керим** (19 февруари 2015);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе во декември 2014 година (26 јануари 2015);

Свечена академија по повод 70 години од Првиот црковно-народен собор за возобновување на Македонската православна црква во Музеј на македонската борба за државност и самостојност (3 март 2015);

Панихида за учесниците на Првиот црковно-народен собор во Соборен храм „Св. Климент Охридски" (4 март 2015);

Свечена академија по повод Меѓународниот ден на Ромите, во организација на Сојузот на ромите, во МНТ (8 април 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Државната комисија за спречување на корупцијата (15 април 2015);

Интервју во МТВ за емисијата „Акцент" (16 април 2015);

Свечена прослава по повод осветување на конаците во Бигорски Манастир (26. април 2015);

Обраќање по повод одбележување 110 години од смртта на Никола Карев (27 април 2015);

Традиционален народен собир по повод Денот на крстот во с. Кучково (1 мај 2015);

Обраќање на отворањето на Парламентарниот комитет во рамките на Парламентарната димензија на Централно Европската Иницијатива (20 мај 2015);

Обраќање по повод поставување на камен темелник на повеќенаменско спортско игралиште во населбата Даме Груев во општина Ѓорче Петров (18 јуни 2015);

Присуство на погребот на поранешниот претседател на Република Турција, **г. Сулејман Демирел** во Анкара (19 јуни 2015);

Присуство на прослава по повод 25 годишнина од основањето на ВМРО-ДПМНЕ (20 јуни 2015);

Обраќање на свечено отварање на Балканскиот фестивал на народни песни и игри во Охрид (6 јули 2015);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе во јуни 2015 година 09 јули 2015);

Ифтар вечера за пратениците во Собранието на Република Македонија во Мал свечен салон (9 јули 2015);

Отварање на Охридско лето (12 јули 2015);

Обраќање по повод 2 Август - Илинден, Пелинце (2 август 2015);

Присуство на централна прослава по повод одбележување на Денот на Армијата на РМ (18 август 2015);

Работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (25 август 2015);

Одбележување на соработката меѓу Собранието на Република Македонија и Вестминстер фондацијата за демократија (31 август 2015);

Обраќање на свечен прием - коктел по повод 8-ми Септември - Ден на независноста во Кристална сала (7 септември 2015);

Присуство на свечена академија по повод 8-ми Септември - Ден на независноста, во Македонски народен театар (8 септември 2015);

Присуство на хуманитарна акција во Амбасадата на САД во Скопје (11 септември 2015);

Средба со генералниот секретар на Црвен крст на Република Македонија, **г. Саит Саити** (17 септември 2015);

Присуство на свечено отварање на нова телевизија „21" (21 септември 2015);

Средба со **г. Срѓан Керим** (25 септември 2015);

Обраќање по повод одбележување на 70 години јубилеј на АМСМ, во Македонски народен театар (25 септември 2015);

Присуство на прослава по повод одбележување на Меѓународниот ден на Бошњаците, во хотел Холидеј ин (28 септември 2015);

Присуство на свечен коктел по повод роденденот на Канал 5 телевизија во ТЦЦ Гранд Плаза (7 октомври 2015);

Доделена Плакета по повод 65-годишнината од работата на Националната установа Турски театар - Скопје во знак на благодарност за досегашната поддршка (8 октомври 2015);

Присуство на свечена церемонија по повод 10-годишнината од основањето на ЛУКОИЛ Македонија во Македонски народен театар (09 октомври 2015);

Обраќање на свечена академија по повод одбележување на 11 Октомври - Денот на народното востание во Македонски народен театар (10 октомври 2015);

Присуство на Свечена академија по повод одбележување на 23 Октомври - Денот на Македонската Револуционерна Борба во Македонска опера и балет (23 октомври 2015);

Обраќање на свечена академија по повод 70-годишнината од основањето на Врховен суд на Република Македонија (29 октомври 2015);

Потпишување во Книга на жалост во Амбасадата на Руската Федерација (3 ноември 2015);

Потпишување во Книга на жалост во Амбасадата на Француската Република (16 ноември 2015);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе од 29 септември до 5 октомври 2015 година, Кабинет на претседателот (23.11.2015 год.);

Обраќање по повод одбележување на 20 години полноправно членство на Црвениот крст на Република Македонија во Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвена полумесечина (27 ноември 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија**, г. Сашо Василевски** (7 декември 2015);

Свечена академија по повод 8 декември „Св. Климент Охридски" во Музејот на мекедонската борба (7 декември 2015);

Средба со **г. Срѓан Керим** (15 декември 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраните претседател, потпретседател и членови на Државната изборна комисија (17 декември 2015);

Свечена миса по повод католички Божиќ во Катедралата „Пресвето Срце Исусово" (24 декември 2015);

Ручек по повод католички Божиќ во новата Бискупска резиденција (25 декември 2015);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, **г-ѓа Јасна Жежова** и **г. Љубомир Јовески** (29 декември 2015);

Обраќање пред вработените во Службата на Собранието по повод претстојните празници (31 декември 2015);

Присуство на Света Божествена Литургија по повод Божиќ во Соборен храм „Свети Климент Охридски" (7 јануари 2016);

Традиционален божиќен ручек и именден кај поглаварот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, Архиепископ Охридски и Македонски **г. г. Стефан**, во резиденцијата на Архиепископот (9 јануари 2016);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија**, г. Горан Трајковски** (12 јануари 2016);

Средба со претставници од Православната Црква на Руската Федерација (13 јануари 2016);

Присуство на осветување на новата Бискупска резиденција (18 март 2016);

Присуство на свечена миса по повод католички Велигден во Катедралата „Пресвето Срце Исусово" (26 март 2016).

Гостување во емисијата „24 Анализа" на 24 вести (8 април 2016);

Присуство на коктел по повод 11-от роденден на Општина Аеродром во дворот на црквата „Свети Петар и Павле" во Горно Лисиче (12 април 2016);

Потпишување Решение за распишување предвремени парламентарни избори (15 април 2016);

Прием по повод Денот на Европа во просториите на Делегацијата на Европската унија во Скопје (10 мај 2016);

Отворање на изложба „Свети Климент Охридски и неговите претстави во ликовната уметност", во библиотеката на „Понтификалниот Универзитет Урбанијана" во Рим, Италијанската Република (23 мај 2016);

Присуство на молебен на гробот на Свети Кирил во базиликата „Сан Клементе" во Рим по повод одбележување на Манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил" (24 мај 2016);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Советот на јавни обвинители, **г. Зоран Сулејманов** (21 јуни 2016);

Средба со **г. Таки Фити, г. Луан Старова и г. Матеа Матески** (12 јули 2016);

Давање на свечена изјава на новоизбраните членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија (26 јули 2016);

Обраќање по повод 2 Август - Денот на Републиката на Плоштад „Македонија" (2 август 2016);

Работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (24 август 2016);

Свечен прием - коктел по повод 8-ми Септември - Денот на независноста на Република Македонија во Кристална сала во Собрание (7 септември 2016);

Средба со Неговото Блаженство Архиепископ Охридски и Македонски, **г.г. Стефан** (13 септември 2016);

Прослава по повод 80 години од постоењето на „Алкалоид АД Скопје", во хотел Александар Палас (20 септември 2016);

Обраќање по повод Меѓународниот ден на правото на пристап до информации од јавен карактер и 10 годишниот јубилеј од постоењето на Комисијата (28 септември 2016);

Свечен прием по повод Меѓународниот ден на Бошњаците во Македонија, во хотел Холидеј ин (28 септември 2016);

Свечена академија по повод 1100 години од упокојување на Свети Климент (2 октомври 2016);

Давање на свечена изјава на **г. Меџит Јусуфи,** нов член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија (3 октомври 2016);

Обраќање на Свечена академија по повод 11 Октомври - Денот на народното востание и Свечено отварање на Големата сала во Собранието на Република Македонија (10 октомври 2016);

Свечено отварање на Македонска опера и балет (12 октомври 2016);

Давање на свечена изјава на **г. Владе Богданоски**, член на Судски совет на Република Македонија (17 октомври 2016);

Давање на свечена изјава **на г-ѓа Сузана Салиу и г. Јован Андоновски**, заменици на Народниот правобранител (17 октомври 2016).

## 6.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на седмиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Сузана Салиу од ДУИ и Јани Макрадули од СДСМ.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број на активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно кадешто се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период, потпретседателите заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

### ➢ Потпретседател Антонијо Милошоски

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија редовно учествува на координациите на Собранието на кои се разгледуваат прашања поврзани со тековните активности на Собранието, како и прашања од значење за унапредување на работата на Собранието и работните тела.

Редовно учествува на состаноците на Претседателството на Собранието на Република Македонија на кои се планира динамиката на седниците на Собранието и активностите на

работните тела и се одлучува за прием на странски делегации и за испраќање на делегации во странство.

Редовно учествува на пленарните седници на Собранието на Република Македонија.

Како претседател на Комисијата за надворешна политика, претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, член на Комисијата за европски прашања, член на Националниот совет за евроинтеграции, член на Комитет за односи меѓу заедниците, заменик-член на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците има земено активно учество во работата на споменатите и други работни тела.

Претседател е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на СР Германија, а член на пратеничката група за соработка со парламентите на балтичките земји Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, пратеничката група за соработка со Парламентот на Словачката Република и пратеничка група за соработка со Парламентот на Јапонија.

Член е на Делегацијата во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Редовно присуствува на надзорни и јавни расправи организирани од комисиите во Собранието на Република Македонија.

***2.Средби со амбасадори и други дипоrange

- Средба со претседателот на Парламентот на Западна Автсралија, Мајкл Сатерленд;
- Средба со членовите на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Брајан Бинли и Марк Причард;
- Средба со Делегација на Комунистичката партија на Кина, предводена од Џоу Ли;
- Средба со амбасадорот на Арапската Република Египет, Манал Јахиа Шинави;
- Средба со амбасадорот на НР Кина, Вен Зеншун;
- Средба со амбасадорот на Република Финска, Тимо Рајакангас;
- Средба со амбасадорот на СР Германија, Кристине Д. Алтхаузер;
- Средба со амбасадорот на Република Индонезија, Марули Туа Сагала;
- Средба со амбасадорот на Израел, Дан Ориан;
- Средба со Делегација на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, Оддел за Западен Балкан, предводена од Дејвид Кулен;
- Средба со потпретседателот на Парламентот на Нов Јужен Велс, Австралија, Џон Фредерик Најл;
- Средба со Томаш Јирса, член на Парламентот на Чешката Република;
- Средба со потпретседателот на косовското Собрание, Дуда Балје;

- Средба со претседателот на Комисијата за надворешни работи и одбрана на Норвешкиот парламент, Аникен Хуитфелдт и пратеникот Асмунд Аукрсустс;
- Средба со претседателот на Народното Собрание на Република Србија, Маја Гојковиќ,
- Средба со амбасадорот на СР Германија, Кристине Д. Алтхаузер;
- Средба со амбасадорот на САД, Џес Бејли;
- Средба со амбасадорот на Француската Република, Лоранс Оер;
- Средба со известителите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите-членки на Советот на Европа (Мониторинг комисија), Лиза Кристоферсен и Валериј Гилечи, известители на постмониторинг дијалог со Република Македонија;
- Алана Мектиернан, пратеникот во парламентот на Австралија и
- амбасадори на повеќе земји-членки на Европската унија и НАТО.

***3.Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Конференција на тема "Европска интеграција на земјите од Западен Балкан"одржана од 17 до19 јуни 2014 година во Букурешт, Романија;
- Петтиот состанок на комисиите за надворешни работи на парламентите на земјите од Југоисточна Европа- Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Србија, во проширен состав со Комисијата за надворешна политика на парламентот на Република Македонија, одржан од 25 до 26 септември 2014 година во Загреб, Република Хрватска;
- Интер-парламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, одржана од 5 до 7 ноември 2014 година во Рим, Италијанската Република;
- 12 Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-Европска унија, одржан од 26 до 27 ноември 2014 година, во Стразбур, Франција;
- Состанок на Ад-хок работната група на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа во рамките на албанското претседателство, одржан во Тирана, Албанија;
- Интерпарламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, одржана од 4 до 6 март 2015 во Рига, Летонија;
- Конференција на претседатели на комисии за надворешна политика која што во рамките на процесот на соработка со земјите на Југоисточна Европа се одржа во Тирана, Албанија од 12 до 13 март 2015;
- Шестиот состанок на комисиите за надворешни работи на парламентите на земјите од Југоисточна Европа, одржан во Белград, Република Србија од 15 до 16 април 2015;
- Светскиот Самит за "Мир, безбедност и човечки развој" одржан во периодот од 27 до 31 август 2015 во Сеул, Јужна Кореја, во организација на Универзалната Мировна Федерација;
- Конференција на комисиите за европски прашања на земјите од Медитеранот одржана на 26 октомври 2015 во Фиренца, Италијанската Република;

- Парламентарно собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) - регионални синергии, стратегиска соработка и парламентарна дипломатија и седница на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, што се одржаа од 5 до 7 ноември 2015 во Софија, Република Бугарија;
- Меѓународна конференција и седница на Постојаниот комитет на ПС на ПС ЈИЕ одржани од 5 до 7 ноември 2015 во Тирана, Република Албанија;
- Состанок на Делегација на Собранието Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација оддржан од 3 до 4 декември 2015 во Скопје и
- Интерпарламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, одржана од 5 до 8 април во Хаг, Кралство Холандија.

***4. Други значајни настани***

- Потпретседателот Милошоски го отвори македонскиот фестивал на народни песни и ора "Илинденски денови", кој што се одржа во Битола и чиј што покровители се Собранието на Република Македонија и Министерството за култура (29 јули 2014 година) и
- По повод 11 ноември, денот на примирјето и 100 годишнината почетокот на Првата светска војна, како предводник на Делегацијата на Собранието, положи свежо цвеќе на француските воени гробишта во Битола и германските воени гробишта во Прилеп

## ➢ Потпретседател Рафис Алити

Рафис Алити, потпретседател на Собранието на Република Македонија доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија.

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, и како член во работата Комисијата за уставни прашања, комисија за политички систем и однос меѓу заедниците, комисија за оброзование, комиција за наука и спорт и како заменик член на комисија за култура, комисија за прашањата на изборите и именувањата. Потпретседателот има земено учество на сите комиси во работата и на седниците на други работни тела.

Активен член и во Управувачкиот совет на Парламентарниот институт.

### 1. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници

- Средба со г. Џемил Чичек Претседател на Големото Национално Собрание на Република Турција (23 ноември 2014);
- Средба со група пратеници од Собранието на Република Албанија предводена од Алфред Пеза (22 декември 2014);
- Средба со група пратеници од Собранието на Република Албанија;
- Средба со амбасадорот Џес Бејли;
- Средба со претседателот на Албанскиот Парламент г. Илир Мета Средба со група пратеници од Косово;
- Средба со г-дин Јан Хамачек – претседател на Долниот дом на Парламентот на Република Чешка;
- Средба со Генералниот директор на Пошта Косово г. Сејди Хоџа и Генералниот директор на Македонски пошти (10 март 2016);
- Средба со група пратеници од Косово (26 август 2016) и
- Средба со амбасадорот на САД во Република Македонија, г. Џес Бејли 14 септември 2016).

### 2. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми

- Положување цвеќе пред гробот на Мајка Тереза (5 септември 2014);
- Учество и одржан говор пред дипломирани Студенти од 6-генерација на Универзитетот "ИНТЕРНАЦИОНАЛ" во Струга (2 октомври 2014);
- Учество во конференција по повод за ефикасноста и борба против корупцијата (ИПА Програмите на Европската Унија) (19 октомври 2014);
- Положување цвеќе пред гробовите на починатите германиските и француските војници во Битола и Прилеп (26 декември 2014);
- Учество во Семинарот организиран од ЕУ- Преставници во Будва (од 10 до 12 јуни 2015);
- Учество и одржан говор пред дипломирани Студенти од седмата генерација на Универзитетот "ИНТЕРНАЦИОНАЛ" во Струга (4 октомври 2015);
- Учество во Седница на Парламентарно СОбрание на Парлментарната димензија на ЦЕИ во Скопје (од 9 до 11 декември 2015);
- Средба со Генералниот директор на Пошта Косово г. Сејди Хоџа и Генералниот директор на Македонски пошти (10 март 2016);
- Средба со група пратеници од Косово (26 август 2016) и
- Средба со амбасадорот на САД ВО Република Македонија, г. Џес Бејли (14 септември 2016).

## Потпретседател Рената Дескоска

Проф. Рената Дескоска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата СДСМ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија редовно учествува на координациите на Собранието на кои се разгледуваат прашања поврзани со тековните активности на Собранието, како и прашања од значење за унапредување на работата на Собранието и работните тела.

Редовно учествува на состаноците на Претседателството на Собранието на Република Македонија на кои се планира динамиката на седниците на Собранието и активностите на работните тела и се одлучува за прием на странски делегации и за испраќање на делегации во странство.

Претседател на Советот на Собранискиот канал, член на Управувачкиот совет на Парламентарниот инститсут, член на Комисијата за уставни прашања, член на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, заменик член на Националниот совет за евроинтеграциим, заменик член на Постојана анкетна комисија заа заштита на слободите и правата на граѓанинот, заменик член на Комисијата за образование, наука и спорт.

Шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на огранизацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ), Член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ) и Претседател на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија.

### 1. *Средби со амбасадори и други дипломатски претставници*

- Амбасадорот на Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска Н.Е. г. Чарлс Едмунд Гарет;
- Амбасадорот на САД Н.Е. г. Џес Бејли;
- Амбасадорот на Белгија Н.Е. г. Аник Ван Калстер;
- Амбасадорот на Република Полска Н.Е. г. Јацек Стефан Мултановски;
- Амбасадорот на Република Украина Н.Е. г. Јурик Гончарук;
- Шеф на Секторот за Западен Балкан и проширување на Канцеларијата за надворешни прашања и Комонвелт г-ѓа Фиона Мекилвам;
- Заменик Амбасадор на Велика Британија г. Хол Едвардс;
- Шефот на Одделот за Политички прашања на ОБСЕ г. Џејмс де Вит;
- Амбасадорот на Република Украина Н.Е. г. Јурик Гончарук;
- Шеф на Делегацијата на ЕУ во Македонија Н.Е. г. Самуел Жбогар;

- Политички советник во канцеларијата на ЕУ во Македонија, г-ѓа Јоана Штуберт и
- Претседателката на Парламентарното собрание на ОБСЕ, Н.Е. г-ѓа Кристин Мутонен.

**2. Учество на конференции и други меѓународни средби**

- Посета на Парламентот на Чешка;
- Посета на Парламентот на Словачка;
- Интерпарламентарен семинар за улогата на Народниот правобранител во Брисел од 18 до 19 ноември 2015 година;
- Средба со Делегација на Меѓународен секретаријат со Парламентараното собрание на ОБСЕ ;
- Средба со претставници на Социјалдемократската младина на Финска и
- Учество на 64-от Молитвен појадок во Вшингтон Хилтон, Соединети Американски држави, февруари 2016 година;

Како член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ), проф. д-р Рената Дескоска учествуваше на:

- на редовната зимска сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Стразбур, од 24 до 28 јануари 2016 година;
- на редовната летна сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Стразбур, од 20 до 24 јуни 2016 година;
- на состанокот на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Тирана, Р. Албанија, од 21 до 23 септември 2016 година и
- на редовната есенска сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Стразбур, од 10 до 12 октомври 2016 година.

Како шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на огранизацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ), проф. д-р Рената Дескоска претседаваше со Комитетот за организација на Есенската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ во 2016 година, која се одржа во Скопје од 29 септември до 2 октомври 2016 година, и учествуваше на:

- Зимската сесија на Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ја одржа својата редовна Зимска сесија на 25 и 26 февруари 2016 година во Виена, Австрија и
- Петнаесеттата есенска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ се одржа од 29 септември до 2 октомври 2016 година во Скопје, Република Македонија.

# 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 7.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал, и сл.)
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Севетот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 члена, од кои 318 се членови, а 318 заменици-членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 3 | 4 | 3 | 10 |
| Седници на комисии | 3 | 4 | 3 | 10 |
| Друго | 5 | 8 | 3 | 16 |
| **ВКУПНО** | **11** | **16** | **9** | **36** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 320 члена на парламентите од 56 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 320 члена на парламентите од 56 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преабмулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 2 | 2 | 3 | **7** |
| Друго | - | 1 | - | **1** |
| **ВКУПНО** | **2** | **3** | **3** | **8.** |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес. Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

-охрабување на и дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
-привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
-пренесување колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки;
-подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и
-зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и да влијае врз националните ставови и интереси. Исто така, Собранието е форум каде што одредени актуелни прашања на НАТО се тестираат и проценуваат. Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релеванти организации. Врз основа на дебатата во Постојаниот совет на НАТО, генералниот секретар на НАТО подготвува одговори на препораките и резолуциите на Собранието. Целите на ПС

на НАТО накратко можат да се формулираат како:

-да се охрабри дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања,
-да се привлече парламентарното внимание за централните безбедносни прашања, за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа,
-да се пренесат колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки,
-да се развие подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и
-да се зајакнат трансатлантските односи.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 2 | - | **3** |
| Друго | - | 1 | - | **1** |
| **ВКУПНО** | **1** | **3** | **-** | **4** |

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година, е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 162 национални парламенти и 10 меѓународни парламентарни собранија. Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ: поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | - | - | - | - |
| Друго | - | - | - | - |
| **ВКУПНО** | **-** | **-** | **-** | **-** |

# МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕВРОПСКА УНИЈА

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа на членот 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 1 | - | 2 |
| Друго | - | 2 | - | 2 |
| **ВКУПНО** | 1 | 3 | - | 4 |

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

Парламентарното собрание на Франкофонијата е консултативно собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата, формирано во мај 1967 година под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (АИПЛФ). Во јули 1989 година, АИПЛФ се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата.
Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата, Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници.
Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 78 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации, како и 13 парламенти набљудувачи.

Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија има 4 члена, а на Бирото на Секцијата брои 5 члена.

| **АКТИВНОСТИ** | **2014** | **2015** | **2016** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | - | 1 | - | 1 |
| Друго | - | - | - | - |
| **ВКУПНО** | - | 1 | - | 1 |

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка на Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како

самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација.

Земји-членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Собранието на Република Македонија стана членка на оваа организација на 11 спетември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот.

Парламентарното Собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно, кога се состануваат и трите постојани комитети и специјалните работни групи.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 члена, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | - | - | - | - |
| Друго | - | 1 | - | 1 |
| **ВКУПНО** | - | 1 | - | 1 |



## ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент е една од трите најважни институции на Европската унија (покрај Европската комисија, Европскиот совет и Советот на ЕУ), кој го сочинуваат 766 избраници на граѓаните на 28 земји членки на Европската унија избрани на директни избори со петгодишен мандат. Во сегашниот состав, избран во јуни 2009 година, се застапени седум политички групи и независни пратеници. Пратениците дејствуваат и седат во Парламентот според партиската, а не националната припадност. Тие се избираат на непосредни избори според изборните прописи на земјата членка.

Претседателот на Европскиот парламент се избира со мандат од две и пол години (т.е. на половина од мандатот на парламентот), со право на ре-избор. Претседателот го претставува Европскиот парламент *vis-à-vis* надворешниот свет и неговите односи со други институции на Заедницата.

На претседателот му помагаат 14 потпретседатели, кои заедно со него се задолжени да се погрижат за целокупното функционирање на парламентот и неговите конститутивни тела (Бирото и Конференцијата на претседатели), како и за дебатите на пленарна седница. Секоја година, се одржуваат дванаесет пленарни

седници во Стразбур и шест пленарни седници во Брисел.

Седниците и сите документи на Унијата се преведуваат на 23 официјални јазици на Унијата, што претпоставува огромен ангажман.

Во Европскиот парламент има 20 парламентарни комисии. Секоја комисија се состои од 24-76 пратеници, има претседател, биро и секретаријат. Политичкиот состав на комисиите го рефлектира составот на пленарното собрание. Парламентарните комисии се среќаваат еднаш или два пати месечно во Брисел. Нивните дебати се јавни.

Комисиите изготвуваат, изменуваат и усвојуваат законодавни предлози и извештаи од сопствени иницијативи. Тие ги разгледуваат предлозите на Комисијата и Советот и, каде е потребно, изготвуваат извештаи кои треба да се презентираат на пленарна седница.

Европскиот парламент го опслужува служба од 6.000 вработени, од кои околу половината се ангажирани со работи врзани со преводот. Вработените имаат статус на јавни службеници.

| **АКТИВНОСТИ** | **2014** | **2015** | **2016** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| Парламентарни семинари | 2 | 7 | 3 | 12 |
| Студиски посети, стажирања | 1 | 1 | 2 | 4 |
| Друго | 1 | 1 | 1 | 3 |
| **ВКУПНО** | 4 | 9 | 6 | 19 |

CEI
CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКАТА ИНИЦИЈАТИВА

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Англија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина, Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл. Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

Во 2015 година Република Македонија претседаваше со ЦЕИ, при што во рамките на Парламентарната димензија на ЦЕИ се реализираа два настани во Собранието на Република Македонија.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Седници на Парламентарниот комитет | - | 2 | - | **2** |
| Седници на Парламентарното собрание | - | - | - | - |
| Седници на Генералните комитети | - | - | - | - |
| **ВКУПНО** | - | **2** | - | **2** |

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) е основано на 10 мај 2014 година, во Букурешт, Романија. Од тој момент, дотогашната парламентарна димензија со годишни Конференции на претседатели на парламенти на земјите членки на ПСЈИЕ се транформираа во постајно парламентарно собрание.

Членки на ПС ПСЈИЕ се националните парламенти на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија, Турција.

Основни цели на Парламентарното собрание се:

- иницирање на различни форми на размена на искуства од областа на законодавството, хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ, координација на практиките и ставовите во однос на владината димензија и јакнењето на дијалогот со цивилното општество;
- остварување на улогата на чадор за постигнување на синергија во активностите на регионални иницијативи и форми на соработка поврзани со: економијата, инфраструктурата и енергијата; правдата, внатрешните работи и безбедносна соработката; социјалниот развој, образованието, истражувањето и науката;
- поттикнување, следење и набљудување на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство на ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за трансформација на политичките декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;
- јакнење на парламентарните дипломатски активности и врски со регионалните, европските и меѓународни организации, иницијативи и фондации.

Парламентарното собрание има три постојани комитети: Комитет за економија, инфраструктура и енергија, Комитет за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка и Комитет за социјален развој, образование, истражување и наука. Претседателите на комитетите се избираат од редовите на членовите на постојаните делегации, а парламентите од каде што доаѓаат ги организираат состаноците на комитетите. Во рамките на парламентарното собрание функционира ад-хок Работна група за процесот на институционализација на ПС на ПСЈИЕ, составена од пратеници и парламентарни службеници, во својство на национални координатори.

ПС ПСЈИЕ функционира според принципот на ротација на едногодишни претседателства, каде сите одлуки од политички карактер се донесуваат со консензус. Значаен исчекор кон создавањето на условите за формирање на Парламентарното собрание на Процесот, беше постигнат за време на Македонското претседателство со ПСЈИЕ (јуни 2012 - јуни 2013).

Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија од 28 мај 2014 година, се основаше првата Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС ПСЈИЕ, која се состои од

претседателот на Собранието на Република Македонија, четири члена и нивни заменици.

| АКТИВНОСТИ | 2014 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Редовни седници | 1 | 1 | - | 2 |
| Друго | - | 2 | - | 2 |
| ВКУПНО | 1 | 3 | - | 4 |

## 7.2. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Собранието на Република Македонија има формирано 46 пратенички групи за соработка со парламентите на повеќе земји, кои се основани заради остварување на билатерална соработка со парламентите на други држави. При нивното основање се поаѓа од изразените заемни интереси за остварување и развој на соработката меѓу парламентите. Пратеничките групи за соработка дејствуваат преку остварување средби со пратеничките групи или делегациите на соодветните парламенти, размена на мислења, заемна соработка во активностите во меѓународните парламентарни собранија и други начини на дејствување. Тие го следат и поттикнуват севкупниот развој на односите меѓу Република Македонија и соодветната држава и остваруваат средби со претставници на соодветните држави во и надвор од Република Македонија..

| земја | странство | во РМ | вкупно |
|---|---|---|---|
| СР Германија | - | 2 | 2 |
| Република Бугарија | - | 1 | 1 |
| Република Финска | - | 1 | 1 |
| Република Индонезија | - | 1 | 1 |
| Државата Израел | - | 2 | 2 |
| Канада | - | 1 | 1 |
| Народна Република Кина | - | 3 | 3 |
| Република Турција | - | 1 | 1 |
| Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска | - | 1 | 1 |
| Република Полска | - | 1 | 1 |
| Република Унгарија | - | 1 | 1 |
| Австралија | - | 1 | 1 |
| Република Албанија | - | 1 | 1 |
| Република Србија | - | 1 | 1 |
| САД | - | 1 | 1 |
| Чешката Република | - | 2 | 2 |
| Француска Република | - | 1 | 1 |
| Кралството Шведска | - | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | **-** | **23** | **23** |

# 8. БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

# 8. БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

## 8.1. БУЏЕТ

### Улогата на Собранието на Република Македонија во донесувањето на Буџетот на Република Македонија за периодот 2014-2016 година

Буџетот на Република Македонија претставува акт, односно годишен план со кој однапред се планираат и одобруваат приходите кои ги остварува Република Македонија наменети за покривање на јавните расходи на државата што ќе се извршуваат за една година.

Финансирањето на функциите на државата кои се однесуваат на задоволување на јавните добра и услуги се врши по пат на воведување и наплата на јавните приходи.

Буџетот како инструмент за финансирање на функциите на државата е најважен инструмент на економската политика на Република Македонија.

Постапката на изготвувањето, донесувањето и извршувањето на Буџетот на Република Македонија е уредена со Законот за буџетите.

Буџетот на Република Македонија, согласно овој закон се однесува за период од една фискална година која изнесува 12 месеци и започнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември.

Планираните приходи и другите приливи се основа за утврдување на одобрените средства со Буџетот.

Основа за подготвување на Буџетот се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија го изготвува и го доставува до Владата на Република Македонија Министерството за финансии најдоцна до 1 ноември во тековната година. Предлогот на Буџетот се состои од општ, посебен и развоен дел.

Владата на Република Македонија го доставува Предлогот на Буџетот на Република Македонија до Собранието на Република Македонија најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Согласно одредбите од Законот за буџети, Собранието на Република Македонија не може да го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија.

По Предлогот на Буџетот на Република Македонија се води дебата во комисиите на Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што Комисијата за финансирање и буџет е надлежна по ова прашање, таа задолжително го разгледува Буџетот. На седниците на Комисијата се води обемна дискусија на која се изнесуваат бројни мислења, сугестии, предлози, забелешки, а се поставуваат и многу прашања на кои одговор дава претставникот на Владата (министерот за финансии).

Покрај матичната Комисија за финансирање и буџет, Предлогот на Буџетот можат да го разгледуваат и други заинтересирани работни тела. Заинтересираните работни тела го разгледуваат Предлогот на Буџет пред Комисијата за финансирање и буџет и ги доставуваат извештаите во кои ги соопштуваат своите ставови.

Со донесувањето на новиот Деловник на Собранието на Република Македонија во месец јули 2008 година, дебатата во Комисијата за финансирање и буџет уште повеќе се интензивира. Согласно одредбите на Деловникот, Комисијата покрај општ претрес, води претрес и по сите поднесени амандмани од страна на пратениците. Врз основа на усвоените амандмани во Комисијата во финансирање и буџет и во Законодавно правната комисија, Владата на Република Македонија подготвува Дополнет предлог на Буџет. Дополнетиот предлог на Буџет претставува нов интегрален текст во кој Владата ги вградува амандманите со кои се согласила на седницата на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно правната комисија, како и изменувањата и дополнувањата за кои ќе оцени дека се потребни при изготвувањето на интегралниот текст. Овој Дополнет предлог се доставува до Собранието. По истиот се води дебата која трае најмногу три дена.

Со измените на Деловникот на Собранието на Република Македонија од февруари 2013 година се воведе временско ограничување за претресот по Предлог Буџетот на Република Македонија на седниците на Комисијата за финансирање и буџет. Имено, согласно со членот 180-а од Деловникот, престресот (општиот претрес и претресот по амандманите) по Предлогот на Буџетот на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија може да трае најмногу вкупно десет работни дена. Член на работното тело и пратеник во текот на општиот претрес може да говорат повеќе пати во траење од вкупно 20 минути, а координатор на пратеничка група вкупно 30 минути. Претставникот на Владата во општиот претрес може да говори повеќе пати но не повеќе од 30 минути вкупно.

Во постапката на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, согласно Деловникот на Собранието можно е поднесување на амандмани. Амандман по Предлогот на Буџетот може да поднесе секој пратеник, пратеничка група и работно тело.

Согласно со Деловникот на Собранието на Република Македонија, по секој предложен амандман од страна на пратениците се произнесува претставникот на Владата односно министерот за финансии, во смисла на негово прифаќање или неприфаќање.

Собранието на Република Македонија го донесува Буџетот на Република Македонија најдоцна до 31 декември. Министерот за финансии го презентира Предлогот на Буџетот во Собранието на Република Македонија.

Во случај кога Буџетот на Република Македонија за наредната година не е донесен до 31 декември во тековната година, Министерството за финансии одобрува користење на средства месечно најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, имајќи ги предвид готовинските текови.

Доколку Буџетот не се донесе до 31 март во тековната година, Собранието на Република Македонија донесува одлука за продолжување на временото финансирање.

Согласно Законот за буџетите, Министерството за финансии ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на Буџетот на Република Македонија.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Министерството за финансии оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот, или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Владата на Република Македонија изменување и дополнување на Буџетот. Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Исто како и за Предлогот на Буџетот, собраниските комисии и Собранието на Република Македонија дебатираат и за измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија, односно постапката за негово разгледување и донесување е иста како и за Буџетот на Република Македонија.

Буџетот на Република Македонија, односно измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија по нивното донесување од страна на Собранието се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

По истекот на годината за која се однесува Буџетот на Република Македонија, Владата на Република Македонија најдоцна до 30 јуни ја доставува до Собранието на Република Македонија Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за нејзино разгледување и донесување.

Во Буџетот на Република Македонија е вклучен и Буџетот на Собранието на Република Македонија од кој се финансираат функциите на Собранието.

Со цел зајакнување на финансиската автономија на Собранието на Република Македонија на 26 јуни 2008 година, е донесена одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија. Со донесувањето на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09 година), основањето на Буџетскиот совет е уредено со овој закон. Оправданоста од конституирање на овој совет произлегува од искуството на европските парламенти, според кое степенот на финансиската автономија е примарен за оценување на нивото на парламентарната автономија.

Иако буџетот на парламентот по правило е дел од државниот буџет, во повеќето европски парламенти функционираат постојани консултативни тела што го сочинуваат пратеници, преку кои истовремено се врши и менаџирањето со парламентарниот буџет.

Со конституирање на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, се очекува да се обезбедат посободветни услови и динамика за подобрување на ефикасноста во остварување на неговите функции.

Во продолжение следи табела со податоци за Буџетот на Собранието на Република Македонија по години и според намени, односно според буџетски категории како што се: плати, наемнини и надоместоци за вработените, стоки и услуги, субвенции и трансфери и капитални расходи.

## 8.2. ИНВЕСТИЦИИ

Одделението за инвестиционо и тековно одржување го одржува инвестиционо и тековно објектот на Собранието, го одржува системот за греење и ладење и инсталациите во објектот, ги уредува и опремува работните и други простории во зградата; ентериерно го уредува просторот; соработува со Одделението за протоколарни работи во врска со организирање на свечености и други средби и активности во Собранието; организира подготовка и реализација на проекти за инвестициони зафати во објектот на Собранието.

Одделението за инвестиционо и тековно одржување во извештајниот период ги изврши следните работни задачи:

**I. КОНТИНУИРАНИ АКТИВНОСТИ**

1. **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ**
   - Реализација на Проектот за изведување на градежните и градежно-занаетчиските работи за доградба, надградба, адаптација и зајакнување на објектот на Собранието, и тоа:

- **ЗАЈАКНУВАЊЕ**

Завршено зајакнувањето на сите ламели на објектот на Собранието.

- **НАДГРАДБА**

Изведена е надградбата на третиот кат од објектот и вселени се сите работни простории. Изведена е надградба и над Кристалната сала со нов Компјутерски центар на вториот кат.

- **ДОГРАДБА**

На приземје и трите ката изведени се градежно-занаетчиски работи за рабитните простории и истите се вселени. На четвртиот кат од Доградбата се изведено е ентериерното уредување на салата под Големата купола и ентериерот на холот пред Големата сала.

- **АДАПТАЦИЈА**

Завршено е уредувањето на просториите во сутеренскиот дел.

- **ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ**

Изведено е уредувањето на партерот во внатрешниот двор на објектот на Собранието, со доуредување на атмосврската канализазија и поплочување на дворното место.

# 9. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

## 9.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Согласно со членот 107 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 184/13) ЈРП Македонска радио телевизија го обезбедува програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден во Законот за Собрание на Република Македонија.

Во време кога нема активности во Собранието на Република Македонија и додека не се создадат сите со закон предвидени услови за емитување на програмскиот сервис, МРТ на сервисот ќе емитува содржини од сопствено производство (член 3 од Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРТ за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, склучена меѓу Претседателот на Советот на Собранискиот канал и Работоводниот орган на ЈП МРТ).

Собранискиот канал/МРТ емитува програма во траење од 14 часа дневно, од 10.00 до 24.00 часот, а по потреба и подолго од овој термин. Покрај директните преноси на пленарните седници на Собранието, на Собранискиот канал, директно или со снимки се презентира пред јавноста работењето на собраниските комисии, а се емитуваат и преноси или снмки од други активности во Собранието што се составен дел од неговото функционирање. (Меѓународни конференции, Прес-конференции, активности на Клубот на жени пратенички, на невладени организации итн). Сите активности во Собранието кои се пренесуваат на Собранискиот канал се емитуваат со идентификациски знак Собрание на РМ/ МРТ. На овој начин се остварува основната функција на Собранискиот канал и јавност во работењето на Собранието на Република Македонија, со што, ангажманот на пратениците се става на увид на оние кои им го дале мандатот, односно, граѓаните на Република Македонија.

Во периодот од 10 мај 2014 година, кога беше одржана конститутивната седница на Собранието од осмиот собраниски состав, до 31 декември 2014 година директно беа пренесувани 53 собраниски заседанија во траење од 8.798 минути, како и 236 преноси и снимки од седници на собраниските комисии и други активности во Собранието во траење од 11.922 минути.

Во народниот период од 1 јануари 2015 до 31 декември 2015 година на Собранискиот канал се емитувани вкупно 124 преноси на седници на Собранието на РМ, во траење од 22.167 минути, 15 преноси на седници на Комисијата за финансирање и

буџет кои траеле 4.770 минути и 474 снимка од седници на собраниските комисии и други настани што се случувале во Собранието со траење од 22.710 минути.

Од 1 јануари 2016 до распуштањето на Собранието на 17 октомври 2016 година на програмата во живо се пренесувани вкупно 99 собраниски заседанија кои траеле 18.618 минути, како и 21 седница на Комисијата за финасирање и буџет во времетраење од 5.285 минути. Во наведениот период одложено се емитувале снимки од 375 седници на собраниските комисии и други активности во собранието во траење од 24.568 минути.

**Позначајни настани во Собранието што се емитувани на Собранискиот канал**

1. Посетата и заедничката прес конференција на претседателката на Народното Собрание на Република Србија, Маја Гојковиќ на Собранието на Република Македонија;
2. Одбележувањето на 110-годишнината од смртта на Никола Карев - 40 минути;
3. Конференцијата на ЦЕИ и разговор со Шефот на македонската делегација во ЦЕИ, Александар Николовски, како и изјави од Заменик генералниот секретар на ЦЕИ и претставникот од Италија;
4. Седницата на Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на ЦЕИ;
5. Доделување на државни награди и признанија во Собранието на Република Македонија и други настани;
6. Положување на свежо цвеќе на спомениците по повод државните празници во Република Македонија;
7. Изјави за медиуми на претседателот на Собранието Трајко Вељаноски.

Посебно за истакнување е преносот на повеќе надзорни и јавни расправи што се одвиваа во Собранието на различни теми.

Согласно со Спогодбата, кога во Собранието нема активности, за време на паузите, и пред почетокот на пленарните седници МРТ емитува програма од сопствено производство, што е во надлежност на уредувачката политика на ЈРП Македонска радио телевизија .

## 9.2. ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА

Службата и пратениците на Собранието на Република Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент. Со е-Парламент опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали

- креирање на материјал
- прием и архивирање на материјал
- известување за нов материјал

2. Седници на работни тела

- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи

3. Собраниски седници

- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи
- додавање на стенограми
- додавање на аудио и видео записи
- додавање на гласања

4. Пратенички прашања

- најави на пратенички прашања
- додавање на поставени прашања
- додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка "со хартија" во "без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедуваќи високо ниво на ефикасност, економичност, мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. Е-парламентот дава пристап до богати, контекстуални информации за сите вклучени во парламентарниот процес пратеници, професионалци, експерти, медиуми и граѓаните. Овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите, и тоа секому, секаде и на секој уред.


Почетна
Корисник: еп админ Одјава
е-Парламент
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКЦИИ
Седница
Документи
Видео записи
Дневен ред за седница бр.161 на Законодавно-правна комисија
Закажана на 21.02.2014 во 14:00 часот во Сала 4. (Затворена)
Дневен ред за седница бр.161
1. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, по скратена постапка - II читање;
2. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка - II читање;
3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, по скратена постапка - II читање;
4. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка - II читање;
5. Предлог - закон за изменување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка - II читање;
6. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка - II читање;
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за градење (2)
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за градење (4)
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за градење (3)
7. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка - II читање;
8. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка - II читање;
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (8)
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (7)
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (6)
ндман на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (2)
амандман на член 21
амандман на член 9
9. Предлог - закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка - II читање;
10. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка - II читање;
11. Предлог - закон за дополнување на Законот за комуналните дејности, по скратена постапка - II читање;
12. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, по скратена постапка - II читање;
амандман во член 4
амандман во членот 6
13. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка - II читање;
14. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка - II читање;
15. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, по скратена постапка - II читање;
16. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка - II читање;
17. Предлог - закон за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка - II читање;
18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, по скратена постапка - II читање;
19. Предлог-закон за изменување на Законот заштита и спасување, по скратена постапка - II читање;

Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Над 200 државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Во овој мандат, во е-Парламент процесирани се над 30.000 документи.




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат

достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб локација.




Веб локацијата е богата со содржини и можности како упатување на прашања до претседателот на Собранието и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарна библиотека и многу други содржини.

На веб локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи и заклучоци поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела и записници од собраниските седници.

Поголемиот дел од информациите може да се прочитаат уште и на англиски, албански и француски јазик.

На веб локацијата може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Македонија воведе свој Facebook, Twitter и Youtube профил. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-локацијата на

Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела или меѓународни и други активности на пратениците.







YouTube MK
Upload
Sobranie na Republika Makedonija
What to Watch
My Channel
My Subscriptions
Social
History
Watch Later
PLAYLISTS
Liked videos
SUBSCRIPTIONS
Add channels
Popular on YouTube
Music
Sports
Gaming
Browse channels
Manage subscriptions
1 subscriber
12 views
Video Manager
View as public
Sobranie na Republika Makedonija
Home
Videos
Playlists
Discussion
About
Share your thoughts
All activities
Sobranie na Republika Makedonija uploaded a video
Среда, 25 септември 2013 година
1 month ago • 7 views
Обраќање на Баронеса Д'Суза, Лорд Спикер на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Брита...
10:18
Sobranie na Republika Makedonija uploaded a video
Среда, 4 септември 2013 година
1 month ago • 1 view
Обраќање на спикерот на Сенатот на Канада, г. Ноел Кинсела на 70. седница на Собранието на Република Македонија
28:25
Channel tips
Add channel art
Add web links
Describe your channel
View all »
Featured Channels
+ Add channels
Popular channels on YouTube
SandyCoben
Subscribe
Kelly MissesVlog
Subscribe
SemperVideo
Subscribe
celiskarla
Subscribe
100%

## 9.3.СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес-центар со телефонски линии и компјутери. До сите акредитирани медиуми редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

За следење на активностите на Собранието на Република Македонија во текот на 2014 и 2015 година беа вкупно акредитирани 1.106 претставници на средствата за јавно информирање, додека во 2016 година таа бројка достигнато вкупно 1.179 претставници на средствата за јавно информирање.

Собранието на Република Македонија во текот на 2014 година, акредитира 81 медиум и тоа акредитирани се 30 радио и ТВ-куќи со 580 нивни претставници, 12 печатени медиуми, и тоа 9 дневни медиуми и 3 неделници така што дневните медиуми акредитираа 179 известувачи, додека неделните медиуми беа претставени од 61 известувач како и 39 агенции, продукции и други медиуми со вкупно акредитирани 284 претставници.

Овие бројки во текот на 2015 година имаат мала промена така што вкупниот број на акредитирани медиуми е 79 и тоа 32 радио и ТВ-куќи со 614 нивни претставници, 11 печатени медиуми, и тоа 9 дневни медиуми и 2 неделници така што дневните медиуми акредитираа 177 известувачи, додека неделните медиуми беа претставени од 49 известувач како и 36 агенции, продукции и други медиуми со вкупно акредитирани 279 претставници.

Состојбата во 2016 година на крајот на овој осми парламентарен состав е следната- вкупниот број на акредитирани медиуми е 86 и тоа 32 радио и ТВ-куќи со 633 нивни претставници, 11 печатени медиуми, и тоа 9 дневни медиуми и 2 неделници така што дневните медиуми акредитираа 165 известувачи, додека неделните медиуми беа претставени од 48 известувач како и 43 агенции, продукции и други медиуми со вкупно акредитирани 347 претставници.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица 2014 год. | број на акредитирани лица 2015 год. | број на акредитирани лица 2016 год. |
|---|---|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | | | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 20 | 19 | 21 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 | 6 | 6 |
| МТВ | 118 | 86 | 86 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 18 | 18 | 18 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 42 | 42 | 42 |
| РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 | 2 | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 | 2 | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 | 1 | 1 |
| РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 | 3 | 3 |
| РЕДАКЦИЈА НА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 | 9 | 9 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 29 | 32 | 33 |
| ТЕЛМА | 36 | 34 | 38 |
| АЛ САТ | 30 | 34 | 33 |
| СИТЕЛ | 72 | 74 | 76 |
| ТВ ЕРА | 6 | 13 | 13 |
| СКАЈНЕТ | 4 | 4 | 4 |
| ТВ АЛФА | 34 | 32 | 28 |
| РТВ БТР НАЦИОНАЛ | 8 | 8 | 8 |
| НАША ТВ | 8 | 9 | 9 |
| ТВ СОНЦЕ | 8 | 11 | 11 |
| ТВ „Е" | 10 | 10 | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 34 | 37 | 42 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 3 | 3 | 4 |
| АЛБ ТВ | 13 | 13 | 13 |
| ТВ 21 М | - | 17 | 27 |
| ТВ ШЕЊА | - | 33 | 31 |
| ТВ АРТ | - | 5 | 6 |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 34 | 34 | 34 |
| РАДИО ВАТ | 3 | 3 | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 | 10 | 8 |
| РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА | 7 | 7 | 7 |
| РАДИО МОФ | 3 | 3 | 5 |
| МАКЕДОНИЈА 24 | 9 | - | - |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | | | |
| ДНЕВНИК | 38 | 36 | 27 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 21 | 21 | 21 |
| ВЕЧЕР | 30 | 28 | 30 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 26 | 27 | 27 |
| ВЕСТ | 35 | 34 | 29 |
| КОХА | 8 | 8 | 8 |
| ЛАЈМ | 10 | 10 | 10 |
| БИЗНИС | 4 | 4 | 4 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 7 | 9 | 9 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | | | |
| ФОКУС ПРЕС | 17 | 15 | 15 |
| ГЛОБУС | 10 | - | - |
| КАПИТАЛ | 34 | 34 | 33 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | | | |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 10 | 10 | 10 |
| МИА-агенција | 38 | 39 | 42 |
| МАКФАКС-агенција | 6 | 6 | 6 |
| ОБСЕ | 25 | 30 | 33 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 4 | 4 | 4 |
| НЕТПРЕС | 10 | 10 | 10 |
| ВАЛУТА | 4 | 4 | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 | 8 | 8 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 | 1 | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 | 1 | 1 |
| ЗАМАН | 7 | 7 | 7 |
| КУРИР | 9 | 11 | 11 |
| ТОМАТО ДООЕЛ | 4 | - | - |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 | 3 | 3 |
| e REPORTER | 4 | 4 | 4 |
| ЖУРНАЛ | 14 | 14 | 14 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 | 4 | 4 |
| DEUTSCHE WELLE | 2 | - | - |
| ПЛУСИНФО | 9 | 9 | 9 |
| РЕВОЛУЦИЈА | 5 | - | - |
| А1он | 8 | 5 | 6 |
| НОВА ТВ | 10 | 10 | 12 |
| БРИФ | 6 | 5 | 5 |
| ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ МКД.МК | 4 | 4 | 4 |
| ТЕЛЕГРАФ.МК | 18 | 11 | 11 |
| МАРИЛИ | 2 | - | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ТРИНИТИ ПЛУС ПРОДУКЦИЈА | 3 | 3 | 3 |
| МАКЕДОНСКА ИНТЕРНЕТ НОВИНСКА АГЕНЦИЈА „БЕЗ ПАРДОН" | 9 | 9 | 9 |
| БИРН | 2 | 7 | 7 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 | 4 | 4 |
| ПАРТЕС ПРОДУКЦИЈА ДОО | 7 | 7 | 7 |
| ПОРТАЛБ | 3 | 4 | 4 |
| РЕПУБЛИКА | 19 | 18 | 17 |
| ФоНет | 1 | 1 | 1 |
| ANADOLU AGENCY | - | 8 | 10 |
| РЕПОРТЕР.МК | - | 3 | 3 |
| ПРЕМИН | 2 | 2 | 3 |
| МКД.МК | - | - | 3 |
| ТВ НОВА | - | - | 36 |
| АКАДЕМИК | - | - | 2 |
| ИНБОКС 7 | 8 | 6 | 7 |
| GLORY | 2 | 2 | 2 |
| МЕТА.МК | 3 | 5 | 5 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | - | - | 7 |
| ПОЛИТИКО | 5 | - | - |
| ЦИВИЛ МЕДИА | - | - | 4 |
| АКТУЕЛНО | - | - | 2 |

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 10.СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во службата на Собранието.*

*Согласно овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следните нивоа:*

- *генерален секретар;*
- *заменик на генералниот секретар;*
- *сектори и*
- *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи Генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно новиот правилник за организација се образуваа 13 сектори, и две посебни организациони единици - ооделенија за извршување на обврски утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со три одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар врши нормативно-правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, врши работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собрание.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието-законодавната. Составен од единаесет одделенија; врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за Првото и Второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот

систем и од јавните дејности; подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од Второто читање на законите; ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собрание за Второ читање, ја следи седницата на Собранието на Третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори односно одделенија и по барање на Европските параламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања; разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со Раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, ко-секретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на WEB презентацијата на Собранието како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија, врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

| Сектори во Собранието на Република Македонија | Предвидени работни места | Пополнети работни места | Пополнети работни места % | Непополнети работни места | Непополнети работни места % |
|---|---|---|---|---|---|
| Државни советници | 11 | 8 | 72.73% | 3 | 27.27% |
| Кабинет на Претседателот на Собранието | 20 | 8 | 40% | 12 | 60% |
| Сектор на генералниот секретар | 55 | 24 | 43.64% | 31 | 56.36% |
| Законодавно-правен сектор | 17 | 7 | 41.18% | 10 | 58.82% |
| Сектор за седници на собрание | 16 | 11 | 68.75% | 5 | 31.25% |
| Сектор за работни тела | 62 | 43 | 69.35% | 19 | 30.65% |
| Сектор за истражување и анализа, библиотека и документација | 17 | 12 | 70.59% | 5 | 29.41% |
| Сектор за меѓународна соработка | 11 | 7 | 63.64% | 4 | 36.36% |
| Сектор за подршка на Националниот совет за евроинтеграции | 12 | 7 | 58.33% | 5 | 41.67% |
| Сектор за информатички и комуникациски технологии | 21 | 17 | 80.95% | 4 | 19.05% |
| Сектор за финансиски прашања | 23 | 13 | 56.52% | 10 | 43.48% |
| Сектор за стручни и административни работи | 105 | 78 | 74.29% | 27 | 25.71% |
| Сектор за преведување | 30 | 22 | 73.33% | 8 | 26.67% |
| Сектор за поддршка на Советот на Собранискиот канал | 6 | 1 | 16.67% | 5 | 83.33% |
| Парламетарен институт | 25 | 20 | 80% | 5 | 20% |
| Одделение за внатрешна ревизија | 5 | 3 | 60% | 2 | 40% |
| Одделение за управување со човечки ресурси | 4 | 1 | 25% | 3 | 75% |
| **ВКУПНО** | **440** | **282** | **64.09%** | **158** | **35.91%** |

## 10.2. Одделение за човекови ресурси

**Инвестирање во развојот на човечките ресурси на Службата на Собранието**

Во функција на остварување на стратешките приоритети на Република Македонија за полноправно членство во Европската унија и во НАТО, несомнено е потребно продолжување на реформите на јавната администрација преку градење и развивање на капацитетите на човечките ресурси и на институциите на системот. Во овој контекст, едукацијата е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само високостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Согласно Законот за административни службеници, административните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието има воспоставен механизам на едукација како предуслов за професионалниот развој во звањата и постојаност во Службата. Притоа, се следени примерите и позитивните искуства на другите парламенти и нивна соодветна примена. Во извештајниот период се остварени значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, семинари, студиски престои со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено, се водеше сметка за обука на Службата во сите сегменти, вклучително и за усовршување на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е подготовката на годишна програма за обука на административните службеници во Службата на Собранието во која се содржани активностите кои им помогаат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен ефект, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории државни службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните знаења, вештини и стручност. Програмите за обука на државните службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието. Процесот на обука во Службата на Собранието се одвиваше континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа.

Во мандатниот период се реализирани повеќе специјализирани и генерички обуки.

**Специјализирани обуки**

***<u>Во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ):</u>***

- Обука на тема: "Лидерство и менаџмент", Скопје;
- Развој на парламентарна архива, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Индексирање според EUROVOC, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Студиска посета на архивите на Европскиот парламент, Брисел и Луксембург;
- Регионална работилница за улогата на законодавните служби во работата на парламентите, како иницијатива за законодавно зајакнување на Западен Балкан, Части Папирничка, Словачка;
- Студиска посета: International Parlaments - Cooperation, Германскиот Бундестаг, Берлин Германија;
- Обука на тема: "Користење на статистички податоци", Државен завод за статистика, Скопје;
- Обука на тема: "Обука за истражување во општествените науки", Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Обука за Е-архива, Скопје;
- Работилница на тема: "Консултации за управување", Едукативниот центар на Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Регионална парламентарна истражувачка мрежа, Приштина, Република Косово;
- Регионална парламентарна истражувачка мрежа, Тирана, Република Албанија;
- Регионална Алумни работилница на истражувачката служба за унапредување на истраживачките услуги во парламентите на Западен Балкан, Црна Гора;
- Регионална парламентарна истражувачка мрежа, Република Србија;
- Регионална конференција "Придобивката од користењето на службите за истражување во парламентите од регионот", Едукативен центар, Собрание на Република Македонија;
- Студиска посета на Чешка и Словачка;
- Обука на тема: "Консултации за финасиски менаџмент", Едукативен центар, Собрание на Република Македонија;
- Работилница:“Развој на стандарди за обуки за практичност за ПИ ", Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија;

- Регионална работилница: ‘‘Отворен парламент - вклучени граѓани‘‘,Часта-Папиерничка, Словачка Република;
- Работилница: ‘‘Мониторинг и евалуација‘‘, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија;
- Обука на тема: "Раководење и развој", во организација на Парламентарен институт, а со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка, Маврово;
- Обука за обучувачи, хотел Бест Вестерн, Скопје;
- Работилница: "Номотехника, ресурси за работа и меѓународни искуства за работа на асистентите на пратеничките групи‘‘ во организација на Парламентарниот институт, Струмица;
- Работилница: Улогата и одговорностите на Законодавно-правните сектори во парламентите на Централна и Источна Европа, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија;
- Воведна сесија на волонтерите во Парламентарниот институт, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија и
- Студиска посета на Шведскиот парламент, Стокхолм, Шведска.

***Во организација на Секретаријатот за европски прашања:***

- Обука на тема: "Соработка во областите правда и внатрешни работи во ЕУ", Скопје;
- Обука на тема: "Идни партнери во ЕУ (Заедничка земјоделска политика и животна средина во ЕУ), Скопје;
- Обука за Лидерство и координација, Скопје;
- Правопис и правоговор на македонскиот јазик, Скопје;
- Работилница за поглавјата 3.23, 3.24, и 3.31 и политичките критериуми со цел да се идентификуваат приоритети за НПАА ревизија 2015 врз основа на гап анализата на Извештајот за напредокот 2014 година, во рамките на соработката со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ), Скопје;
- Работилница за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2015, во рамките на соработката со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ), Охрид;
- Обука на тема: "Управување со проектен циклус", во рамките на соработката со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ), Скопје;
- Обука на тема: "Како да се известуваат медиумите за техничките прашања";

- Обука за ИПА оперативна структура на тема: „ИПА Practical Guide", и „Неправилности и измама", Скопје во рамките на соработката со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ);
- Работилница за координативни структури на ЕУ-искуствата на Хрватска, Полска и Германија и импактот врз Македонија", Скопје;
- Обука на тема: „Законодавната процедура и координативни механизми-искуствата на Хрватска и Полска и импактот врз Македонија", Скопје;
- Обука на тема:„Секторска буџетска поддршка на ЕУ", Скопје, во организација на Секретаријатот за европски прашања и Регионална школа за јавна администрација (РеСПА);
- Обука за вештини на обучувач, во рамките на соработката со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ), Скопје;
- „Обука за нововработени членови на оперативната структура на ИПА", Скопје;
- Обуки во рамките на Твининг проект на СЕП "Понатамошно јакнење на организациските и институционалните капацитети во процесот на европска интеграција - Компонента 1. Резултат , 2: јакнење на на капацитетите во процесот на хармонизација на националното со европското законодавство на повеќе теми:
  -"Хармонизација на националното законодавство со правните акти на ЕУ и техники на транспозиција"
  -"Институциите и правото на Европската унија"
  -"Преговарачки практики во процесот на пристапување"
  -"Процес на одлучување во ЕУ и практики"
  -"Механизмот на поставување на услови во процесот на преговарање/CVM benchmarking"
  -"ИПА 1/ИПА2"
  -"Влијание на регулативата во процесот на апроксимација/РИА" и
  -"Приоритетите на политиките на Европската унија".

***<u>Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација -ЕЦПРД семинари:</u>***

- „Пораст на нееднаквоста на приходите и демократската стабилност", Лондон;
- „Стенографски белешки, записник на 21 век", Љубљана;
- Парламентите на веб: „Како да се подобри учеството на граѓаните користејќи интернет технологии и социјални мрежи и како парламентарните процедури да ги поддржат транспарентноста и учеството", Рим, Италија;
- Годишна конференција на ECPRD кореспонденти, Белград;

- „Е- парламент во акција : најдобрите практики во областа на ИКТ за стратешко планирање, информациска безбедност, мобилност и cloud computing", Црна Гора;
- „Некои важни прашања за парламентите во Европа: Фискална политика насочена кон зајакнување на одговорноста, социјалната сигурност и технолошкиот напредок", Варшава, Република Полска;
- Библиотеки и истражувачки служби кои обезбедуваат отвореност и транспарентност на Парламентот, Будимпешта, Унгарија;
- „Вклучување на јавноста во постапката на изготвување и донесување закони", Загреб;
- „Е-парламент ИКТ услуги од секаде и во секое време: нови предизвици и проекти", Анкара, Турција;
- „Карактеристиките, предностите и недостатоците на еднодомните и дводомните парламентарни системи", Хаг, Холандија;
- ‘‘Иновативни услуги за парламентарните библиотеки, истражувачки услуги и архиви‘‘, Осло, Норвешка.

***Во рамки на проектот „Поддршка за реформите во јавната администрација" поддржан од Британската амбасада во Скопје, кој се спроведува во Министерството за информатичко општество и администрација:***

- Обука за обучувачи Пакет 1 на тема: "Стратешка свест и креирање политики", Скопје;
- Обука за обучувачи Пакет 2 на тема: „Leadership and Management Essentials & Personal Effectiveness ", Скопје и
- Обука за обучувачи Пакет 3 на тема: „Управување со учинок и лична ефикасност" (Performance management and personal effectivness), Охрид.

***Во организација на Европскиот парламент:***

- Стаж во Европскиот парламент во рамки на Претпристапната програма за стажирање во Европскиот парламент, Брисел, Белгија;
- Процес на хармонизација на легислативата со стандардите со ЕУ, во организација на ASSER институт и Министерство за надворешни работи на Холандија, Анкара, Турција;
- Парламентарен семинар на тема: „Зајакнување на положбата на жените и девојките преку образование" и Интерпарламентарна конференција на тема:„Политичко учество на жените од Западен Балкан и Турција", Европски парламент во Брисел, Кралство Белгија;

- Семинар на тема: „Развивање на политичката култура и унапредување на политичкиот дијалог кон одржлива демократија", Брисел, Кралство Белгија;
- Парламентарен семинар на тема: "Енергетска сигурност, енергетска ефикасност и поврзаност на земјите од Западен Балкан и Турција", Анкара, Големото Национално Собрание на Република Турција, во организација на Европскиот парламент и Големото Национално Собрание на Република Турција;
- Стажирање во Генералниот директорат за комуникации - Директорат за медиуми во Европскиот парламент во рамките на Претпристапната програма за стажирање на Европскиот парламент, Брисел и Стразбур;
- Интетрпарламентарен семинар на тема:„Реформи од 2013 година за заедничката земјоделска политика (CAP/ЗЗП): импликации за земјите од проширувањето", Брисел, Кралството Белгија и
- Стаж во Европскиот парламент во рамките на повеќегодишната шестнеделна програма во организација на Одделението за претпристапни активности во Европскиот парламент, за државни службеници од парламентите на земјите од Западен Балкан и Турција, Брисел и Стразбур.

***<u>Во рамките на TAIEX програмата:</u>***

- Работилница за Стандардизација на професијата менаџмент со човечки ресурси во соработка со Институтот за стандардизација на Република Македонија, Скопје;
- Работилница за слободен пристап до информации од јавен карактер, организирана во соработка со Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Скопје и
- Студиска посета за размена на искуства во истражувањето и анализата, Парламент на Ирска, Даблин.

***<u>Во организација на Виенски меѓународен економски институт:</u>***

- Политики за странски директни и индиректни инвестиции, Виена, Австрија;
- Семинар на тема: "Јавно приватно партнерство", Виена, Австрија и
- Обука на тема:„Јавно управување и структурни реформи", Виена, Австрија.

***<u>Во организација на Вестминстер фондацијата за демократија и Мрежата на парламентарните комисии за економија, финансии и европска интеграција (NPC) на земјите од Западен Балкан:</u>***

- Регионален тренинг за парламентарни службеници на тема: „Парламентите и буџетскиот и финансискиот надзор во земјите од Западен Балкан", Црна Гора;

- Регионална работилница на тема: „Улогата на парламентите во извршување на надзорни активности над енергетските политики во парламентите од Западен Балкан", Тирана, Албанија;
- Регионална конференција на тема: „Улогата на парламентите во буџетскиот и финансискиот надзор", Тирана, Албанија и
- Регионална конференција на тема: „Зајакнување на регионална соработка помеѓу парламентите од Западен Балкан со цел подобрување на менаџирањето со јавните финансии", Белград, Република Србија.

***Во организација на Националниот демократски институт (NDI):***

- Работилница на тема: „Надзорни расправи во Собранието на Република Македонија од перспектива на советници на комисии-размена на мислења и искуства-добра пракса, совети и предлози", Скопје;
- House democracy partnership, Parliamentary Staff Institute Legislative Research and Analysis , НДИ, Вашингтон;
- Обука на тема: "Работата на парламентарните комисии", Конгресот на САД, Вашингтон и
- ‘‘Конференција за истражување и библиотечните услуги во парламентите‘‘, Вашингтон, САД.

***Во организација на Центарот за Европски безбедносни студии (CESS), Холандија и Собранието на Република Македонија, финансиски подржана од Амбасадата на Холандија:***

- Работилница на тема: „Процена на работните процеси и практични димензии во рамките на парламентарните комисии", Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија;
- Обука за законодавниот процес, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија;
- Работилница за градење консензус и преговарање во политиката, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Македонија;
- Работилница на тема: „Обука за вршење ефективно истражување и пишување политички студии/анализи", Охрид;
- Работилница на тема: „Хармонизација и законодавно усогласување со ЕУ", Охрид и
- Работилница за односи со јавноста, Скопје.

***Во организација на Националната школа за администрација (ЕНА) во Париз, Франција:***

- Краток стаж во Националната школа за администрација (ENA) со наслов „Заштита на човековите права", Париз, Франција.

***Во организација на Националното собрание и Сенатот на Француската Република:***

- Две студиски посети на Националното собрание и Сенатот на Француската Република, Париз, Француска Република.

***Во рамките на Програмата на Меѓународната организација на Франкофонијата „Зајакнување на капацитети за работа преку изучување на францускиот јазик за државни службеници и дипломати надлежни за европски и мултилатерални прашања***

- Тематска работилница на тема: „Земање збор при формален состанок", Француски институт, Скопје.

***Во соработка со Мисијата на ОБСЕ:***

- Трет тематски состанок на партиципативниот форум „Остварување на правото на пристап до медиумите и правото на информирање на заедниците на локално ниво", во организација на Агенцијата за остварување на правата на зедниците во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Скопје;
- Средба на генерални секретари на парламентите од регионот на тема: „Ефикасно планирање и извршување на буџетите на парламентите", во организација на Парламентарна скупштина на БиХ во соработка со Мисијата на ОБСЕ, Сараево;
- Регионален семинар за претставници на парламентите од Западен Балкан на тема: „Парламентарен надзор врз владата и одговорноста на парламентарните служби при извршување на надзорни активности", во заедничка организација на Мисијата на ОБСЕ во Косово, Косовскиот Парламент и GIZ (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit – Германско здружение за меѓународна соработка) на проектот за Реформа на јавните финансии во Косово, Приштина, Косово;
- Обука на тема:„Ефективно остварување на правата на заедниците", Струга, во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедницие и Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- Обука на тема: "Ефективно управување на правата на заедниците", Струга, во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- Конференција на тема: "Унапредување на правата на заедниците и меѓукултурен дијалог на локално ниво", Скопјеи
- Партиципативен форум на тема: "Примена на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства", во организација на Агенцијата за

остварување на правата на заедниците со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

***<u>Во организација на Министерство за финансии:</u>***

- Обука на тема: „Проценка на ризиците во планирањето на ревизијата" и
- Обука на тема:„Управување со ризици".

***<u>Во организација на Центарот за безбедност, развој и владеење на правото (DCAF):</u>***

- Регионален семинар „Парламентарната служба од Југоисточна Европа", Љубљана;
- Обука на тема:„ Употреба и злоупотреба на средствата за електронски надзор", Крањ, Република Словенија и
- Разгледување на законот за следење на комуникациите, Скопје.

***<u>Во организација на Парламентарното собрание на Советот на Европа:</u>***

- Семинар на тема:"Европскиот суд за човекови права и Европската социјална повелба", наменет за секретарите на националните делегации во Парламентарното собрание на Советот на Европа, Стразбур, Француската Република.

***<u>Во организација на „Мотива", Друштво за менаџмент консалтинг, образование и обука</u>***

- „Семинар за тимска работа", М6 Едукативен центар, Скопје и
- „Семинар за проектен менаџмент", М6 Едукативен центар, Скопје.

***<u>Други обуки:</u>***

- Работни процеси и практични димензии на парламентарните комисии, Center for European Security Studies, Собрание на Република Македонија;
- Презентација на новиот систем Ki-Pay за прием на уплати кон Буџетот на Република Македонија;
- Art and design for Advocacy, Јастребац, Србија;
- Конференција на тема: Управување со правни ризици, Скопје;
- Тркалезна маса на тема: „Аналитички мониторинг на контролната функција на Парламентот на Црна Гора", во организација на Институт алтернатива Подгорица со поддршка на Фондацијата институт отворено општество од Будимпешта, Црна Гора;
- Екстерно оценување во високото образование, Скопје;
- Стручно советување на тема: "Изготвување на завршна сметка за 2014 година според новите прописи";

- Обука на тема: "Трет семинар за приватни (воени) компании за обезбедување и Националниот безбедносен сектор", Ракитје, Република Хрватска, во организација на RACVIAC-Центарот за безбедносна соработка;
- Обука на тема: "Буџетска поддршка", ЕУ Инфо центарот, Скопје, во организација на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија;
- Обука на тема: "Обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци", во организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Скопје;
- Обука на тема: "Алатки за инклузивен раст", Виена, Австрија во организација на ММФ;
- Национална конференција на тема: "Мултикултурализам и толеранција-миграциите и предизвиците на социјалната интеграција", МАНУ, Скопје;
- Работилница за парламентарни служби од комисиите надлежни за енергетски прашања, Виена, Австрија, во организација на Енергетската заедница;
- Интерпарламентарна конференција на тема: "Јавниот медиумски сервис и парламентите", Загреб, Република Хрватска;
- Работилница на тема: "Вклучување на родови перспективи во истражување и анализи на политиките", Берово, во организација на UN Women;
- Обука на тема: "Транзиција на ИСО 9001:2008 во новата верзија ISO 9001:2015, Скопје и
- Втора работилница за градење коалиција за отворена влада "Слобода на информации и отворени податоци", Скопје ЕУ Инфо центар, во организација на Центар за истражување и креирање политики.

***<u>Внатрешни обуки</u>***

- Обука за техники за напредно пребарување/пребарување низ бази на податоци, внатрешна обука, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Внатрешна обука на тема: „Веб локацијата на Собранието на Република Македонија", Собрание на Република Македонија;
- Внатрешни еднодневни обука на тема: "Microsoft Excel - табеларни пресметки и графици - основно ниво", Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Обука за Заедничката рамка за проценка-CAF, Едукативен центар на Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија;
- Обука за вработените во Службата на Собранието за имплементација на Стандардот за управување со квалитет, ИСО 9001:2008, Собрание на Република Македонијаи

- Работилница за заедничка рамка за проценка CAF, Собрание на Република Македонија, Скопје.

**Часови по француски, германски и албански јазик за Службата на Собранието кои се реализираат во Парламентарниот институт во Собранието на Република Македонија**

**Генерички обуки:**

Исто така во мандатниот период во организација на Министерството за информатичко општество и администрација беа реализирани следниве генерички обуки**:**

- "Административно работење";
- „Вовед во Е-влада";
- „Антикорупциски мерки и етика во државната служба ";
- "Управување со буџет и финансии";
- "Стратешко лидерство и вештини за креирање на политики";
- "Управување со учинок";
- Обука за обучувачи на тема: "Менторство";
- Обука за запознавање со новите закони за јавна администрација;
- "Лидерство";
- "Основна обука за изготвување на закони во Република Македонија;
- Практична обука за подготовка на акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, согласно новите закони за администрација;
- "Основи на Европската унија";
- Обука за ментори;
- Обука на тема: "Процесни имплементации на CAF модел";
- Обука за обучувачи: "Имплементација на CAF";
- Петта годишна конференција за управување со човечки ресурси на тема: "Функционална анализа";
- „Постапка за стручно усовршување на административни службеници";
- Обука за користење на Системот за управување со учењето (СУУ);
- Закон за електронско управување, (Систем за микроучење);
- Управување со човечки ресурси, (Систем за микроучење) и
- Управување со човечки ресурси - Предизвици, можности и алатки, (Систем за микроучење).

## 10.3. Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Улогата на внатрешната ревизија, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола е да даде поддршка на раководителите во организацијата од јавниот сектор во остварување на целите на организацијата. Внатрешната ревизија тоа успешно може да го направи преку "изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија", изготвени врз основа на објективна проценка на ризик, како и преку извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

Непосредна задача на внатрешната ревизија во организацијата е да врши проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола, односно оценка на успешноста во управувањето со ризиците во однос на: усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори, веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации, безбедноста на имотот, информациите, извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

Цел на внатрешната ревизија е давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии. Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му дава, независно, разумно, објективно уверување и совет, со цел да допринесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

### ПЛАНИРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

Внатрешна ревизија се извршува врз основа на: стратешки план за период од три години, годишен план и план за поединечна ревизија. Стратешкиот и годишниот план за извршување на внатрешна ревизија ги донесува раководителот на единицата за внатрешна ревизија по добиена согласност од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршената проценка на ризиците. Раководителот на единицата за внатрешна ревизија за секоја поединечна ревизија одобрува план и програма со која поконкретно се опишуваат ревизорските постапки.

Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија содржи: вовед, мисија и визија на единицата за внатрешна ревизија; анализа на состојбата (слабостите) - преглед на системите и процесите во субјектот каде спроведената проценка на ризиците укажува постоење на високи и средни ризици; приоритети (главни цели) на единицата за внатрешна ревизија; мерки (програми и активности на единицата за внатрешна ревизија за подобрување на состојбите (слабостите) на

системите и процесите во субјектот каде постојат високи и средни ризици и утврдување на потребните средства за реализација на приоритетите и мерките (буџет на единицата за натрешна ревизија) со детални пресметки и образложение.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија најдоцна до 15 декември во тековната година треба да ги достави стратешкиот план за наредните три години и годишниот план за ревизија за наредната година до Централната единица за хармонизација и до раководителите во организационите единици на субјектите од јавниот сектор опфатени со годишниот план.

Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија претставува список на активности на единицата за внатрешна ревизија за намалување или сведување на минимум на ризиците во одделни процеси во организацијата преку спроведување на ревизии кои ќе обезбедат препораки за решавање на одделни проблеми во организацијата.

Планираните ревизии во Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија треба да произлегуваат од главните цели и активности во стратешкиот план. Тие треба да придонесуваат за реализација на посакуваните главни цели, односно решавање на одделни проблеми во организацијта. Годишниот план за ревизија може да се измени доколку дојде до значителна промена на проценетиот ризик или планираните ресурси при изготвување на годишниот план. За измената на годишниот план раководителот на единицата за внатрешна ревизија треба да ја извести Централната единица за хармонизација.

Ревизијата се извршува со утврдување, анализирање, проценка и документирање на податоците, доволни за давање на стручно мислење за поставените цели. Раководителот на единицата за внатрешна ревизија во согласност со раководителот на субјектот од јавниот сектор може да ангажира и експерти кои ќе помагаат при извршувањето на внатрешната ревизија во одделни области. За секоја извршена внатрешна ревизија се изготвува ревизорски извештај.

Согласно Годишните планови за извршување на внатрешна ревизија за за дадениот период беа планирани 15 ревизии од кои три ревизии на усогласеност (регуларност) и седум ревизии за функционирањето на системот на внатрешни контроли една ревизија на успешност и четири ревизии на следење на препораките од изготвените ревизорски извештаии.

## 10.4. Парламентарен институт

### 1. ДОДАВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА ЗАКОНОДАВНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО

**1.1** Парламентарниот институт во извештајниот период обезбедуваше навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и по сопствена иницијатива. Парламентарниот институт одговори на 230 барања од пратеници и 4 барања од друг овластен барател или вкупно 234[22]. Според статистиката постои урамнотеженост во барањата на родова основа и соодветна покриеност на пратеници од различни етнички заедници.

*Табела1. Статистика на истражувања по барање на пратеници*

| Барања за истражување во период од 10.05.2014 до 17.10.2016 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | |
| **230** | | | | |
| Полова структура | број на барања од жени пратеници | | број на барања од мажи пратеници | |
| | 110 | 47,82 % | 120 | 52,91% |
| Етничка припадност | број на барања од Македонци пратеници | | број на барања од Албанци пратеници | |
| | 169 | 73,47 % | 61 | 26,56 % |
| Политичка припадност | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | |
| | 157 | 68,26 % | 73 | 31,73% |

**1.2** Од барателите, во споредба со 2014 година кога вкупно барале 25 пратеници, вкупно 45 пратеници барале истражувачки услуги во 2015 година, што е 36,5% од вкупниот број на пратеници во Собранието. Од нив, 32 пратеници за прв пат побарале истражувачка услуга додека преостанатите 13 по втор или повеќе пати. Вкупно 62 различни пратеници барале услуги за анализа и истражување од кога Парламентарниот институт станал оперативен (Мај 2014), или 50,40 % од вкупниот број на пратеници.

[22] Индикатор 2.1 од Стратешкиот план предвидува 40 анализи, 2 проактивни и 1 студија

*Табела 2. Структура на пратеници кои поднеле барање за истражување*

| Структура на пратеници кои поднеле барање за истражување до Парламентарен институт 10.05.2014 до 17.10.2016 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на пратеници кои барале истражувачки услуги | | | | |
| **62** | | | | |
| Полова структура | пратенички | | пратеници | |
| | 25 | 40,32 % | 37 | 59,67 % |
| Етничка припадност | Пратеници македонци | | Пратеници албанци | |
| | 48 | 77,41 % | 14 | 22,58 % |
| Политичка припадност | Пратеници од владејачко мнозинство | | Пратеници од опозиција | |
| | 41 | 66,12 % | 21 | 33,87 % |

**1.3** Во периодот на известување беа изработени сите планирани проактивни истражувачки работи:

1. Производство и трговија со вино во Република Македонија;
2. Правично и фер судење како дел од основните човекови слободи и права;
3. Компаративен преглед на Извештаите на Европската комисија за оствареniot напредок на Република Македонија по поглавја за периодот 2009 - 2015 година;
4. Избрани макроекономски индикатори 2005 - 2015 - Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Македонија;
5. Можностите на лицата со попреченост во користење на активното избирачко право и употребата на задолжителни квоти на изборите за лицата со попреченост;
6. Мерки за надминување на аерозагадувањето во градовите.

**1.4** Во функција на вмрежување со истражувачките служби од парламентите во регионот, на 19 ноември 2015 година во Скопје, беше одржана регионална конференција, во просториите на Парламентарниот институт, на која учествуваа претставници, истражувачи од парламентите на Албанија, Србија и Косово, а беа поканети и парламентите на Бугарија и Грција. Беше изработена заедничка студија на тема „Разбирање на работата и користа на истражувачката служба во парламентот", која на конференцијата беше презентирана. Активноста се смета на зачеток на регионална мрежа за размена на парламентарни информации.

**1.5** Во функција на вмрежување со истражувачките служби од парламентите во регионот, на 8 јули 2016 година во Скопје, беше одржана регионална конференција, во просториите на Парламентарниот институт, на која учествуваа претставници, истражувачи од парламентите на Албанија, Косово, Црна Гора, Словенија, а беа поканети и парламентите на Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина и Грција. Беше изработена заедничка студија на тема

„Ефектите на мигрантската криза во државите на југоисточна Европа", која на конференцијата беше презентирана. Активноста се смета на зачеток на регионална мрежа за размена на парламентарни информации.

**1.6** Во функција на зајакнување на експертизата на вработените по пат на размена на искуства со парламентите од други европски држави беше изработена заедничката истражувачка работа со Парламентарниот институт на Словачкиот Национален Совет. Промоцијата на студијата "Изборно законодавство (избрани аспекти и држави)", се случи на 31 август 2015 година во просториите на Парламентарниот институт, при што присуствуваа пратеници од владејачкото мнозинство и опозицијата, како и бројни гости и амбасадори. Ваквата интеракција помеѓу пратениците беше прва по комплетирањето на составот на Собранието и враќање на опозицијата од 1ви септември 2015 година. Настанот придонесе експертската дебата по изработената студија да се одвива во законодавниот дом.

**1.7** Со цел да се воспостават канали на комуникација и размена на искуства со експертски организации на граѓанското општество, Парламентарниот институт, изготви заедничка студија на тема "Добри практики во парламентарниот надзор на безбедносно разузнавачките служби" со локална невладина организација. Изготвениот материјал беше доставен до сите членови на комисијата за надзор над работата на разузнувачките служби и Комисија за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите.

**1.8** Врз основа на изготвените проактивни истражувачки работи беше составена "Збирка на проактивни истражувачки работи" на македонски јазик 100 примероци, на албански јазик 50 примероци и на англиски јазик 50 примероци, која се објави во 2016 година заедно со, "абстракти" од 20 подготвени анализи кој ке бидат објавени како еден документ.

**1.9** Во делот на другите активности за истражување, беа одговорени вкупно 126 прашалници кон Европската мрежа за парламентарни истражувања и документација, Интерпарламентарната унија, меѓународната франкофонија како и барања од други истражувачки служби од парламентите со кои соработува Парламентарниот институт.

**1.10** Во делот на мониторинг и евалуација, во 2015 година беше набавен софтвер за мерење на задоволството од услугите на корисниците, како on line платформа за подготвување на прашалници по кои корисниците ќе имаат можност на системски начин да ги кажат забелешките и мерките за подобрување.

**1.11** Администрирањето на сите активности во делот на истражување и анализа го вршат 10 вработени од предвидени 13 работни позиции.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА УЛОГАТА НА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ ВО СИСТЕМОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ ВО ДРЖАВАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

a. Со цел да се идентификуваат потребите, темите и методите за обуки во јануари 2015 година беше развиен *Прашалник за утврдување на потребите од обуки* за Службата на Собранието кој беше дистрибуиран до сите организациони единици во Службата на Собранието. Врз основа на прашалникот во февруари беше донесен и усвоен од Управувачкиот совет, *Годишниот план за спроведување на обуки од Парламентарниот институт, како рамка за* спроведување активности за едукација и информирање на пратениците, вработените во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во Канцелариите за комуникација со граѓаните.

*Табела 3. Анализа на потребите за обуки од спроведениот прашалник*




b. На 31 август 2015 година, беше спроведена „Воведна сесија на новоизбрани пратеници" во Салата „Борис Трајковски" на која присуствуваа **30** пратеници. Новоизбраните пратеници имаа можност да се запознаат со услугите на Парламентарниот институт, правата и должностите на пратениците, постапката за донесување на закони и други акти во Собранието, како и стручно-административната поддршка која може да ја добијат од Службата на Собранието.

c. Согласно утврдените потреби беа спроведени 9 обуки за вработените во Службата на Собранието на тема "Унапредување на информатичките вештини", кои беа застапени со 70 учества. Обуката беше реализирана како избор од две конкретни теми: Табеларни пресметки и графици (основно и напредно ниво) и Креирање на презентација и вештини на презентирање.

d. Во функција на интеграција и соработка на Парламентарниот институт со останатите сектори во Службата на Собранието, беше организирана обука на тема: „Раководење и развој" во периодот од 3ти до 5ти април 2015 година, во Маврово. На обуката беа присутни вкупно 40 вработени. Предавачи на обуката беа тројца вработени во Службата на Собранието од кои двајца вработени од Парламентарниот институт. Следна работилница на тема „Комуникација, етика, истражување, законодавна архива и собраниска библиотека" се одржа од 14 - 16 април 2016 година, во Гевгелија, на која учествуваа 37 вработени. Предавачи на работилницата беа обучувач од СЕАВУС, двајца вработени од Парламентарниот институт, еден вработен во Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Скопје и двајца вработени во Државниот архив на Република Македонија. Работилницата на тема „Стратешко планирање во парламентите", се одржа од 23-25 јуни 2016 година, во Охрид, на која што учествуваа 40 вработени од службата на Собранието. Предавачи на работилницата беа од Парламентарниот институт, од Центарот за управување со промените и од Агенцијата за администрација.

e. Во согласност со Планот за активности, на 10 и 12 март 2015 година, во Едукативниот центар беа спроведени "Еднодневни обуки за асистентите во Канцелариите за контакт со граѓаните" каде присуствуваа 47 од вкупно 55 асистенти, односно 85,45%. Обуката беше следена со интерес и вклученост на учесниците, споделувајќи го своето искуство меѓу себе, додека предавачите од Парламентарниот институт ги покрија темите за подобрување на контактите со граѓаните, практични совети и информации, идните чекори за подобрување на работата на канцелариите и понатамошна соработка. Дополнително, учесниците изразија потреба за континуитет во одржувањето на обуките.

Во согласност со Планот на активности на Парламентарниот институт, на 22 јуни 2016 година, во Едукативниот центар на Парламентарниот институт беше спроведена обука на тема „Презентација на услугите на Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија" за надворешните соработници на пратеничките групи, а на 14-15 октомври 2016 година, во Струмица, се одржа работилница на тема ,,Номотехника, ресурси за работа и меѓународни искуства за работа на асистентите на пратеничките групи‘‘.

f. Во функција на едукација на различни целни групи од јавноста, во март 2015 година, беа подготвени Програмата за семинари за ученици од основни училишта, и Програмата за семинари за ученици од средни училишта во Република Македонија. Истите претставуваат програмска основа за активности за подигање на свеста за улогата на законодавната власт во системот на организација на власта во Република Македонија.

Согласно усвоената Програма за семинари реализирани се десет еднодневни семинари за ученици од 43 основни и средни училишта од 15 градови од Република Македонија на тема Демократијата и Собранието.

| датум на одржување | тип на училиште | училиште | град/ општина | ученици машки | ученици женски | ученици вкупно | наставници | вкупно учесници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| петок, 17 јули 2015 | основно | ОУ Мирче Ацев | Скопје/ Ѓорче Петров | 12 | 18 | 30 | 2 | 32 |
| петок, 20 ноември 2015 | основно | Димитар Македонски, Св.Кирил и Методиј, Исмаили Ќемали, Х.Тодоровски Карпош, Тихомир Милошевски, Вера Циривири Трена | Лисиче, Центар, Чаир, Карпош, Ѓорче Петров | 8 | 22 | 30 | 6 | 36 |
| петок, 04 декември 2015 | средно | СУГС Георги Димитров, СУГС Гимназија Орце Николов, СУГС Арсени Јовков, СУГС Гимназија Раде Јовчевски-Корчагин, СУГС Гимназија Јосип Броз Тито | Скопје | 7 | 18 | 25 | 5 | 30 |
| четврток, 17 декември 2015 | факултет | Правен факултет Јустинијан Први - правни студии и новинарство | Скопје | 10 | 11 | 21 | 1 | 22 |
| петок, 19 февруари 2016 | основно | ООУ Св. Климент Охридски-Драчево, ООУ Св. Климент Охридски-Бутел, ООУ Васил Главинов, ООУ Кирил и Методиј, ООУ Бајрам Шабани | Тетово, Куманово, Велес и Скопје | 17 | 9 | 26 | 5 | 31 |
| петок, 11 март 2016 | средно | Гимназии :Зеф Луш Марку-Скопје, Мирче Ацев-Прилеп,Гостивар-Гостивар, Никола Карев-Скопје,Панче Арсовски-Скопје | Прилеп, Гостивар, Скопје | 12 | 13 | 25 | 5 | 30 |
| петок, 08 април 2016 | основно | ООУ „Кузман Шапкарев“, ЦОУ „Врапчиште“, ОУ „Тоде Хаџи-Тефов“, ОУ „Кирил и Методиј“, ОУ „Јахја Кемал“ | Кавадарци, Врапчиште, Свети Николе, Скопје | 8 | 15 | 23 | 7 | 30 |
| петок, 13 мај 2016 | средно | СОУ Ванчо Прке Виница, СОУ „Љупчо Сантов“ Кочани, СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка, ОСУ„Дрита“ Кичево, СУГС „Кочо Рацин“ Скопје | Скопје, Кочани, Крива Паланка, Виница, Кичево | 13 | 11 | 24 | 6 | 30 |
| петок, 23 септември 2016 | средно | СОУ Јане Сандански - Струмица, СУГС Лазар Танев-Скопје, СОУ Славчо Стојменски - Штип, СОУ Кочо Рацин - Велес, Сами Фрашери - Куманово | Скопје, Велес, Струмица, Штип, Куманово | 9 | 14 | 23 | 5 | 28 |
| петок, 21 октомври 2016 | основно | ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе, ООУ „Исмаил Ќемали“ Гостивар,ООУ „Гоце Делчев“ Штип, ООУ „26 Јули“ Скопје, ООУ „Петар Здравковски- | Штип, Гостивар, Свети Николе и Скопје | 6 | 19 | 25 | 4 | 29 |

Присутните ученици низ теоретски предавања, видео проекции и работилници ги утврдија и проширија своите знаења за демократијата, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој во Македонија, за принципот на поделба на власта и за местото и улогата на Собранието во политичкиот систем на Републиката.

g. Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт организира и спроведува Отворен ден на Собранието на Република Македонија, што претставува можност за граѓаните да го разгледаат свечениот дел на Собранието и да ја разгледаат внатрешноста на зградата како значајно историско обележје на македонската државност. Собранието е отворено за посета секој последен

петок во месецот со известувања за јавноста преку веб-страницата на Собранието, собранискиот телевизиски канал, како и преку социјалните мрежи Facebook и Twitter. Во извештајниот период, почнувајќи од април 2015 година, реализирани се 16 "отворени денови" на кои интерес да го посетат Собранието, покажаа граѓани, училишта и граѓански организации, при што Собранито го посетија вкупно 5536 посетители. Со оглед на тоа што се обезбедени инфраструктурни услови во Собранието, успешно се организираше и посетата на лица со физички хендикеп.

*Табела 4. Преглед за спроведените отворени денови на Собранието на Република Македонија*

| датум | временска рамка | број на групи | град/ општина | целни групи | | | | | | учесници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | факултети | градинка | основно | средно | граѓани | Вк. | машки | женски | вкупно |
| петок, 24 април 2015 | 10:00 - 14:00 | 8 | | | | 249 | 25 | 5 | 279 | 135 | 144 | 279 |
| петок, 22 мај 2015 | 10:00 - 15:30 | 11 | Скопје Кочани Прилеп | | | 261 | 126 | 56 | 443 | 194 | 249 | 443 |
| петок, 26 јуни 2015 | 10:00 - 12:00 | 2 | Скопје | | | 0 | 12 | 15 | 27 | 12 | 15 | 27 |
| петок, 31 јули 2015 | 09:00 - 09:30 | 1 | Скопје | | | | | 5 | 5 | | 5 | 5 |
| петок, 25 септември 2015 | 10:00 - 15:30 | 10 | Скопје с. Желино | | | 363 | 44 | 21 | 428 | 174 | 254 | 428 |
| петок, 30 октомври 2015 | 09:45 - 16:00 | 13 | Скопје с. Булачани | | 41 | 396 | 0 | 68 | 505 | 224 | 281 | 505 |
| петок, 20 ноември 2015* | 14:30-15:00 | 1 | Крива Паланка | | | 29 | | | 29 | 16 | 13 | 29 |
| петок, 27 ноември 2015 | 10:15 - 15:30 | 15 | Скопје | 62 | | 522 | 64 | 6 | 654 | 291 | 363 | 654 |
| петок, 25 декември 2015 | 9:45 - 16:00 | 10 | Скопје, Штип, Струмица, Пробиштип | 104 | 94 | 260 | 57 | 5 | 520 | 211 | 309 | 520 |
| петок, 29 јануари 2016 | 9:45 – 16:15 | 13 | Скопје Студеничане | | 46 | 350 | 254 | 3 | **653** | 314 | 339 | **653** |
| петок, 26 февруари 2016 | 09:45 - 15:30 | 12 | Скопје | 16 | | 204 | 284 | 4 | **508** | 302 | 206 | **508** |
| петок, 25 март 2016 | 09:45 - 16:15 | 9 | Скопје Куманово | | 20 | 120 | 145 | 48 | **333** | 129 | 204 | **333** |
| петок, 29 април | 10:00 – 16:15 | 9 | Скопје | 22 | | 284 | | | **306** | 131 | 175 | **306** |

* организирана тура по барање

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| петок, 27 мај | 10:00 – 13:30 | 4 | Скопје | | 1 | 22 | 96 | 15 | **134** | 57 | 77 | **134** |
| петок, 24 јуни | 10:00-10:30 | 1 | Скопје | | | | | 1 | **1** | | 1 | **1** |
| петок, 29 септември | 10:00 - 15.30 | 4 | Скопје | 3 | | 167 | | | **170** | 76 | 94 | **170** |
| петок, 28 октомври | 10:00-16:30 | 14 | Скопје | | | 320 | 238 | 12 | **570** | 332 | 238 | **570** |
| | | | | | | | | | | | Вкупно | **5536** |

График 1 на посетителите на Отворен ден на Собрание на Република Македонија според целни групи







h. Во функција на воспоставување на соработка, размена на информации и консултирање со организациите на граѓанското општество, на 27 март 2015 година, беше одржана тркалезна маса на тема "Можностите за соработка помеѓу Парламентарниот институт и организациите на граѓанското општество", на која што присуствуваа 28 претставници од 23 граѓански организации.

Во текот на настанот беа претставени организацијата и можностите за соработка меѓу Парламентарниот институт и граѓанските организации, особено во контекст на размена на референци за информации во делот на подготовка на анализи и извештаи за потребите на пратениците.

i. Во мај, Парламентарниот институт организираше ликовен конкурс за ученици од основните училишта во Скопје на тема "Демократијата и Собранието" а со цел приближување на работата на Собранието на Република Македонија до младата популација. На конкурсот се јавија само две училишта, од кои што беа испратени 11 ликовни творби. По разгледувањето на пристигнатите творби од страна на комисија за оценување, се согледа дека нема солиден одзив од страна на поканетите училишта и ликовните творби не ја отсликуваа темата од конкурсот. Причината за настанатата ситуација е најверојатно несоодветниот период на распишување на конкурсот. Како резултат на овие причини, не се изврши избор на најдобри творби, туку се констатира потребата од дополнителна реализација на активноста во поинаков концепт.

Од наученото искуство, Парламентарниот институт повторно ја организираше ликовната работилница за ученици од основните училишта со нов концепт: "Ликовна работилница на тема Собранието низ слики". Во рамките на потребата од дополнителна реализација на ликовниот конкурс, на 16 октомври 2015 година, се одржа ликовна работилница за ученици од основните училишта на град Скопје. На ликовната работилница на тема ‘‘Собранието низ слики‘‘ учествуваа 28 ученици со 8 наставници. По претходно организирана обиколка низ Собранието, учениците ги креираа своите ликовни творби во просториите на Едукативниот центар на Парламентарниот институт, со претходно обезбеден материјал за цртање. Сите ликовни творби се изложени на 14 изложбени паноа на видно место низ Парламентарниот институт.

Дополнително, Ликовните творби се употребија за креирање на промотивен материјал "Календар на Парламентарниот институт за 2016 година", кој беше дистрибуиран до пратениците, Службата на Собранието на Република Македонија, основните и средните училишта.

j. Во делот на подготовката на едукативни материјали, беа изготвени и испечатени следните информативни материјали прикажани на табелата.

| НАСЛОВ | БР. НА СТРАНИ | ПЕРИОД НА ИЗДАВАЊЕ |
|---|---|---|
| Мандат и имунитет на пратениците | 2 (А4) | декември 2013 |
| Постер за донесување на закон во редовна постапка во Собранието на Република Македонија | 1 (А4, А3) | февруари 2014 |
| Политичка контрола и надзор на Собранието над владата и другите носители на јавни функции | 4 (А3 буклет) | март 2014 |
| Историја на парламентаризмот во Македонија | 4 (А3 буклет) | април 2014 |
| Водич за услугите на Парламентарниот институт | 17 (А5) | април 2014 |
| Донесување закони во Собранието на Република Македонија | 4 (А3 буклет) | јули 2014 |
| Парламентарни избори во Република Македонија | 4 (А3 буклет) | ноември 2014 |
